Универзитет " Св. Кирил и Методиј "

Филозофски Факултет

Институт за Историја

*Просветната политика во Народна Република Македонија (1944- 1953)*

- МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Ментор:
проф. д-р Виолета Ачкоска

Магистрант:
Владимир Симов

Скопје 2010 година

# ВОВЕД

Во оваа магистерска работа, која е посветена на просветната политика во Народна Република Македонија во периодот 1944- 1953 година, ќе се обидам да дадам приказ на појавата и развојот на основното, средното и високото образование во Македонија (преку подготовките за отворање, отворањето и развојот на основните и средните училишта во Македонија, нивната бројна состојба, но и бројната состојба на учениците и наставничкиот кадар, како и за појавата и развојот на високото образование), како и на формите на народното просветување во Народна Република Македонија (преку организирањето на аналфабетски курсеви за описменување на доминантно неписмената структура на населението во НРМ и појавата и карактеристиките на т.н. народни универзитети).

Во Македонија, корените на развојот на школството потекнуваат уште од времето на Климентовата книжевна школа и Охрискиот универзитет коишто ги основал и организирал Св. Климент Охридски кој живеел и творел во втората половина на IX и почетокот на X век (околу 840-916 г.). Во периодот на Отоманската Империја и нејзината власт во XIX век, во Македонија биле создадени т.н. црковно-училишни општини, коишто самостојно ја развивале просветата и школството преку отворање на голем број училишта. Всушност во XIX век започнува организирањето на македонски училишта, кога во 1857 година била основана гимназија во Велес, а во 1869 година и педагошко училиште во Штип. Исто така, во текот на XIX век македонскиот народ водел борба против цариградската (грчката) патријаршија, бугарската егзархија и против српската пропаганда, односно се спротиставува на отворањето на нивни училишта во Македонија. Во периодот меѓу двете светски војни, како и за време на Втората светска војна и бугарско-италијанско германската окупација, македонскиот народ жестоко се спротиставил на образувањето и школувањето на туѓ јазик (српски- во периодот на српската окупација на Вардарскиот дел на Македонија, односно бугарски во периодот на бугарскиот окупаторски режим во Втората светска војна) и водел активна борба против асими-

латорската и денационализаторската политика на ненародните режими. Во текот на Народноослободителната антифашистичка војна на Македонија (НОАВМ), а особено во 1943 година, со создавањето на релативно поголема слободна територија, на подрачјето во Кичевско, Дебарца, Охридско, Дебарско односно на подрачјето од Буковиќ до Ботун и Шпиље, била создадена т.н. посебна демократска народна власт со сите атрибути на поорганизиран општествено политички живот или т.н. слободна територија во Западна Македонија. На слободната територија во Западна Македонија биле отворени првите училишта со настава на македонски јазик. При Главниот штаб на НОВ и ПОМ на Македонија биле избрани двајца референти: за народна просвета и религија, референт за народна просвета (школство) бил Петар Богданов- Кочко, а референт за прашања од областа на религијата бил свештеникот Вељо Манчевски од Дебар. Верскиот референт при Главниот штаб на НОВ и ПОМ на Македонија извршувал и извесни функции од областа на просветата и школството. На тој начин Верскиот референт при Главниот штаб на НОВ и ПОМ, во согласност со Главниот штаб и ЦК КПМ, на 4 октомври 1943 година во селото Издеглавје организирал собир на православни свештеници на којшто биле донесени голем број на значајни одлуки, меѓу кои и Одлуката во сите православни цркви целокупната администрација да се води на македонски јазик. Во услови на НОАВМ, сé до одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, за проблемите од областа на просветата и школството се грижел ЦК на КПМ и Главниот штаб на НОВ и ПОМ. На Првото заседание на АСНОМ, што се одржало на 2 август 1944 година, биле донесени значајни одлуки, а посебно значење за образованието има Одлуката со која македонскиот јазик се прогласува за службен јазик во Македонија.

Со формирањето на Демократска Федерална Македонија во рамките на југословенската федерација- Демократска Федерална Југославија, македонскиот јазик за прв пат беше прогласен за рамноправен со другите југословенски јазици, како посебен јазик, но и како државен јазик во младата македонска држава. На 2 август 1944 година на првото заседание на Антифа-

шистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), помеѓу другите фундаментални одлуки, се донесе и решение со кое македонскиот јазик се подига на степен на службен јазик на македонската држава. Ова решение имаше огромно значење бидејќи борбата на македонскиот народ за национална слобода и државност секогаш била неразделно сврзана со борбата за сочувување на сопствениот јазик, имајќи ги предвид пропагандите на соседните балкански држави и нивните настојувања за асимилација на македонскиот народ. На тој начин, во новоформираната современа македонска држава започна процес на создавање на културни, научни, просветни и други институции преку кои се овозможи непречен национален развој на македонскиот народ. За прв пат во историјата, пред Македонецот беа отворени широки патишта за творечко изразување и потврдување во сите области на трудот и животот, а во тие рамки и во областа на образованието и на националната култура.

## ГЛАВА I- Утврдување и кодификација на македонскиот литературен јазик, азбука и правопис

Претходната српска асимилација на вардарскиот дел од Македонија (1918-1941) и бугарската и големоалбанската политика во текот на Втората светска војна, го оставија школството и образованието во Македонија, во навистина хаотична состојба. Така, уште на самиот старт, новата власт се судри со масата неписмено население и со разрушена образовна инфраструктура. При тоа, просветните органи на новата власт евидентирале 297.000 неписмени лица над 10 годишна возраст, односно 67, 5 % од вкупното население во Македонија. Комисијата за утврдување на воените штети во Македонија утврдила висок степен на оштетеност на училишните објекти во целата Република. Ограничениот број на училишни згради бил делумно или во целост демолиран, а малубројните учителски и професорски кадри се наоѓале во редовите на Народноослободителната војска на Македонија и сé уште не биле демобилизирани. Ваквите околности, меѓу другото, на планот на образованието и просветата, диктирале преземање на мерки за забрзано надополнување на историската заостанатост и подигање на народот од " мракот на неписменоста " до степенот на просветена нација. [1]

Затоа, меѓу првите мерки на органите на народната власт во Демократска Федерална Македонија спаѓаше преземањето на брза интервенција најпрво за обнова на постојните, а потоа и за изградба и отворање на нови објекти и изнаоѓање соодветни форми за описменување и образование на населението. Во тие рамки, Президиумот на АСНОМ (на своето Трето заседание, од 2-5. 09. 1944 години) ги носи и првите упатства на планот на просветата каде влегувале и решенијата за организирање на аналфабетски курсеви, за отварање на учителска школа, за траењето на средното и основното образование итн. Притоа било утврдено " основната школска настава " да трае седум години додека " средната настава " да трае пет години. Во текот на

[1] В. Ачкоска, *Првите чекори на просветната политика во НРМ со посебен осврт на Велес и Велешко (1944-1950)*, Велес, Друштво за наука и уметност Велес, год VI, бр. 6, 38-39.

# *РЕШЕНИЕ*

*на Антифашиското собрание на народното ослободуене на Македонија за заведуене на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава*

Член 1

Во македонската држава како службен јазик се заведуе народниот македонски јазик.

Член 2

Ова решение влегуе веднага во сила.

Во манастирот „Св. отец Прохор Пчински", на ИЛИНДЕН 2 август 1944 год(ина).

За Антифашиското собрание на народното ослободуење на Македонија.

*Секретар:*
*Љупчо Д. Арсов, ср.*

*Претседател:*
*Методи Андонов-Ченто, с.р.*

*АМ. - Фонд АСНОМ, 1944 г.*

месец септември 1944 година, Поверенството за просвета со циркуларно писмо се обраќа до обласните народноослободителни одбори со барање да ги забрзаат подготовките за отворање на училиштата во рамките на својата територија. Отварањето на овие први македонски училишта претставуваше оживотворување на прокламираната политика на новата власт и затоа тие играат повеќекратна, како просветна така и политичко-мобилизаторска улога. Во таквите услови и зацртаните цели на просветната политика се поттикнуваат активности на концепирање и реализирање на основното воспитание и образование и неговото побрзо прераснување од четиригодишно на седумгодишно и осумгодишно задолжително образование и воспитание за целата генерација од 7-15 годишна возраст, ликвидирање на основата на неписменоста и непросветеноста, ширење на мрежата на основните училишта и зголемување на опфатот на генерациите во основното воспитание и образование. Тоа беше напорен пат на совладување на заостанатоста и издигнување на општокултурното ниво на населението, заедно, се разбира, со менувањето и на неговата социо-економска структура и создавање широка образовна основа за натамошно образование и за подготвување на генерациите да се вклучат во поинтензивниот стопански и друг подем на земјата. Заради таквите потреби на изградбата на новата стопанска инфраструктура, забрзано се основаа поголем број средни училишта, а подоцна се приоѓа и кон формирањето на највисоките образовни институции во тој период- факултетите.[2]

Во учебната 1944 / 45 година во училиштата во Македонија се користела т.н. Привремена азбука, којашто содржела 25 букви[3]. Од подоцна усвоената македонска азбука недостасувале: Ѓ, Ѕ, Љ, Њ, Ќ и Џ. Биле правени напори за совладување на присутните проблеми во врска со донесувањето на македонската азбука. Од август до средината на декември 1944 година, Президиумот на АСНОМ пристапил кон решавање на низа проблеми од

---

[2] В. Ачкоска, *Првиӣе чекори на...*, стр. 39-40.

[3] Привремената македонска азбука ги содржела следните букви: А, Б, В, Г, Д, Е, Ж, З, И, Ј, К, Л, М, Н, О, П, Р, С, Т, У, Ф, Х, Ц, Ч и Ш.

областа на организацијата на наставата во училиштата.[4] Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ именувало посебна комисија од најдобри познавачи на македонскиот јазик со задача да работат на утврдување, т.е. на установување на македонскиот литературен јазик, азбука и правопис. Комисијата била назначена во следниот состав: Ристо Проданов, д-р Ѓорѓи Шоптрајанов, д-р Михајло Петрушевски, Васил Иљоски, Ѓорѓи Киселинов, Ристо Зографски, Даре Џамбас, Венко Марковски, Мирко Павловски, Крум Тошев и Блаже Конески. [5]Потоа, била отворена Филолошка конференција за македонската азбука и македонскиот литературен јазик, која, во просториите на Градскиот НОО- Скопје, работела од 27 ноември до 4 декември 1944 година. Повереникот на Поверенството за просвета Епаминонда Попандонов, меѓу другото истакнал:

" Драги другари, ја отворам денешната историска конференција, која е единствена по своето значење, оти за првпат во историјата на нашиот македонски народ се постави прашањето за македонската азбука и за македонскиот културен, литературен јазик. Нашиот народ, през долговековното ропство, не е бил третиран како народ и това само со намерение да биде плачкан од балканските империалистички и други клики, со намерение да биде експлоатисан..., неговото живо народно тело да биде раскинато на три дела... На македонскиот народ не му се даваше да има своја писменост, не му се даваше да има свои книги, не му се позволаваше дури да има еден лист за културни нужди... Ние денеска имаме своја држава, нашиот народ е признат како народ и од денеска судбината на изградуење на македонската држава, за културното подигање и напредок е во неговите раце. Разбира се, за да еден народ биде културен народ, нему му е потребно културно развивање, а това пак не може да биде без писменост, без азбука... Еден од елементите што ја чини нашата нација, това е и јазикот. За това, ние треба денеска да ги положиме основите на нашата писменост, и на нашата книжевност, установувајќи македонска азбука и македонски литературен јазик. За исполнение на

[4] Б. Конески, *За донесувањето на македонската азбука и правопис*," Македонски јазик " I, 5, Скопје 1990, 100.
[5] Државен Архив на Република Македонија (ДАРМ) , фонд: АСНОМ, 1944, к. 8

таа задача ние треба, значи, да се раководиме од интересите на нашиот македонски народ...".[6]

Последниот ден, на 4 декември 1944 година, Филолошката комисија ја завршила работата со усвојувањето на Резолуција, во која покрај другото се вели: " ... Ние не сме се собрале да измислуеме некаков јазик, ами да ги регистрираме законите и формите на онова македонско подрачје, које е земено како основа на националниот македонски книжевен јазик. Се согласивме сите дека това наречје е централното наречје...". [7] Значи, за основа на современиот македонски литературен јазик, Комисијата ги зема централните македонски говори. Резолуцијата била едногласно усвоена и потпишана од сите членови на Комисијата, присутни последниот ден од работата.[8]

Президиумот на АСНОМ на својата седница одржана на 7 декември 1944 година, го разгледала и " Докладот по Резолуцијата на Комисијата за македонската азбука ". Со донесувањето на Резолуцијата и со изработувањето на Елаборатот, Комисијата практично ја завршила доверената задача. Работата на Комисијата за кодификација на македонскиот литературен јазик била позитивно оценета од Президиумот на АСНОМ. Меѓутоа, Президиумот на АСНОМ одлучил нејзините ставови вткаени во Резолуцијата и во Елаборатот, да не се публикуваат додека зад нив не застане некој поголем научен авторитет. Карактеристично е тоа што, по јавната дискусија по повод Резолуцијата, членовите на Президиумот на АСНОМ зазеле став да бидат консултирани и двајца авторитетни советски научници, академиците С. Б. Бернштејн (славист) и Н. С. Державин (историчар) кои, уште во годините непосредно пред Втората светска војна, поточно во 1934 година, покрај другото, пројавиле голем интерес и за проучувањето на прашањето за

---

[6] Архив на МАНУ, фонд " Јован Костовски ", Стенографски белешки од конференциите на Филолошката комисија за установување на македонската азбука и македонскиот литературен јазик, 1-2; Види: Епаминонда Попандонов, *Почетоци за втемелување на македонскиот правопис литературен јазик*, " Просветен работник ", XXII, 415, Скопје 1974, 5.

[7] Б. Конески, *За донесувањето..*, стр. 101.

[8] ДАРМ, фонд АСНОМ, 1944, к. 8.

македонскиот јазик.[9] На 8 декември 1944 година, ЦК КПМ, со писмо бр. 30, се обратил до ЦК на КПЈ, со цел тој да помогне да дојдат во Македонија советските научници Державин и Бернштејн, за да помогнат во конечното разрешување на проблемот поврзан со македонската азбука и литературен јазик. Во писмото до ЦК на КПЈ меѓу другото се вели: " До доаѓањето на Н. С. Державин и на С. Б. Берштејн во Македонија, не би било лошо да ни испратите некој добар филолог од Белград, кој би работел извесно време со нашиве ". На крајот на декември 1944 година, за референт на Комисијата за македонски јазик бил поставен Воислав И. Илиќ (тогаш Воислав Илиевски), којшто бил роден 1916 година во Дебар, но животните текови го одвеле во Белград. Неговото доаѓање од Белград во Скопје било во врска со поставеното барање на ЦК на КПМ до ЦК на КПЈ да им испрати некој добар филолог. Должноста ја презел од д-р Михајло Петрушевски, кој морал околу 15 јануари 1945 година да замине за Белград.

Бидејќи очекуваните советски научници не дошле, за дефинитивно разрешување на македонското јазично прашање се зазел и Агитпроп на ЦК на КПМ.[10] Поради тоа, а не поради некаква слабост на Првата јазична комисија, Повереноството за просвета, на 15 февруари 1945 година, ја формирало новата, Втора, јазична комисија, која работела во следниот состав: Блаже Конески, Венко Марковски, Даре Џамбас, Воислав Илиќ, д-р Ѓорѓи Шоптрајанов, Владо Малески, Ванчо Бурзевски, Лазар Мојсов, Димитар Влахов, Веселинка Малинска, Лилјана Чаловска, Иван Мазов, Димче Мире, Киро Миљовски и други.[11] Како Првата, така и Втората јазична комисија, свесна за својата одговорност, пристапила со сета сериозност кон решавање на поставената задача. На повеќе состаноци и на една јазична конференција, што била одржана во средината на март 1945 година, сестрано го разгледала прашањето за азбука и правопис. Во работата на таа конференција, по директи-

[9] АСНОМ, I, кн. 1, док. 169, 383-385,

[10] Во Агитпроп на ЦК на КПМ членови биле: Веселинка Малинска- шеф, Густав Влахов, Лазар Мојсов, Киро Хаџивасилев, Венко Марковски, Лилјана Чаловска и Илија Топаловски.

[11] Д-р С. Ристески, *Создавањето на современиот македонски литературен јазик*, Скопје, 1988. стр. 167- 176.

ва на Милован Ѓилас, раководител на Агитпроп при ЦК на КПЈ, учествувал и Радован Зоговиќ, кој бил многу упорен, со цел да го наметне своето мислење.[12] Бидејќи во врска со прашањето на јазикот, на конференцијата била усвоена Вуковата азбука, дополнета со буквата S, таа одлука предизвикала голем револт кај поголем број интелектуалци и раководни луѓе од Македонија. За да се разреши споменатиот проблем, една група, составена од Веселинка Малинска, Блаже Конески и Венко Марковски, пристигнала при Агитпроп на ЦК КПЈ во Белград, каде што била постигната начелна согласност во врска со македонската азбука. По нејзиното враќање била формирана нова- Трета, јазична комисија, која имала филолошко-претставнички карактер, што не било карактеристично за претходните две јазични комисии.[13] Членови на Третата комисија за кодификација на современиот македонски литературен јазик биле: Венко Марковски- поет, Блаже Конески- писател, Густав Влахов-публицист, Владо Малески-директор на Радио Скопје, Киро Хаџивасилев-публицист, Иван Мазов-уредник на " Млад борец ", Васил Иљоски- директор на гимназија, Крум Тошев- раководител на стручните училишта, Мирко Павловски- професор и Илија Топаловски- началник на пропагандното одделение при ГШ на НОВ и ПОМ.[14] По долги дискусии, Третата комисија за јазик и правопис на 3 мај 1945 година, конечно, ја утврдила македонската азбука и по тој повод донела Резолуција.[15] Во Резолуцијата по прашањето за македонската азбука, меѓу другото, се велело дека при утврдувањето на азбуката биле земени предвид сите дотогашни дискусии водени по неа. Предложената македонска азбука има 31 буква и тоа: А, Б, В, Г, Д, Ѓ, Е Ж, З, S, И, Ј, К, Л, Љ, М, Н, Њ,О, П, Р, С, Т, Ќ, У, Ф, Х, Ц, Ч, Џ и Ш.

На 3 мај 1945 година Народната влада на Македонија на своето заседание го усвоила предлогот од Третата комисија за јазик и правопис и донела Реше-

---

[12] Н. Јурукова, *Основнот̄о восӣит̄ание и образование во Македонија (1944-1950),* Скоӣје 1990 стр. 102.
[13] Н. Јурукова, *Основнот̄о восӣит̄ание и образование..,* стр. 102.
[14] С. Ристески, *Создавањет̄о на современиот̄ ...,* стр. 185-190.
[15] Н. Јурукова, *Култ̄урно-ӣросвет̄ни...,* стр. 78.

# РЕШЕНИЕ НА НАРОДНАТА ВЛАДА НА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА ЗА МАКЕДОНСКАТА АЗБУКА[891]

3 мај 1945 г.

На своето заседание од 3. V. 1945 год. Народната влада на демократска федерална Македонија, по предложение на Комисијата за јазик и правопис при Министерството на просветата го донесе следното:

*Решение*
*за македонската азбука*

Чл. 1

Македонската азбука има 31 буква. Тие се:

РАКОПИСНИ БУКВИ



ШТАМПАНИ БУКВИ

А а Б б В в Г г Д д Ѓ ѓ
Е е Ж ж З з Ѕ ѕ И и Ј ј
К к Ќ ќ Л л Љ љ М м
Н н Њ њ О о П п Р р
С с Т т У у Ф ф Х х
Ц ц Ч ч Џ џ Ш ш

Чл. 2

Овоа решение влегуе во сила од денот на објавуењето.

*Министер на просветата:*
*Н. Минчев, с.р.*

*Претседател на Народната влада:*
*Л. Колишевски, с.р.*

ние за македонска азбука[16], објавено во празничниот број на весникот " Нова Македонија ", два дена подоцна, т.е. на 5 мај 1945 година.[17] Донесувањето на новата македонска азбука претставува голема пресвртница во наставната работа во училиштата. Тоа е голем историски настан не само за развојот на просветата, туку и за македонската култура воопшто. На 7 јуни 1945 година било донесено решение за озаконување на македонскиот правопис, со што конечно биле поставени темелите на македонскиот литературен јазик. Правописот, а потоа и Граматиката претставувале незаменливи прирачници не само во наставата по македонски јазик, туку и во другите наставни подрачја. Со донесувањето на новата македонска азбука и со излегувањето на македонскиот правопис и граматика се создале реални можности за изработување учебници и прирачници на македонски јазик, со што дошло до издигнување и на нивото на наставата во училиштата.

Во учебната 1945 / 46 година учениците од I одделение го добиле првиот македонски буквар со читанка. Во 1946 година Министерството за просвета на НРМ донело нов Привремен наставен план и програма за основните училишта, изработен според Рамковниот наставен план и програм на Министерството за просвета на ФНРЈ и содржел три варијанти: нормална, минимална и наставен план за училиштата на народностите. По одржувањето на Првата сојузна конференција за основното образование, во јануари 1948 година во Белград, бил донесен Сојузниот рамковен наставен план и программа за работа во седумгодишните основни училишта, а врз основа на него и Републички, кој во Македонија започнал да се применува од учебната 1948/49 година. И покрај тоа што наставната работа во училиштата се одвивала во специфични околности, сепак, не изостанал очекуваниот успех на учениците и на учителите. Посебно внимание во училиштата било посветувано и на сло-

[16] ДАРМ, фонд: Министерство за просвета на НРМ (1945-1951) (во понатамошен текст за фондот на Министерството за просвета на НРМ (1945-1951) ќе ја употребувам сигнатурата на фондот: 170), к.7, ае. 1/1. Решение за македонската азбука, донесено од Народната влада на Федерална Македонија, со објаснување на новите букви и темните гласови во азбуката.

[17] Во основа, донесувањето на новата македонска азбука претставува голема пресвртница во наставната работа во училиштата. Тоа е крупен историски настан не само за развојот на просветата, туку и за македонската култура воопшто.

бодните активности, а нивниот часовен фонд значително бил збогатен. Покрај приредбите што ги организирале учителите со учениците, мошне сугестивен впечаток оставале организираните фестивали на народни песни и игри, ревии на музички, пејачки, драмски и играорни групи. Учителот бил задолжен не само да ја организира и изведува наставата во училиштето, туку се јавувал и во улога на организатор на забавниот и културно-просветен живот во градот или во селото каде што работел. За извршувањето на поставените општествени задачи, работниот ден на учителот мошне често започнувал во 7 часот наутро, а завршувал доцна навечер, во 22 часот. Сите овие активности придонесувале за збогатување и развој на разни форми на културно-просветниот живот на Македонија.

## ГЛАВА II- Подготовки, отворање и развој на основните училишта

При отворањето на основните училишта, Президиумот на АСНОМ-Поверенство за просвета, се судрило со бројни проблеми. Се чувствувала голема потреба од наставен кадар. Овој проблем бил особено тежок. Македонија пред конечното ослободување имала само околу 337 учители и околу 140 професори- Македонци.[18] Со толку мал број наставен кадар била извршена организацијата на основното и средното образование. Во почетокот на првата учебна година 1944 / 45 година, околу 90. 000 деца во основните училишта требало да бидат опфатени. За да се постигне тоа требало да има над 2. 500 учителски кадри.[19]

Со цел да се обезбедат наставни кадри за изведување настава во новоотворените училишта, биле ангажирани лица со разновидни училишни квалификации и со разновиден степен на образование. Ангажирани биле во прв ред студенти и завршени матуранти од гимназиите, како и ученици со завршен V, VI, VII и VIII клас гимназија или некое друго средно училиште, дури и лица со завршена мала матура и сл. Мошне тешка била положбата со наставен кадар во основните училишта со албански и турски наставен јазик. За изведување настава во овие училишта биле ангажирани лица со мала матура, со по некој клас гимназија или друго средно училиште или медреса, а не бил мал бројот на лицата назначени за наставници со завршено четиригодишно основно училиште.[20]

Со цел да се ублажи проблемот, Президиумот на АСНОМ се обратил до штабовите на воените подрачја за ослободување лица од воена обврска, со цел да бидат назначени за просветни работници во основните училишта.

За да се задоволат потребите од наставен кадар за училиштата на слободната територија во Македонија, органите на народната власт, уште во

---

[18] Н. Јурукова, *Културно-просветни појави и процеси во Македонија (1944-1953)*. Скопје 2003, стр. 53

[19] ДАРМ, фонд 170, к. 12, ае. 38/402-403, Извештај и план за претстојните задачи и работа на Министерството за просвета на НРМ на полето на школството и општонародното просветување од 31 декември 1945.

[20] ДАРМ, фонд 170, к. 10, ае. 48/ 23-26, Анализа за развојот на просветата во Македонија од 1944- 1947.

септември 1944 година, пристапиле кон организирање на неколкудневни учителски курсеви.[21] Така, во село Нижеполе- Битолско бил организиран краток семинар со практични предавања на неколку средношколци кои уште таму биле назначени за учители во првите отворени основни училишта во Битолската околија. Овој учителски курс бил организиран и раководен од учителот Илија Јанкуловски, кој по ослободувањето на Битола бил назначен за прочелник на Околискиот НОО просветен оддел Битола. На курсот Јанкуловски одржал практични предавања, а зборувал и за значењето и улогата на наставата по македонски јазик. На курсот учествувале Ленче Димитровска, Јованка и Александар Стефановски, Вељо Јожев, Александра Миленкова и други. Вакви учителски курсеви кои траеле по неколку дена биле одржувани ширум Македонија. Прв посистематски и мошне добро организиран учителски курс во Македонија бил курсот во селото Серменин, одржан од 23 до 31 октомври 1944 година. [22] Курсот претставувал прва поорганизирана педагошка институција за времени учители во Македонија. Во средината на ноември 1944 година, во Прилеп, Околискиот просветен оддел организирал учителски курс за времени учители. Со курсот раководел околискиот прочелник за просвета Стојан Верјановски. Настава посетувале 80 курсисти.[23] Кон средината на ноември 1944 година, во Битола бил организиран петнаесетдневен учителски курс. Работел во основното училиште " Кирил и Методиј ". На курсот проф. Љубен Лапе (родум од Прилеп), држел предавање по историја; Филип Каваев (учител од Струга), по македонски јазик; Трајан Делов (професор, родум од Битолско), по психологија;и Велко Петровски- Паскали (родум од Битола), по музичко воспитание. Учителот Илија Јанкуловски на курсистите повремено им го појаснувал големото значење на наставата по македонски јазик, како и тешкотиите со кои курсистите учители ќе се сретнат во извршувањето на наставно-воспитната работа. Од 10 до 24 декември 1944 година, во Народното основно училиште " Св. Богородица " во штипско Ново Село бил одржан

[21] Н. Јурукова, *Основнош̄о восий̄ание и образование..*, стр 111-113.
[22] Н. Јурукова, *Кулш̄урно-ӣросвеш̄ни...*, стр. 54.
[23] Н. Јурукова, *Основнош̄о восий̄ание и образование..*, стр 112-123.

учителски курс. За предавачи на курсот биле ангажирани Камче Коцев, Трајко Атанасков и др. Вакви учителски курсеви биле одржани и во Кавадарци, Гевгелија, Велес, Кочани, Крива Паланка и други градови.[24]

Покрај краткотрајните курсеви за времени учители, поради потребата од учителски кадри за основните училишта со подобра стручна подготовка, Министерството за народна просвета на НРМ, од летото 1945 година пристапило кон организирање на првите летни тримесечни учителски курсеви, и тоа: виши, за редовни основни учители и нижи, за времени основни учители. На овие курсеви на слушателите им се давале елементарни познавања од областа на педагогијата, дидактиката, методиката, македонски јазик, историја и други наставни предмети. Во летото 1945 година, во Македонија со квалификацијата редовен учител се стекнале 521 кандидат. Со организирањето на тримесечни учителски курсеви се продолжило и во наредните години.

Просветните органи биле свесни за потребата од училишта во кои може редовно да се школуваат идните учителски наставни кадри. Така на 1 март 1945 година, во Скопје била отворена Учителска школа, прва од таков вид во слободна Македонија и на македонски наставен јазик. Учителски школи подоцна биле отворени во Битола и Штип.

Просветните кадри при отворањето на училиштата се судрувале со проблемот од недостиг на соодветни училишни простории, недостиг на училишен инвентар и други основни училишни помагала. Но, благодарение на ентузијазмот, кој бил карактеристичен за времето, тешкотиите биле совладувани. Покрај ублажувањето на проблемот со наставен кадар, органите на народната власт извршиле адаптација на училишните згради и упис на учениците за основно образование.

По извршените први подготовки, уште во септември 1944 година, на ослободената територија во Македонија започнале со работа првите народни учи-

[24] Истото, 120-123.

лишта на мајчин македонски јазик.[25] Отворањето на првите училишта на македонски јазик било дочекано со големо задоволство од страна на македонското население. При крај на септември 1944 година и во Прилепско започнала работата на училиштата во неколку села во околијата. Веќе во октомври, пак во оваа околија работеле околу 29 основни народни училишта. Во ноември започнала работата на училиштата во Прилеп. Видни успеси при отворањето на првите македонски училишта биле забележани и во Крушево и Крушевско. Во октомври 1944 година во Крушево работело и седумгодишно основно училиште, а во Крушевската околија работеле околу 18 основни училишта. Во септември 1944 година во Тиквешко започнале да работат училишта во неколку села. Во Велешко, по отворањето на училиштата во Горно Врановци, Фојница, Ораовец, Богомила, Ореов Дол, Мокрени и Чашка, во ноември бројот на отворените училишта бил значително зголемен. Во Охридската околија, на 12 октомври 1944 година, во селото Злести проработило првото училиште на македонски јазик. Во ноември 1944 година во Гевгелиско, Валандовско и Дојранско, исто така, започнале со работа училиштата во голем број населби.[26] И во другите подрачја на Македонија биле отворани училишта и се проширувала училишната мрежа. Организирањето на основните училишта во Битолската околија започнало во месец октомври 1944, а во ноември работеле 36 училишта со 53 учители. Од 27 ноември до 3 декември 1944 година, бил извршен упис на учениците за народните основни училишта. Првите впечатоци биле изненадувачки. Бројот на пријавените ученици бил голем. На лицата на учениците им се читала големата радост бидејќи имале можност за првпат да учат на мајчин македонски јазик. Така, во Битола биле отворени 7 основни училишта. Во почетокот на декември 1944 година, во нив имало запишано вкупно 2.754

[25] Во септември 1944 година најрано започнале со работа училиштата во некои села во областа Дебарца, потоа во Мијачките села: Галичник, Гари, Осој и др; во Кичевско- Бродската околија- Дебрешка општина биле отворени училишта во пет села, а наставата ја изведувале девет учители.

[26] ДАРМ, фонд:170, к.10, ае.26/ 270-279, Информација од 30 декември 1949 година, за постигна-тите резултати на просветно поле во Македонија, со споредбени податоци за периодот од 1944 до декември 1949 година.

ученици, а бројот на паралелките изнесувал 66. По повод отворањето на училиштата во градот, во секое училиште на 4 декември 1944 година била одржана пригодна свеченост, на која, освен учениците и родителите, присуствувале и голем број граѓани. Во почетокот на јануари 1945 година во Битолско работеле 67 основни училишта, во кои биле опфатени 7.687 ученици. Во 57 основни училишта наставата се изведувала на македонски наставен јазик. Основни училишта биле отворени и за националностите кои живеат во Битола и во Битолско. На турски наставен јазик биле отворени училиштата во селата Лажец, Црнец и Трновци со вкупно запишани 56 ученици. Во Битола на 1 февруари 1945 година започнало со работа основното училиште " Адем Махмут ", во кое биле запишани 174 ученици-Турци 137. Основни училишта на албански наставен јазик биле отворени во селата Лера, Суводол и Трново, со вкупно запишани 82 ученици. На 1 февруари 1945 година, со настава на албански јазик во Битола започнало со работа основното училиште " Фахри Ибрахим ", во кое биле запишани вкупно 168 ученици, распоредени во 3 паралелки во прво одделение.

Исто така, врз основа на потпишаната Југословенско- албанска спогодба за заштита на националните права на Македонците во Албанија, во ноември 1944 година биле испратени од НРМ, а особено од Битолската област, во неколку македонски села во Мала Преспа една група на учители за изведување на настава на македонски јазик. Во училиштата се изучувале истите наставни предмети кои се изучувале и во училиштата во Македонија, т.е. мајчин македонски јазик, сметање, историја, земјопис, природознание, пеење, цртање, фискултура итн.

По ослободувањето на Скопје и околијата, со голем ентузијазам се пристапило кон организирањето на основните училишта. Во оваа активност органите на народната власт се судрувале со сериозни тешкотии. Голем број од училишните згради во градот и во селата биле онеспособени за работа како резултат од последиците на војната. Во повеќе села немало ниту училишни згради. Се преземале мерки за пронаоѓање училишен простор. За

училишта биле користени дури и приватни куќи[27], а за училиштата на албански и турски наставен јазик биле користени и " сибијан мехтеби " и сл. , кои ни оддалеку не одговарале на основните педагошки норми. [28] Посебна тешкотија претставувал и основниот училишен инвентар.[29] Од извештајот на Градскиот НОО- Просветен оддел Скопје од 25 јануари 1945 година се дознава дека на 1 декември 1944 година започнала наставната работа во 5 училишта во градот, а на 27 декември во Скопје и во неговите приградски населби биле отворени уште 9 училишта. Во почетокот на првата учебна 1944/45 година, во Скопје и во неговите приградски населби работеле 13 основни училишта, од кои 10 со настава на македонски наставен јазик, 2 на турски наставен јазик (училиштето " Тефејуз " за машки и " Ирфан " за женски деца) и 1 училиште на албански наставен јазик.[30] Наставата во основните училишта била полудневна заради немање огревни материјали.

Според податоците од еден извештај од јуни 1945 година дознаваме дека во 13 основни училишта во Скопје од I до IV одделение биле опфатени 4.576 ученици, од кои машки 2.557 ученици, а женски 2.019 ученички. Од вкупниот број на ученици од I до IV одделение биле 398 Албанци, од кои 331 машки и 67 женски; ученици Турци имало 620, од кои 340 машки и 280 женски. Овие податоци јасно укажуваат на конзервативизмот и патријархализмот кај албанското и турското население. Од V до VII одделение во основните училишта во Скопје имало вкупно 1. 747 ученици, од кои 935 машки и 812 женски.

---

[27] ДАРМ, фонд: 170, к. 10, ае. 22/259-261, Анализа на развојот на школството во НРМ од 1939/1940 до 1949/1950

[28] ДАРМ, фонд: 170, к. 8, ае.5/25-35,Анализа за работата на малцинските школи во НРМ од ос-лободувањето заклучно со 31 јануари 1949 година.

[29] ДАРМ, фонд: 170, к. 10, ае. 3/ 5-22, Извештај за работата на школите и научните институции во НРМ во периодот 1940/ 1941 до 1945/ 1946.

[30] На седницата одржана на 10 февруари 1945 година Градскиот НОО- Просветен оддел-Скопје донел решение за преименување на училиштата во градот и тоа: Училиштето " Књаз Симеун Трновски " во " Гоце Делчев "; " Иван Вазов " во " Коста Рацин "; " Отец Пајсиј " во " Свети Климент "; " Егзарх Јосиф " во " Кирил Пејчиновиќ "; " Сава Раковски " во " Цветан Димов "; " Полковник Драган " во " Тефејуз". На истата седница било решено и натаму да останат имињата на основните училишта " Св. Кирил и Методиј ", " Браќа Миладиновци ", " Најден Арсов ", " Рајко Жинзифов ", " Даме Груев " и " Ирфан ", и училиштето на албански наставен јазик " Лирија ".

На албански наставен јазик имало само 8 ученици, 6 машки и 2 женски, а ученици Турци воопшто немало во паралелките од V до VII одделение.

Истиот статистички извор говори дека во училиштата во Скопје на крајот од учебната 1944 /45 година од I до VII одделение биле опфатени вкупно 6.323 ученици, од кои 3.493 машки и 2.831 женски. Во 13-те училишта во градот наставата ја изведувале 136 наставници, од кои 62 со соодветно стручна квалификација, а 74 биле без соодветно стручно образование. Бројот на основните училишта постојано растел и во селата на Скопската околија, како и во другите околии на Македонија.

Во годините по ослободувањето бројот на основните училишта постојано растел. Во учебната 1944 /45 година во Македонија работеле 927 основни училишта, во кои биле опфатени 83. 077 ученици, а наставата ја изведувале 1.856 учители. [31]

Посебно значење за развојот на училиштата кај нас има донесувањето на " Првиот петгодишен план за развиток на основното школство во НРМ ". Според овој план, до крајот на 1951 година во основните четиригодишни училишта во Македонија требало да се опфатат 100 % од децата што подлежат на задолжително школување и да се зголеми бројот на просветните работници.[32] Во духот на Бледската спогодба помеѓу владите на ФНРЈ и НР Бугарија, при крајот на 1947 година, односно почетокот на 1948 година од НР Македонија биле испратени одреден број просветни и културни работници во Пиринска Македонија, со цел просветно и културно издигнување на населението од овој крај на мајчин македонски јазик. Владата на НРМ на 17 ноември 1948 година донела решение за задолжително опфаќање на сите деца што подлежат на задолжително школување. Министерството за просвета испраќало инструктори на теренот за укажување на директна помош на месните органи на власта во прибирањето на училишните обврзници. Со цел да се добие точна слика на бројната состојба на децата што подлежат на задолжително школување, по директива на

---

[31] ДАРМ, фонд:170, к. 26, ае. 7/ 291-309, Статистички податоци- прегледи за развојот на школството во Македонија

[32] Н. Јурукова, *Културно-просветни појави...*, стр. 61.

Министерството за просвета, околиските извршни одбори испраќале екипи по селата со задача да извршат попис. Екипите најчесто биле составени од просветни работници и од претставници на општествено-политичките организации.

Според пописот извршен при крајот на ноември и во почетокот на декември 1948 година, во основните училишта во Македонија, во учебната 1948 / 49 година требало да бидат опфатени 153. 811 ученици. При крајот на учебната 1948 / 49 година во Македонија работеле 1.208 основни училишта со 132.797 ученици. Од овие податоци произлегува дека голем број ученици не биле опфатени во училишната мрежа. Но, и покрај тоа, стои констатацијата дека во 1948 / 49 година биле постигнати забележителни успеси во опфаќањето на децата во редовните основни училишта.

Во учебната 1949 / 50 година доаѓа до зголемување на бројот на основните училишта во Македонија, а аналогно на тоа се зголемила и опфатеноста на децата кои подлежат на задолжително школување. Во оваа учебна година во Македонија работеле 1.412 основни училишта со 141.822 ученици или, изразено во проценти, 99, 5 % од училишните обврзници биле опфатени во училиштата. Во оваа учебна година околу 11. 300 деца не го посетувале редовното училиште. Меѓу причините кои влијаеле на тоа извесен број деца да останат надвор од редовните основни училишта, ќе ги напоменам и следниве: во повеќе села од разбиен тип во Скопска, Кумановска, Царевоселска (Делчевска) и други околии, немало услови за отворање училишта. Децата од тие села биле принудени да патуваат секој ден 3-4 километри за да дојдат во училиште. И затоа некои од тие деца предвреме го напуштале училиштето. Патријархалните традиции, мошне изразити, особено кај припадниците на националните малцинства (Турците и Албанците), исто така влијаеле голем број деца, особено од женски пол, да не го посетуваат редовното основно училиште. Вакви појави се забележани особено во Гостиварска, Тетовска,Кумановска, Скопска и во други околии во Македонија. Тие, секако, се одраз на верските заблуди присутни кај муслиманското население. До крајот на ноември 1950 година во Македонија, според расположливите

податоци, уште 5.794 училишни обврзници од разни одделенија не биле опфатени во училиштата. И во наредните години се зголемува бројот на училиштата и на учениците опфатени во нив. Така, во 1950 / 51 година во Македонија имало 1. 463 основни училишта.

Органите на народната власт посветиле големо внимание врз развојот на основното образование. Соочени со големиот процент неписмено население, просветните органи на власта, помогнати од општествено-политичките организации, настојувале што повеќе да се зголеми бројот на основните училишта. Основното образование се сметало за многу важно прашање. Во него, прво учениците ја добивале основата за понатамошното школување и, второ, основното училиште требало битно да придонесе во уништувањето на основниот извор за создавање неписмени. Училиштето имало видна и значајна улога во модернизацијата на производството и во по-добрувањето на културниот живот на населението.

Што се однесува до бројната состојба на основните училишта, на учениците и наставничкиот кадар (1944-1950 година) треба да се истакнат следниве статистички податоци.

- Во учебната 1944 /45 година во Македонија имало 927 основни училишта, 1.752 паралелки, 83. 097 ученици, од кои 46. 667 машки и 36.430 женски. Имало 1.856 наставници, од кои 564 со учителска школа, 291 со друга средна школа и 1.101 наставничка со нижо образование.

- Во учебната 1945/ 46 година имало 1.034 основни училишта, 2.345 паралелки, 109.185 ученици, од кои 62. 807 машки и 46. 378 женски, 1.935 наставници, од кои 465 со учителска школа, 265 со друга средна школа и 1. 205 наставници со нижо образование.

- Во 1946 / 47 имало 1. 036 основни училишта, 2. 374 паралелки, 111. 057 ученици, од кои 64. 304 машки и 46. 753 женски и 1895 наставници.

- Во учебната 1947 / 48 година имало 1.208 основни училишта, 2.892 паралелки, 130.091 ученици, од кои 73. 381 машки и 56. 710 женски, 2. 109 наставници, од кои 1 со виша педагошка школа, 992 со учителска школа, 80 со друга средна школа и 1.036 наставници со нижо образование.

- Во учебната 1948 / 49 година имало 1. 239 основни училишта, 2.894 паралелки, 132.797 ученици, од кои 72. 350 машки и 60. 447 женски, 2.108 наставници, од кои 998 со учителска школа, 15 со друга средна школа и 1.095 наставници со нижо образование.

- Во учебната 1949 / 50 година имало 1. 417 основни училишта, 2. 894 паралелки, 141.822 ученици, од кои 75.727 машки и 66.095 женски, 2.437 наставници, од кои 968 со учителска школа, 27 со друга средна школа и 1.442 наставници со нижо образование.

- Во учебната 1950/51 година имало 1.463 основни училишта, 3. 430 паралелки, 143. 087 ученици, од кои 75. 548 машки и 67. 539 женски, 2. 548 наставници, од кои 820 со учителска школа, 203 со друга средна школа, и 1.534 наставници со нижо образование. [33]

Горните статистички податоци сведочат за големата динамичност што се забележува и во движењето на бројот на учениците во основните училишта. Во учебната 1950/51 година бројот на учениците е зголемен за 59.990 или 72, 2 % повеќе во споредба со учебната 1944/45 година.[34]Од 1950/51 година основното училиште започнало да го посетува генерацијата родена веднаш по војната. Зголемувањето на наталитетот, од една и постојните училишни закони, од друга страна, според кои основното училиште е задолжително, пресудно влијаеле врз поизразитото зголемување на бројот на учениците во повоените години (во 1944/45 година- 83.097 ученици, во 1950/51 година- 143.087 ученици). По однос на застапеноста на машките и женските ученици, соодносот бил главно во полза на машките. Меѓутоа, од година во година бројот на женските деца сѐ повеќе се зголемувал.

Од изнесените податоци дознаваме дека, паралелно со порастот на бројот на училиштата и на учениците, се зголемува и бројот на наставниот кадар. Квалификационата структура на просветните кадри не била задоволувачка, бидејќи сосем мал дел од учителите биле со завршена учителска школа, гимназија или со друго средно училиште. Поголемиот дел од нив биле со за-

[33] Н. Јурукова, *Културно-просветни...*, стр. 65-66.

[34] ДАРМ, фонд: 170, к. 26, ае. 3/72-80, Статистички податоци за сите видови на школи во Македонија од 1944-1951.

вршени учителски курсеви или со нижо образование.

Бројната состојба на училиштата по наставен јазик може да се види од следниве податоци:

- Во учебната 1944/45 година од вкупно 927 основни училишта во Македонија, во 828 наставата се изведувала на македонски наставен јазик. Во нив имало 1.583 паралелки, 75.602 ученици, 1.701 наставник. На албански наставен јазик биле отворени 60 училишта, со 104 паралелки и 3.975 ученици, а наставата ја изведувале 104 наставници. На турски наставен јазик имало 37 училишта, со 60 паралелки и 3.334 ученици и 49 наставници. На српскохрватски наставен јазик работеле 2 училишта, со 5 паралелки и 186 ученици и 2 наставници.
- Во уебната 1945/46 година, од вкупно 1.034 основни училишта, во 830 од нив наставата се изведувала на македонски наставен јазик. Во нив имало 1.913 паралелки, 85.363 ученици и 1.527 наставници. На албански наставен јазик имало 142 училишта и 281 паралелки, а во нив биле опфатени 15.454 ученици, со кои работеле 264 наставници. Во 55 основни училишта наставата се изведувала на турски наставен јазик, со 131 паралелка, 6.702 ученика и 125 наставници. На српскохрватски наставен јазик имало 7 училишта, 20 паралелки, 1.166 ученици и 19 наставници.
- Во учебната 1946/47 година, од вкупно 1.038 основни училишта во Македонија, во 816 од нив, наставата се изведувала на македонски наставен јазик. Имало 1.899 паралелки, 86. 389 ученици и 1.485 наставници. На албански наставен јазик имало 148 училишта, 317 паралелки, 15.980 ученици и 269 наставници. Во оваа учебна година на турски наставен јазик работеле 65 основни училишта, 138 паралелки, 7.280 учченици и 123 наставници. Во 1946/47 година бројот на училиштата со српскохрватски наставен јазик и бројот на наставниците е ист како и во претходната учебна година, а бројот на учениците се зголемил на 1.408.

- Во учебната 1947/48 година, од вкупно 1.208 основни училишта, во 964 наставата се изведувала на македонски наставен јазик. Во нив имало 2.234 паралелки, 97.472 ученици, 1.612 наставници. На албански наставен јазик работеле 166 основни училишта со 417 паралелки, 20.714 ученици и 314 наставници. На турски наставен јазик работеле 71 училиште со 213 паралелки, 10.203 ученици и 106 наставници. На српскохрватски наставен јазик имало 7 училишта со 25 паралелки, 1.702 ученици и 18 наставници.
- Во учебната 1948/49 година, од вкупно 1.239 основни училишта, во 982 наставата се изведувала на македонски наставен јазик. Во нив имало 2.146 паралелки, 94.959 ученици, 1.546 наставници. На албански наставен јазик имало 179 училишта со 476 паралелки, 25.399 ученици и 376 наставници. На турски наставен јазик имало 71 основно училиште со 243 паралелки, 10. 722 ученици и 163 наставници. На српскохрватски наставен јазик работеле 7 основни училишта со 29 паралелки, 1.717 ученици и 23 наставници.
- Во учебната 1949/50 година, од вкупно 1.417 основни училишта во Македонија, во 1.100 основни училишта наставата се изведувала на македонски наставен јазик. Во нив имало 2.374 паралелки, 101. 549 ученици и 1.745 наставници. На албански наставен јазик имало 209 училишта, 540 паралелки, 26.349 ученици и 421 наставник. На турски наставен јазик имало 100 училишта со 314 паралелки, 12.621 ученици и 249 наставници. На српскохрватски наставен јазик работеле 8 основни училишта, со 28 паралелки, 1.303 ученици и 22 наставници.
- Во учебната 1950/51 година, од вкупно 1.463 основни училишта, во 1.134 наставата се изведувала на македонски наставен јазик. Во нив имало 2.524 паралелки, 102.497 ученици, 1.876 наставници. На албански наставен јазик имало 214 училишта, 556 паралелки, 26.642 ученици и 409 наставници. На турски наставен јазик имало 104 основни училишта со 320 паралелки, 12. 493 ученици и 237 наставници. На српскохрватски наставен јазик работеле 11 основни училишта со

33 паралелки, 1.455 ученици и 23 наставници.[35]

Од горните податоци се доаѓа до констатација дека во основните училишта во Македонија во учебната 1944 / 1945 година, во 89, 3 % наставата се изведувала на македонски наставен јазик, а во 10, 7 % се изведувала на јазиците на националностите (на албански наставен јазик 6, 5 %, на турски 4 %и 0, 2% на српскохрватски наставен јазик). Во оваа учебна година бројот на учениците во основните училишта со македонски наставен јазик изнесувал 91 % од вкупниот број на ученици, бројот на учениците во училиштата на албански наставен јазик изразен во проценти изнесувал 4, 8 %, бројот на учениците на турски 4 % и на српскохрватски 0, 2 %. Во основните училишта со македонски наставен јазик имало 91, 6 % наставници од вкупниот број наставници во основните училишта во Македонија, на албански наставен јазик 5, 6 %, на турски 2, 6 % и на српскохрватски 0,2 % наставници. [36]

Во учебната 1950/51 година бројот на основните училишта со македонски наставен јазик изнесувал 77, 5 % од вкупниот број основни училишта во Македонија, со албански наставен јазик 14, 6 % училишта, со турски 7, 1 % и со српскохрватски наставен јазик 0, 8 % училишта. Во оваа учебна година, во основните училишта со македонски наставен јазик имало 71, 6 % ученици, во училиштата со албански 18, 6 %, со турски 8, 7% и со српскохрватски наставен јазик 1, 01 % ученици од вкупниот број во Македонија. Во 1950/51 година имало 73, 8 % наставници во основните училишта со македонски наставен јазик, 16 % во училиштата со албански и 9, 3 % наставници во училиштата со турски наставен јазик. [37]

Според статистичките податоци националната структура на учениците во основните училишта била следната:

- Од вкупно 83.097 ученици, во учебната 1944/45 година како Македонци биле регистрирани 72.441, како Албанци 5.281, како Турци 3.928, како Срби 506, Власи 563, Роми 104, Хрвати 44, Словенци 42,

[35] Н. Јурукова, *Кулшурно-йросвешни...*, стр.67-70.
[36] Истото, 70.
[37] Истото, 70-71.

Црногорци 24, Руси 69, Бугари 17, Ермени 4, Евери 30, Унгарци 8, Чеси 9, Грци 29.

- Од вкупно 109.185 ученици во учебната 1945/46 година, Македонци биле 82.668, Албанци 15.761, Турци 7.428, Срби 1.812, Власи 896, Роми 371, Хрвати 53, Словенци 46, Црногорци 41, Руси 44, Бугари 16, Ерменци 3, Евери 16, Унгарци 1, Чеси 5, Грци 30.
- Во учебната 1946/47 година, од вкупно 111.057 ученици, Македонци биле 81.236, Албанци 16.501, Турци 9.183, Срби 1.874, Власи 1.000, Роми 996, Хрвати 73, Словенци 26, Црногорци 46, Руси 43, Германци 55, Евери 15 и по 1 Унгарец, Чех, Грк и Бугарин.
- Во учебната 1947/48 година од вкупно 130.091 ученици, Македонци биле 92.655, Албанци 20.988, Турци 11.306, Срби 2.121, Власи 879, Роми 1.793, Хрвати 60, Словенци 23, Црногорци 94, Руси 40, Бугари 15, Ерменци 4, Евери 9, Чеси 4, Германци 99 и 1 Пољак.
- Во учебната 1948/49 година, од вкупно 132.797 ученици, како Македонци биле регистрирани 89.517, како Албанци 25.604, Турци 12.285, Срби 2.052, Власи 806, Роми 2.253, Хрвати 41, Словенци 15, Црногорци 52, Руси 30, Бугари 9, Ерменци 4, Евери 4, Чеси 5, по 1 Грк и Пољак и 118 Германци.
- Во учебната 1949/50 година, од вкупно 141.822 ученици, како Македонци биле регистрирани 96.430, како Албанци 26.368, Турци 13.888, Срби 1.677, Власи 782, Роми 2.406, Хрвати 46, Словенци 19, Црногорци 59, Руси 19, Бугари 5, Ерменци 4, Евери 4, Чеси 6, 107 Германци и по 1 Грк и Унгарец.
- Во учебната 1950/51 година, од вкупно 143.087 ученици, како Македонци биле регистрирани 96. 606, како Албанци 27.494, Турци 14.181, Срби 1.705, Власи 647, Роми 2.249, Хрвати 39, Словенци 9, Црногорци 44, по 7 Руси и Бугари, по 1 Ерменец и Евреин, по 3 Унгарци и Чеси, 89 Германци и 2 Грци.[38]

[38] Истото 71-72.

Од горните статистички податоци јасно се гледа каква била структурата на учениците во основните училишта според националното потекло на родителите. Евидентно најголем број ученици (околу 90 %) биле Македонци.

Досегашните статистички податоци за развојот на основното образование од 1944/45 до 1950/51 година, даваат можност од посебен агол да ја согледаме културната и просветната политика на Македонија. Во текот на седум години по ослободувањето е забележано зголемување на бројот на основните училишта, на паралелките, на учениците и на наставниците. Тоа е една од основните карактеристики на овој период, која, на прв поглед му сугерира на истражувачот дека се работи за средина во која просветниот напредок е видлив, а на моменти дури и драматично динамичен. Меѓутоа, целиот тој напредок во почетокот е стихиски, а потоа се донесуваат планови. Се забележува нерамномерност меѓу бројот на учениците и бројот на училиштата, како и меѓу бројот на одделенијата и бројот на наставниците. Точно е дека зголемениот број на училишта, ученици и наставници е доволен показател во прилог на позитивната културно-просветна политика. Опфатот на значаен дел од ученичката популација, како и зголемениот број на училиштата и одделенијата, пак, е факт од кој може да се дојде до заклучок дека скромните вложувања во основното образование не можеле да го следат тој динамичен процес.

Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ, со писмо бр. 11, од 30 септември 1944 година, од с. Горно Врановци, Велешко, ги известило обласните НОО за Наставниот план во основните седумгодишни училишта во Македонија. Во него била изнесена Привремената азбука, а било доставено и Упатство за организација на наставната работа. Во основните училишта во почетокот се работело врз основа на Привремениот наставен план и програма, изработени од Поверенството за народна просвета при Президиумот на АСНОМ. Овој наставен план и програма за основните училишта претставува прв официјален наставен план за основните училишта. Тој ја содржи основата на подоцнежните наставни планови и програми.

## ГЛАВА III- Развој и карактеристики на средното образование во НРМ

По конституирањето на НРМ и отворањето и започнувањето со работа на основните училишта, во Македонија, започнал процесот на отворање и организација и на средните училишта, при што особено внимание се обрнало на отворање на гимназии, средни медицински училишта, технички училишта, економски средни училишта и земјоделски училишта.

При разгледувањето на прашањето за развојот на средните училишта во Македонија во првите години по војната треба да се имаат предвид следниве специфични услови кои имале одраз врз тој развој: 1. мрежата на средните училишта, како последица на просветната политика на поранешните владеачки режими, била многу слабо развиена; 2. пред војната постоело шаренило во училишниот систем. Токму затоа, највисоките просветни органи на власта морале да се зафатат со воспоставување и изградување единствен систем во средното образование. Системот на средното образование се конституирал врз основа на бројни програми и организациони акти. [39] Седницата на Президиумот на АСНОМ, одржана од 2 до 5 септември 1944 година, била многу значајна со своите одлуки и за развојот на средните училишта. Повереникот за просвета при Президиумот на АСНОМ, Епаминонда Попандонов, на оваа седница дал предлог наставата во средните училишта да трае три години. По опсежната дискусија,. членовите на Президиумот на АСНОМ зазеле став и донеле заклучок времетраењето на средношколската настава да изнесува пет учебни години.[40] Во врска со изучувањето на странските јазици во средните училишта, Президиумот на АСНОМ на истата седница донел одлука од први клас на гимназијата, покрај рускиот да се изучува уште еден од другите живи европски јазици. [41]Во ситуација кога се вршеле подготовки за отворање основни и средни училишта

---

[39] М. Апостолски, *Организациона структура на образованието и на школството во НОВ и Револуцијата во Македонија, Воспитанието и образованието во Македонија (1943-1983)*, Скопје 1985, 19.
[40] Цит. Зб. АСНОМ 1944-1964, 418.
[41] Истото, 353, 362

не било можно да се усвои изучувањето на класичните јазици (старогрчки и латински). Проблемот бил во недостигот на наставници по класични јазици. Но, повереникот и референтот за просвета, како и мнозинството членови на Президиумот на АСНОМ, ја истакнале неопходноста од изучувањето на класични јазици во гимназиите.

Во Македонија, уште пред конечното ослободување, кога во Гостиварскиот и Тетовскиот регион нашите единици сé уште воделе жестоки борби со германските и со балистичките единици, десетина дена пред ослободувањето на Скопје или пак 16 дена пред конечното ослободување на целокупната територија на Република Македонија, на 3 ноември 1944 година, во Горно Врановци, Президиумот на АСНОМ донел одлука за основање гимназии во 9 града во Македонија: во Скопје, Битола, Штип, Куманово, Прилеп, Струмица, Тетово, Велес, Охрид.[42] Со ова решение се обезбедувало задоволување на образовните потреби за подготовка на кадри за вишите и високите школи во Македонија, како и за задоволување на ургентните кадровски потреби од соодветни профили.

На седницата одржана на 1 декември 1944 година, Президиумот на АСНОМ донел Решение за отворање Учителска, Музичката и Художествена (Уметничка) школа во Скопје. Треба да се напомене дека Президиумот предвидел отворање на Учителска школа и во Охрид.[43]

Врз основа на искуствата преземени од Советскиот Сојуз, во поглед на надлежностите на државната власт во одделни видови на образование, уште веднаш по конституирањето на АСНОМ, средното стручно образование се нашло под надлежност на одделни, соодветни повереиства, односно ресори. Врз основа на тоа, односното поверенство преземало разни активности за отворање училишта за задоволување на своите кадровски потреби.[44]

На седницата од 15 декември 1944 година, Президиумот на АСНОМ, донел Решение за отворање на трговски академии во Скопје и во Битола, како и за

[42] Истото.
[43] Истото, 457, 495, 513, 519, 522, 525.
[44] ДАРМ, фонд АСНОМ, 1944, к.8.

отворање на средно стопанско училиште во Охрид.[45] На истата седница на Поверенството за просвета му бил одобрен кредит од 200.000 лева за печатење разни помошни книги и брошури за училиштата.[46]

Од содржината на Докладот за организирањето и работата на Поверенството за внатрешни работи од 12 декември 1944 година, се предвидувало постоење и на оддел за милиционерски училишта. Одделот имал задача, прво да организира курсеви за стручно подготвување на милиционерски кадри, а потоа да отвори и средно милиционерско училиште за стручно образование на органите на народната милиција. Во согласност со ресорската надлежност, ова Поверенство било должно да води грижа и за изборот на наставните кадри за средното милиционерско училиште.[47]

Училишните згради се наоѓале во мошне лоша состојба и не можело да се изведува наставата вон нив. Тие биле многу оштетени, прозорците искршени, училишниот инвентар оштетен и разнесен. Слична била состојбата скоро во сите средни училишта во Македонија (Скопје, Велес, Прилеп, Штип итн.) .[48] Тоа биле причини просветните органи да ги преземат сите неопходни подготовки за обезбедување нормално одвивање на наставно-воспитниот процес во средните училишта.

За да отпочне работата во средните училишта, со ослободувањето на градовите, Президиумот на АСНОМ, особено повереникот и референтот за просвета, заедно со соодветните просветни органи на теренот, биле принудени да се занимавааат со прибирање на стручен наставен кадар, пред сѐ на професорски кадри. Овој проблем бил посебно тежок. Така, на пример, според едни статистички показатели во Македонија во почетокот на учебната 1944 / 45 година, имало околу 140-150 лица со факултет.[49]

Во оваа развојна фаза македонскиот литературен јазик се наоѓал во кон-

---

[45] Истото.
[46] Истото.
[47] Цит. Зб. АСНОМ 1944-1964, 208.
[48] ДАРМ, фонд 170, к. 16, ае. 1/1-5, Годишен извештај за работата на Отсекот за средна настава при Одделението за школство на Министерството за просвета на НРМ од 1944-1946 година.
[49] ДАРМ фонд 170, к. 16, ае.8 / 36, Извештај за оспособување на учителскиот кадар во НРМ, со податоци за периодот од 1944 до 1947 година.

ституирање. Наставните кадри во наставата се служеле со говорите од својот крај, со тенденција на приближување кон дијалектите од централното македонско наречје- велешко-прилепско-битолско, кои беа земени како база во изградбата на македонскиот литературен јазик.[50]Тогашните професори по историја немале дотогаш можност подетално да се запознаат со македонската национална историја. Нивните познавања на македонското историско минато зависеле пред сé од нивните индивидуални можности и способности, како и од условите што ги диктирало времето. Со историските настани порано тие се запознавале на разни начини и преку разни историски извори.[51]

Од средните училишта во Македонија, особено значајно место имаат гимназиите. Постоеле повеќе проблеми со кои просветните органи на власта се судирале при отворањето на гимназиите. И овде, во почетокот, имало речиси исти или слични проблеми и тешкотии, како и при отворањето на основните училишта: недостиг на квалификувани наставни кадри, несоодветни училишни згради. Факт е дека во најголем број гимназии во Македонија, во училишните згради до последниот ден пред ослободувањето на градовите, биле сместени окупаторски војски, коишто на училишните згради и инвентарот во нив им нанеле големи оштетувања. Во некои училишни згради, пак, биле сместени болниците на партизанските единици. Паралелно со поправките што се вршени на гимназиските згради биле уредувани архивата и постојната документација, која била растурена и прилично оштетена. Биле спроведени и акции за уредување на библиотечниот фонд, исфрлени биле од употреба сите книги со фашистичка идеологија. Направен бил и попис на целокупниот училишен инвентар. Откако,за кратко време, успешно биле извршени најнеопходните подготовки,

---

[50] М. Апостолски, *Организациона структура на образованието и на школството*..., 19.

[51] Во периодот меѓу двете светски војни членовите на КПЈ и прогресивната македонска интелигенција, особено студентската младина, која била под влијание на идеите на КПЈ, покажала посебен интерес за проучување на минатото на македонскиот народ. Во врска со тоа видна заслуга има и Ангел Динев, кој во Софија беше објавил неколку трудови поврзани со историјата на македонскиот народ. Биле користени и мемоарите на истакнати борци од Илинденската епопеја, објавени исто така во Софија, а македонската интелигенција оваа историска литература ја набавувала по пат на разни илегални канали.

се пристапило кон уписот на ученици. Најнапред бил извршен уписот на учениците во нижите класови од I до III клас; а потоа на учениците од вишите гимназиски класови од IV до VIII клас. Поголем број ученици од погорните класови на гимназиите се наоѓале на разни службени должности, (главно учители) или пак сѐ уште биле во единиците на Македонската војска. Затоа запишувањето на овие ученици продолжило подоцна.[52]

Во совладувањето на тешкотиите за започнување на наставата во гимназиите евидентна била доброволната работа на активистите на Народната младина, на АФЖ и на другите општествено-политички организации.[53]

Президиумот на АСНОМ-Поверенството за просвета, како и соодветните просветни органи што дејствувале на теренот, презеле соодветни мерки за обезбедување квалификуван наставен кадар. Тоа ни го потврдува и едно писмо од 23 декември 1944 година, испратено од училишниот инспектор на Скопската област до Поверенството за просвета.[54] Во писмото, училишниот инспектор барал да се обезбеди што поголем број квалификуван наставен кадар за двете гимназии во Скопје (Машката и Женската), за да може да започнат со редовна работа и, во вистинска смисла на зборот, да личат на вистински гимназии.[55]

Меѓу поборниците за отворање поголем број гимназии и за создавањето средношколска интелигенција, бил и проф. Љубен Лапе. Поставен на висока просветна должност, се залагал и се грижел за ширењето на просветата и културата во Македонија, за што помасовно школување на младината во гимназиите и во другите средни училишта и за создавање услови за школување на бедните ученици. Според него, во средните училишта требало да се отворат повеќе државни интернати и во нив да се школуваат и оние ученици кои немале материјални средства. Вакво мислење застапувале и дру-

[52] ДАРМ, фонд 170, к. 16, ае. 29/254-263, Анализа на наставно- воспитната работа во полните гимназии во НРМ од 1944 до 1949 година.
[53] ДАРМ, фонд 170, к. 16, ае. 32/ 269-278, Информација за организацијата и работата на гимназиите на НРМ од 3 јануари 1946 година.
[54] ДАРМ, Одделение Скопје, фонд: Областен НОО- Просветен оддел- Скопје, 1944, к. 2.
[55] Истото.

ги лица кои се наоѓале на важни просветни функции.

Во учебната 1944 / 45 година започнала да се реализира одлуката на Президиумот на АСНОМ од 3 ноември 1944 година за отворање гимназии во Македонија.[56] Во Скопје биле отворени две гимназии: Машката гимназија, сместена во просториите на поранешната Машка гимназија и Женската гимназија, сместена во убава зграда (урната за време на Скопскиот земјотрес 1963 година, сместена во непосредна близина на споменикот на ослободителите на Скопје) Двете гимназии располагале со вкупно 38 училници со вкупна површина од 2.109 метри квадратни. На секој ученик му припаѓал простор од 0.91 метри квадратни.

Неколку денови по ослободувањето на градот Велес[57], група просветни работници меѓу кои: Злата Ангелова, Тодор Андонов и Пенка Менкаџиева, по извршениот разговор со тогашниот претседател на Градскиот народен одбор- Дончо Мирчев, зеле активно учество во активностите за отпочнување на наставната работа на Велешката гимназија. На 20 јануари 1945 година, пред да отпочне редовната наставна работа, во просториите на Гимназијата било одржано родителско-учителско собрание, на кое биле покренати повеќе интересни прашања. По предлог на родителите, бил одреден вечерен час за учениците и било предложено да се изработат Привремени дисциплински правила за однесувањето на учениците, сѐ до добивањето такви правила од страна на Поверенството за просвета. За директор на Велешката гимназија била назначена Злата Д. Ангелова. Според податоците од извештајот на Градскиот НОО- Просветен оддел Велес, од 26 февруари 1945 година, бројната состојба на запишаните ученици во Гимназијата во Велес, во средината на февруари 1945 година, била следната: во IV клас имало запишано 232 ученици во 5 паралелки; во V клас 109 ученици во 3 паралелки, во VI клас 54 ученици во 2 паралелки и по една паралелка во VII клас од 22 ученици и во VIII клас од

[56] На 3 ноември 1944 година во Горно Врановци, Президиумот на АСНОМ донел одлука за основање на гимназии во 9 града во Македонија:во Скопје, Битола, Штип, Куманово, Прилеп, Струмица, Тетово, Велес и Охрид. Со ова решение се обезбедувало задоволувањето на образовните потреби за подготовка на кадри за вишите и високите школи во Македонија, како и за задоволување на ургентните кадровски потреби од соодветни профили.

[57] Градот Велес бил ослободен на 9 ноември 1944 година

38 ученици. Според истиот извештај, во вишите класови на Велешката гимназија тогаш биле запишани 455 ученици.

Штипската гимназија " Славчо Стојменски ", во учебната 1944 / 45 година, наставната работа ја започнала како образовна институција на Штипската област. Таа имала задача да врши упис на ученици од територијата која административно ѝ припаѓала. Штипската гимназија наставната работа најнапред ја започнала во просториите на старата зграда каде што се наоѓала поранешната гимназија. Поради недоволните просторни услови, гимназијата работела во две смени. Во учебната 1944 /45 година за директор на гимназијата бил назначен Апостол Апостолов, но бидејќи тој не се јавил на должност, функцијата директор во оваа гимназија ја вршел Панче Настов. Во првата учебна година во гимназијата имало вкупно 387 ученици, наставата ја изведувале 13 наставници, 5 машки и 8 женски. Во нижите класови на гимназијата имало 234 ученици, од нив 121 машки и 113 женски; во вишите класови на гимназијата имало 153 ученици, 75 машки и 78 женски.

Гимназии биле отворени и во други градови во Македонија: во Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Струмица, Охрид и Кавадарци.[58] Гимназиите се отварале во зависност од месните прилики, а најголеми потешкотии при отварањето на гимназиите претставувале наставниот кадар и училишните простории.

Што се однесува до бројната состојба на гимназиите, учениците и наставниците, во периодот 1944-1953 година, ќе ги изнесам следниве статистички податоци:

-Во учебната 1944/ 45 година во Македонија работеле 11 гимназии, 10 непотполни: во Битола, Кавадарци, Куманово, Прилеп, Скопје (Машката и Женската гимназија), Струмица, Тетово, Велес, Штип и една потполна во-Охрид. Во оваа учебна година во македонските гимназии имало вкупно 122 паралелки, и тоа 58 паралелки во нижите класови (I, II и III клас) и 64 паралелки во вишите класови (од IV- VIII клас). Во 11-те гимназии во Македонија во учебната 1944/ 45 година наставата ја посетувале 4.336

[58] Цит. *Зборник на АСНОМ*, 468.

ученици; 2.353 ученици во нижите класови, од кои 1.351 машки и 1.002 женски; во вишите класови имало 1.983 ученици, а од нив 1.083 биле машки и 900 женски. Наставата ја изведувале вкупно 161 наставник, од кои во непотполните гимназии работеле 139, а во потполните 22 наставници.

- Во учебната 1945/ 46 година бројот на гимназиите во Македонија се зголемува за 12 во споредба со првата со првата слободна учебна година. Вкупниот број изнесувал 23 гимназии. Од нив 13 се непотполни и 10 потполни. Нови непотполни гимназии во 1945/ 46 година биле отворени во Берово, Делчево, Гевгелија, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Неготино, Радовиш, Ресен, Струга, Свети Николе, во Скопје (при Машката гимназија). Непотполна останала и гимназијата во Тетово. Овие гимназии постепено се дополнувале со нови класови, во зависност од бројот на учениците. Во учебната 1945 / 46 година, гимназиите во Битола, Кавадарци, Куманово, Прилеп, Скопје (Машката и Женската гимназија), Струмица, Велес, Штип биле подигнати на степен на потполни гимназии, така што во оваа учебна година во Македонија работеле 10 потполни гимназии, вклучувајќи ја во нив и Гимназијата во Охрид, која работела како потполна уште од учебната 1944/45 година. Во учебната 1945 / 46 година, во гимназиите во Македонија имало вкупно 320 паралелки, од кои 229 во нижите и 91 паралелка во вишите класови. Во гимназиите на крајот од учебната година имало вкупно 15.479 ученици, од кои 11.441 ученик во нижите класови, и тоа 6.614 машки и 4.827 женски. Во вишите класови на гимназиите имало 4.038 ученици, од кои 2.290 машки и 1. 748 женски ученици. Наставата ја изведувале 404 наставници, од кои во непотполните биле 126, а во полните гимназии 278 наставници.

- Во учебната 1946 / 47 година во Македонија биле отворени уште 4 нови непотполни гимназии: во Гостивар, Дебар, Кичево и Крушево, а во Тетово била подигната на степен на потполна гимназија. Во Македонија во оваа учебна година имало вкупно 27 гимназии, од нив 16 биле непотполни, а 11 потполни гимназии. Во нив имало вкупно 369 паралелки, од кои 277 во нижите и 92 паралелки во вишите класови. Во оваа учебна година во гимназиите во Македонија имало запишано 16.812 ученици. Во нижите

класови имало 13.227 ученици, од кои 8.006 машки и 5.221 женски. Во вишите класови имало 3.585 ученици, од кои 2.106 машки и 1.479 женски. Во оваа учебна година во македонските гимназии работеле 418 наставници, од кои 137 во непотполните и 281 наставник во потполните гимназии.

- Во учебната 1947 / 48 година во Битола била отворена уште една непотполна гимназија, која работела само 3 учебни години, до крајот на учебната 1949 / 50 година. Во оваа учебна година во Македонија имало 28 гимназии, 17 непотполни и 11 потполни. Вкупниот број паралелки во гимназиите бил 384, и тоа 303 паралелки во нижите и 81 паралелка во вишите класови. Во гимназиите во Македонија во оваа учебна година имало вкупно 16.749 ученици. Во нижите класови имало 13.779 ученици, односно 8.179 машки и 5.600 женски. Во вишите класови имало 2.970 ученици, односно 1.716 машки и 1.254 женски. Бројот на гимназиските наставници во оваа учебна година бил 447, од кои 174 работеле во непотполните, а 273 во потполните гимназии.

- Во учебната 1948 / 49 година, Кочанската гимназија била подигната на степен на потполна. При потполните гимназии во Куманово, Прилеп, Скопје (при женската) биле отворени по една непотполна гимназија, кои работеле само 2 учебни години. Во учебната 1948 / 49 година во Македонија работеле 31 гимназија, 19 непотполни и 12 потполни. Во оваа учебна година во нив имало 411 паралелки, 309 во нижите и 102 паралелки во вишите класови. Вкупниот број на учениците во гимназиите изнесувал 18.736, од нив 14.978 ученици во нижите класови, од кои 9.142 машки и 5.836 женски. Во вишите класови имало 3.758 ученици, а од нив 2.163 машки и 1.595 женски. Во оваа учебна година во гимназиите во Македонија работеле 463 наставници, 194 во непотполните и 269 во потполните гимназии.

- Во учебната 1949 / 50 година во Македонија имало 31 гимназија, 19 непотполни и 12 потполни. Бројот на паралелките во гимназиите изнесувал 457, во нижите класови имало 350, а во вишите 107 паралелки. Бројот на учениците во гимназиите изнесувал 20.666 од кои 16.761 ученици во нижите (10.044 машки и 6.717 женски). Во вишите класови имало 3.905 (2.268 машки и 1.637

женски) ученици. Во оваа учебна година бројот на наставниците во гимназиите бил 520, од кои 228 наставници работеле во непотполните, а 292 наставници во потполните гимназии.

- Во учебната 1950 / 51 година, во Македонија имало 24 гимназии, 12 непотполни и 12 потполни. Вкупниот број гимназиски паралелки во Македонија изнесувал 373. Во нижите класови имало 245, а во вишите 128 паралелки. Во учебната 1950 / 51 година во македонските гимназии наставата ја посетувале 15. 671 ученик, 10.629 во нижите (6.512 машки и 4.117 женски), а во вишите класови 5.042 (2.909 машки и 2.133 женски) ученици. Во оваа учебна година работеле 440 наставници, 131 во непотполните и 309 наставници во потполните гимназии. [59]

Квалификационата структура на наставниот кадар во гимназиите во Македонија може да се види од следните статистички податоци:

- Од 161 наставник, колку што биле вработени во гимназиите во Македонија, во учебната 1944/45 година, со факултет биле 92, со виша педагошка школа 1, со учителска школа 16, со друга средна школа 52 наставници. Од вкупно 139 вработени наставници, во неполните гимназии со факултет биле 82, со учителска школа 12 и со друга средна школа 45 наставници. Во полните гимназии во 1944/45 година, од вкупно 22 вработени наставници, со факултет биле 10, со виша педагошка школа 1, со учителска школа 4 и 7 со друга средна школа.
- Во учебната 1945/46 година во гимназиите имало вкупно 404 наставници, од кои со факултет биле 128, со виша педагошка школа 55, со учителска школа 114, со друга средна школа 94 и со нижо училиште 31 наставник. Во неполните гимназии, во учебната 1945/46 година, од вкупно 126 наставници, со факултет биле 27, со виша педагошка школа 20, со учителска школа 43, со друга средна школа 33 и со нижо училиште 3 наставници. Во оваа учебна година, во полните гимназии, од вкупно 278 наставници, со факултет биле 101, со виша

[59] Н. Јурукова, *Кулшурно-йросвешни..*, стр. 91-94.

педагошка школа 35, со учителска школа 71, со друга средна школа 61 и со нижо училиште 10 наставници.

- Во учебната 1946/ 47 година во гимназиите во Македонија имало 418 вработени наставници, од кои со факултет биле 120, со виша педагошка школа 97, со учителска школа 61, со друга средна школа 119 и со нижо училиште 21 наставник. Од вкупно 137 вработени наставници, во неполните гимназии со факултет биле 24, со виша педагошка школа 30, со учителска школа 9, со друга средна школа 66 и 8 со нижо образование. Од вкупниот број 281 вработени наставници, во полните гимназии со факултет биле 96, со виша педагошка школа 67, со учителска школа 52, со друга средна школа 53 и со нижо образование 13 наставници.
- Во учебната 1947/48 година во гимназиите во Македонија имало 447 наставници. Нивната стручна квалификација била следната: со факултет 115, со виша педагошка школа 107, со учителска школа 235. Во неполните гимназии работеле 174 наставници, од кои со факултет биле 9, со виша педагошка школа 40 и со учителска школа 125. Во полните гимназии, од вкупно 273 вработени наставници, со факултет биле 96, со виша педагошка школа 67 и со учителска школа 110.
- Во учебната 1948/49 година, во гимназиите работеле 463 наставници. Со факултет биле 101, со виша педагошка школа 134, со учителска школа 204 и со нижо образование 24 наставници. Од 194 вкупно вработени наставника, во неполните гимназии со факултет биле 12, со виша педагошка школа 54, со учителска школа 121 и со нижо образование 7. Во полните гимназии во 1948/49 година работеле 269 наставници. Со факултет биле 89, со виша педагошка школа 80, со учителска школа 83 и со нижо образование 17 наставници.
- Во учебната 1949/50 година, во гимназиите во Македонија работеле вкупно 520 наставници, од кои со факултет биле 96, со виша педагошка школа 150, со учителска школа 226 и, со друга средна школа, 48. Од вкупно 228 вработени наставници, во неполните

гимназии со факултет биле 13, со виша педагошка школа 58, со учителска школа 140 и со нижо образование 17 наставници. Од вкупно 292 вработени наставници во полните гимназии, со факултет биле 83, со виша педагошка школа 92, со учителска школа 86 и со нижо образование 31 наставник.

- Во учебната 1950/51 година, од вкупно 440 наставници, во гимназиите со факултет биле 112, со виша педагошка школа 103, со учителска школа 103, со друга средна школа 82 и со нижо образование 40. Од вкупно 131 наставник во неполните гимназии, со факултет биле 6, со виша педагошка школа 23, со учителска школа 61, со друга средна школа 29 и со нижо образование 12. Во полните гимназии, пак, од вкупно 309 вработени наставници, со факултет биле 106, со виша педагошка школа 80, со учителска школа 42, со друга средна школа 53 и со нижо образование 28.[60]

Од горните статистички податоци се гледа дека во првите повоени години во Македонија дошло до зголемување на бројот на гимназиите, на учениците и на наставниот кадар. Паѓа в очи фактот дека најголем број гимназии биле отворени во првите две учебни години (11 во 1944/45 и 12 во 1945/46). Бројот на новоотворените гимназии во наредните години не е така голем. Во учебната 1948/49 година во Македонија работат 31 гимназија. Овој пораст на гимназиите, секако, не е случајна појава. Се тежнеело кон ширење на мрежата на гимназиското образование, со цел да се создаде побројна средношколска интелигенција. Просветните власти биле задоволни од резултатите во гимназиското образование. Така, на пример, во учебната 1944/45 година, во 11 гимназии имало 4.336 ученици, а наставата ја изведувале 161 наставник. Во 1949/50 учебна година, пак, бројот на гимназиите е 31, во кои се школувале 20.666 ученици, а наставата ја изведувале 520 наставници. Во периодот од 1944/45 до 1949/50 учебна година, бројот на учениците е зголемен за 4 пати. Од статистичките податоци што се однесуваат на бројот на учениците и на наставниот кадар, се гледа дека интересот на учениците за

[60] Истото, 94-96.

овој тип на училишта бил доста голем. Најголем број ученици од средните училишта завршувале гимназија. Мрежата на другите видови средни училишта започнала да се развива. Просветните власти имале бројни проблеми во настојувањата процесот на школување да го насочат кон стручните училишта, чии образовни профили му биле многу потребни на македонското општество.

Во декември 1944 година Повереноството за народно здравје при Президиумот на АСНОМ донело одлука за отворање прво медицинско училиште за сестри во Скопје. Тоа започнало со работа во почетокот на февруари 1945 година. Раководењето со училиштето и наставата ја доверило на група медицински сестри ентузијасти: Славјанка Влахчева- директор, Јованка Караѓозова- инструктор и Ленче Кепева- инструктор. Наставниот кадар бил малуброен, но затоа пак имало стручни лица- лекари, надворешни соработници, ентузијасти кои, покрај својата работа, заедно со стручните наставници вработени во училиштето, го понеле товарот на образованието на профилот медицински сестри. За магијата на медицинската сестра, публицистот Мишо Китановски на едно место вели: " Во мугрите на својот младешки живот девојчињата (а и момчињата) се определија за ова занимање по диктат на својот внатрешен нагон за раздавање на човекољубије. Тоа исконско-верување- не е некоја наредба, туку човечки предизвик верно да се служи, да се бдее и да се чекори со среќата на другите. На човекот. Таа, медицинската сестра, одвнатре е повикана да ја пречека нашата плима, а да не испрати со осеката и желанието- за сé најубаво. Во неа се мрести добрината, а во нас радоста за новородениот ден. Сé (па дури и историјата на болеста) се менува, освен твојата добрина- Сестро. Оттука, во нејзината белина се откриваме и се огледуваме сите ние, во нејзината радост, пак, ја откриваме и ја вадиме надежта дека понатаму од секоја надеж има нова надеж. Во тој оптимизам, во тој трепет и во таа далга, во тој валцер и во тоа танго, меѓу црвеното и белото е собран сиот наш живот ".[61]

[61] М. Китановски, *Реч искажана по повод промоцијата на книгата " Со љубов за човекот "* од Ц. Хаџивасилева, Дом на АРМ, Скопје 11 јуни 1997.

Бројот на учениците во ова училиште постојано се зголемувал. Се зголемувал и бројот на завршените ученици. Како потврда на тоа зборуваат и следниве статистички податоци: во 1945/46 година дипломирале 5 медицински сестри; во 1946/47 година- 10 медицински сестри; во 1947/48 година- 24 медицински сестри[62]; 1948/49 година-14 медицински сестри[63]; 1949/50 година 54 медицински сестри; (за учебната 1950/51 година не располагам со статистички податоци за бројот на дипломираните медицински сестри од ова училиште); 1951/52 година дипломирале 58 медицински сестри и 17 сестри-акушерки.

Посебно за одбележување е соработката што ја остварувало ова училиште со медицинските училишта од Загреб, Љубљана, Белград и други центри во ФНРЈ и странство. Оваа соработка се манифестирала преку посета на ученици, стручни наставници и размена на искуства. Во 1952 година училиштето го посетила Г- ца Лаусон, началник на одделението за настава и сестринство во Министерството за здравје во Англија. Училиштето добило висока оценка од гостинката од Англија и, како резултат на тоа, четири инструкторки, заедно со директорката на училиштето, биле испратени на едногодишен студиски претстој во Англија. Средно медицинско училиште било отворено и во Битола. Во Штип било отворено едногодишно болничарско училиште и едногодишно бабичко (акушерско) училиште, кое од 1950 / 51 година преминало во двогодишно училиште. Двете училишта работеле во состав на Државната болница во Штип. Во 1947 година во Скопје било отворено и Средно училиште за забари (дентисти). Тоа започнало да работи во бараката до Министерството за здравје, како самостојна едукативна институција која ќе формира кадри за забоздравствена заштита на населението во Македонија. Уште на почетокот бил изготвен наставен план и програма и бил назначен наставен кадар за теориските предмети и за практичните вежби. За прв директор била именувана д-р Милева Златановиќ,

---

[62] ДАРМ, фонд 170, к. 16, ае. 10/ 43-48- Извештај за развојот на средношколската настава во НРМ за периодот од ослободувањето до 1947/48 година.
[63] ДАРМ, фонд 170, к. 16, ае. 23/ 140-165, Анализа за работата на средните училишта во НРМ за учебната 1948/49 година.

а за стручни наставници познати стоматолози.[64] Во 1950/51 година, Училиштето го завршиле 32 ученици, а во 1951/52 година, со средно стручно образование- заботехничари се стекнале 72 ученици.

Во Македонија до Втората светска војна фармацевтската дејност ја обавувале малкумина фармацевти кои се школувале на факултети во европските центри. Президиумот на АСНОМ- Поверенство за народно здравје ја согледал потребата од едукација на квалификуван стручен кадар од аптекарска струка. За таа цел, најнапред се пристапило кон организирање курсеви за аптекарски помошници.[65] Во учебната 1947/48 година, во Скопје започнало со работа Првото училиште за помошници аптекари. Школувањето траело 3 години[66], а од учебната 1948/49 година, училиштето преминало во четиригодишно.[67] Прв директор на Училиштето бил д-р Елио Францес, доктор на хемиски науки и магистер по фармација, а во 1951 година за директор на ова училиште бил именуван м-р Ph. Митко Богданов. Стручните предмети ги предавале неколкумина фармацевти. Тоа биле Митко Богданов, Васо Дерврнџи, Никола Илиев, Вера Кандикијан, Лилјана Стефановиќ, Атанас Бошковски, Радмила Поповиќ, Огнен Арсов, Ана Стојанова и други. Првата генерација во училиштето броела 39 ученици од те краишта на Македонија. Во учебната 1949/50 година, Училиштето за фармацевтски техничари го завршиле 29 ученици, а во 1951/52, 39 ученици.[68]

Потребата од техничките училишта е тесно поврзана со развојот и растот на индустријата во Македонија. Идејата за отворањето технички училишта била неминовна потреба. Затоа и отворањето на Средното техничко училиште “ Здравко Цветковски “ во Скопје било оценето како основа за создавање никулци на развојот на новите видови училишта. Президиумот на

[64] Тоа биле: д-р. Д. Железаров, д-р. Б. Фиљански, д-р. Н. Трајачанец, д-р. Вера Калпакова, д-р. Никола Милошевиќ, д-р. Боцева, д-р. Смилев, дентистите Вера Челикијан, Хабер Милер, Асен Чочков, Ј. Стојановски, Шулевски и др. Медицинските предмети ги предавале: д-р. Ј. Панов, д-р. Анстасов, д-р. Давчев и др.
[65] ДАРМ, фонд 170, к.22, ае. 9/39.
[66] ДАРМ, фонд 170, к.22, ае. 12/42-51.
[67] Истото.
[68] ДАРМ, фонд 170, к.30, ае. 1/ 1-140, Општи статистички податоци за средните и стручните школли во НРМ.

АСНОМ- Поверенство за информации и градежништво, на 7 декември 1944 година донел Решение за отворање Средно техничко училиште во Скопје.[69] Овој вид училиште, со право се нарекува првенец на матичните средни училишта во Македонија. Од него подоцна ќе се разгранат цел систем на училишта од таков вид. Брзиот развој барал способни кадри и, затоа, вниманието на народната власт било насочено кон стручни училишта кои ќе оспособуваат профили кои ќе бидат креативен елемент на производниот процес, бидејќи во Македонија постоел недостиг од такви кадри.

Средното техничко училиште во Скопје започнало со работа на 10 јануари 1945 година. Тоа било замислено како составен дел на текстилната фабрика " Кузман Јосифовски - Питу ". Училиштето во почетокот имало два отсека: текстилен, во кој се запишале 31 ученик и технички со 22 ученици.[70] Во учебната 1945/46 година бројот на учениците се зголемил на 107. Школувањето траело три години. Првата генерација го завршила школувањето во учебната 1947 / 48 година, а најдобрите ученици биле ангажирани за стручни наставници во Специјалното текстилно и техничко училиште. Во 1949 година била извршена првата поделба на техничкото училиште: на градежно, индустриско и шумарско. Секое од нив, до 1952 година, работело како самостојна просветна институција. Во Индустриското училиште постоеле неколку оддели: машински, електро-технички, рударски, хемиско-технолошки и текстилен.

Во јануари 1945 година започнало со работа Државната трговска академија, која во учебната 1947 / 48 била преименувана во Економски техникум. Економското училиште било под надлежност на Министерството за трговија и на Министерството за просвета. Ова средно училиште е прво училиште од ваков вид не само во Скопје, туку и во Македонија. Тоа е едно од најстарите економски училишта во нашата земја.

Согледувајќи го значењето на кадрите од земјоделската струка, органите на народната власт, во првите повоени години, посебно внимание посветиле

---

[69] Цит. *Зборник на документи АСНОМ,* том. I, кн.1, 173.
[70]Н. Јурукова, *Културно-просветни...*, стр. 112.

на отворање на училишта каде што учениците ќе стекнат образование од областа на земјоделието. Затоа, веднаш по ослободувањето на Македонија почнува со работа Средното земјоделско училиште во Битола во кое се стекнувало звањето земјоделски техничар од општ профил, а од 1950- 1952 година се подготвувале сточарски техничари. Во учебната 1945 / 46 година започнало да работи Нижото земјоделско училиште во Тетово. Во 1946 / 47 година прераснало во Средно земјоделско училиште за образување на земјоделски техничари од општа насока. Училиштето во прво време траело 3 години, а од учебната 1950 / 51 година прераснува во четиригодишно. Во 1945 година за потребите на земјоделското стопанство, започнало со работа специјалното Нижо лозарско училиште во Штип. На почетокот едногодишно, со цел да подготвува земјоделски кадри, од 1948 година тоа прераснува во двегодишно. Нижото лозарско училиште работело до 1963 година. Во 1946 година се отворило Земјоделско училиште во Струмица, во кое земјоделски техничари и квалификувани работници се подготвувале до учебната 1950 / 51 година. Во 1946 година во Прилеп се отворило Тутунското училиште, во кое се подготвувале тутунски техничари и други кадри за тутунопроизводството. Во 1945 година во Куманово било формирано Специјално училиште за подготвување на трактористи, а работело до 1948 година. Во Куманово било формирано и Специјално нижно земјоделско училиште за механизација во земјоделството. Во 1947 година во Свети Николе било формирано Земјоделско училиште кое подготвувало кадри за работа во тогашните машино-тракторски станици. Училиштето во Свети Николе работело до 1949 година, а потоа било преместено во Куманово.

## ГЛАВА IV- Појава и одлики на високотообразовните институции во НРМ

Во културно-просветниот живот во Македонија има доблести кои му даваат угледно место на високото образование во историјата. Конституирањето на првиот македонски универзитет е историска придобивка од посебно значење за националниот развој на Македонија.[71]

На своите седници, уште од почеток Президиумот на АСНОМ го поставил прашањето за основање Универзитет. На својата трета седница, одржана од 2 до 5 септември 1944 година во манастирот " Св. Прохор Пчински ", на дневен ред, покрај другото, Президиумот на АСНОМ, го поставил и барањето да се проучи прашањето за отворање Универзитет.[72]

Во врска со значењето на Универзитетот, а по повод педесетгодишнината на Универзитетот " Св. Кирил и Методиј ", д-р Вера Весковиќ- Вангели пишува " и требаше да помине скоро еден цел милрениум за одново низ македонската земја да проструи учености и традицијата на Климентовата висока охридска книжевна школа ". [73]

Уште во првата половина на 1945 година биле направени првите практични чекори во остварувањето на идејата за основање на Универзитетот во Скопје, како највисока педагошко-образовна, просветна, научна и културна институција во тоа време. На 16 април 1945 година, Народното собрание на Македонија донело два законски акти. Со првиот, Президиумот на Народното собрание на Македонија се овластувал да изработи Закон за Универзитетот во Скопје, кој ќе " содржи прописи со кои ќе се осигура работата во Универзитетот на науката и високото стручно образование во согласие со тековините на НОБ и со потребите на изградување на новата

[71] Н. Јурукова, *Културно-просветни...*, стр 116.
[72] Цит. *Зборник АСНОМ,* Скопје, 1984, том. I, кн. 1, 228.
[73] В. Весковиќ- Вангели, *Историските исходишта на Универзитетот " Св. Кирил и Методиј ",Универзитетот " Св. Кирил и Методиј "* Скопје 1949-1999, Скопје 1999, 75

државна заедница "[74] и вториот Закон, со кој " Се овластуе Народната Влада на Македонија да пропишуе Уредба за високите школи и академии ".[75]

Во втората половина на 1945 година, подготовките околу отворањето на Универзитетот во Скопје добиле организационен и поинтензивен карактер. Министерството за просвета на Македонија, на чие чело бил министерот Никола Минчев, со Заповед бр. 375, од 7 ноември 1945 година, формирало четиричлена Комисија во состав: д-р Михаил Петрушевски, д-р Харалампие Поленаковиќ, д-р Георги Шоптрајанов и Блаже Конески. Откако ги разгледала и проучила потребните услови, проблеми и потреби околу отворањето на Универзитетот, за мошне кратко време, Комисијата доставила известување до Министерството за просвета, со заклучок: да се отвори Универзитет во Скопје, а како прва факултетска установа да биде Филозофскиот факултет, со јасна дефиниција за постоењето на два отсека: Историско-филолошки и Природно-математички. Придржувајќи се кон конкретните предлози и заклучоци на Првата комисија и нејзините општи ставови, Министерството за просвета позитивно ја оценило работата на Комисијата и презело поголеми активности со цел да се забрза постапката околу отворањето на Универзитетот. Набргу потоа, со Заповед бр. 338, Министерството за просвета, претходно формираната четиричлена Комисија ја проширило со уште еден член, со Љубен Лапе, помошник на министерот за просвета. Нешто подоцна, во работата на оваа Комисија бил ангажиран и Јован Трифуновски, асистент на универзитетот во Белград.

Со проширувањето на Комисијата, подготовките околу организирањето и отворањето на Филозофскиот факултет добиле забрзан ритам. Поради засилените активности, Комисијата морала да биде проширена уште со две интелектуални сили. Во текот на септември, октомври и ноември 1946 година, членовите на Комисијата покажале поголема активност околу решавањето на кадровското прашање, околу обезбедувањето стручна и научна литература и неопходни наставни средства за опремување на првите семинар-

[74] ДАРМ, фонд 157, к. 18, ае. 19/209.
[75] ДАРМ, фонд 157, к. 18, ае. 20/210.

ски библиотеки и лаборатории.

По иницијатива на Министерството за народна просвета на НР Македонија, при Сојузниот комитет за школи и наука на ФНРЈ бил формиран Централен (матичен) одбор за организирање универзитет во Скопје. Одборот бил составен од по еден претставник од трите постоечки универзитетски центри во Југославија: проф. д-р Петар Колендиќ од Белградскиот универзитет, кој бил и претседател на одборот; проф. д-р Фран Туќан од Загребскиот и проф. д-р Антон Мелик од Универзитетот во Љубљана. Во текот на ноември 1946 година Централниот (матичен) одбор, како компетентно тело, а во духот на својата консеквентна просветна политика, ги разгледал предлозите и доставената писмена документација од Комисијата за организирање универзитет во Скопје. Врз основа на нивната анализа, заземал свој став и го одобрил назначувањето на првите осуммина професори на Филозофскиот факултет во Скопје: Борис Китанов, д-р Драгослав Митриновиќ, д-р Фран Петре, д-р Михаил Петрушевски, д-р Харалампие Поленаковиќ, д-р Васо Томановиќ, д-р Атанасие Урошевиќ и д-р Ѓорѓи Шоптрајанов. Со отворањето на Филозофскиот факултет во Скопје во 1946 година, како прва високошколска образовна институција во Македонија, фактички започнува фазата на конституирањето на Македонскиот државен универзитет. Се смета дека свеченото отворање на Филозофскиот факултет добило квалификација на отворање на “ Државен универзитет во Скопје “.

Високото образование во Македонија започнало со отворањето на Филозофскиот факултет. Свеченото отворање на Филозофскиот факултет се случило на 29 ноември 1946 година, а со редовна работа започнал на 16 декември 1946 година, кога биле одржани првите предавања. Во периодот од 1946 до 1952 година Филозофскиот факултет работел во просториите на зградата на Народната библиотека.[76] Во својот состав имал два оддела и тоа: Историско-филолошкиот оддел со шест наставнонаучни групи (Македонски јазик, Југословенска книжевност, Историја со историја на уметноста, Романска филоло-

[76] Всушност, Народната библиотека во Скопје може да се нарече нуклеус на Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј “, бидејќи токму во таа зграда бил одржан свечениот собир (конференција) при отварањето на Филозофскиот факултет.

гија, Класична филологија и Филозофија со педагогија) и Природно-математичкиот оддел со пет наставно-научни групи (Математика, Физика, Хемија, Биологија и Географија со етнологија). Во првата учебна година на Филозофскиот факултет биле запишани вкупно 548 студенти, од кои 427 редовни и 121 вонреден студент. Наставата ја изведувале 20 наставници и 1 асистент. За прв декан на факултетот бил назначен проф. д-р Михаил Петрушевски, а за продекан проф. д-р Фран Петре. Основањето на Филозофскиот факултет, односно на првата високошколска институција во слободна Македонија, било условено пред сé од потребата за оспособување висококвалификувани педагошки кадри, за кои во тоа време се чувствувала посебна потреба.

Секако, значајна улога во структурата на Филозофскиот Факултет одиграла Катедрата за Историја. Таа била најзначајната наставна и научна институција која дала голем придонес за отпочнувањето на работата на другите научни и културни институции и стручни организации од областа на историјата. Катедрата, денес Институтот за историја, поминала низ еден динамичен и плоден развој во кој со право се промовирала како расадник на високошколските кадри од областа на историјата толку потребни за сите степени на образованието и за историската наука во македонската држава.

Првите професори: Љубен Лапе, Томо Томоски, Методија Соколоски, Димче Коцо, во соработка со професорите ангажирани од другите краеви на југословенската федерација: Петар Поповиќ, Петар Лисичар, Стјепан Антолјак, Стјепан Јантолек, Андрија Лаиновиќ, успеале најодговорно да ја организираат наставата по историја, за првите генерации студенти не само од Р. Македонија, од пиринскиот и егејскиот дел на Македонија, туку и од Србија и Црна Гора.

Во втората деценија од постоењето на Катедрата по историја, една група историчари: Христо Андонов- Полјански, Бранко Панов, Александар Апостолов, Војо Кушевски, Славка Фиданова, Душица Петрушевска, успеаја со големи напори и ентузијазам, да ги исполнат научните критериуми за универзитетски наставници преку хабилитирање и докторирање. Во средината на 60-те години на XX век за членови на Катедрата биле избрани

уште двајца асистенти Димитар Димески и Христо Меловски, кои до крајот на 70-те години на XX век исто така ги исполниле научните критериуми за избор во наставнички звања.

Растежот и придонесот на Катедрата во тој прв период може да се заокружи со сестраното ангажирање на извесен број професори и научни работници во редактирањето и пишувањето на првата синтетизирана Историја на македонскиот народ, во три книги која излезе во далечната 1969 година. Тоа претставуваше голем чекор напред во развитокот на македонската историографија, но и во историското образование, бидејќи за прв пат помладите историчари: наставници и професори, асистенти и други други стручни соработници, а особено студентите можеа да го имаат првиот интегрален преглед на сите периоди од македонската историја, како патоказ за понатамошното проширување и продлабочување на нивните знаења од одделни периоди и теми. Во 1970 година истата историја беше преведена на српскохрватски јазик.[77]

Периодот од почетокот на 70-те години на XX век до распаѓањето на заедничката југословенска социјалистичка држава и осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година претставувал исто така еден многу значаен период во 60- годишното постоење на Катедрата, во тој период прерасна во ННСГ, а потоа и во Институт за историја. Нејзините членови биле ангажирани во проширувањето и разгранувањето на наставните планови на вториот степен, но и со отворањето на првите студии на III степен- постдипломските студии по историја на Филозофскиот Факултет, но може да се рече и меѓу првите на Универзитетот " Св. Кирил и Методиј ".

Во тој период посебен акцент бил ставен на подготвувањето на учебници за основното и средното образование, со одржување на семинари за перманентно образование на наставниците, а се одвивала и соработка на наставниците и студентите од катедрите во Југославија преку интеркатедар-

---

[77]Д. Петреска, *60 години Институт за историја- 60 години историско образование и наука во Република Македонија (1946-2006)*, 60 години Институт за историја, Меѓународна конференција " Македонија и соседите " Скопје 08-09.12.2006 година. Скопје 2010, 12-13.

ските конференции. За пренесувањето на искуствата од организирањето на наставата по историја во сите тогашни југословенски земји во Загреб излегувало списанието " Настава по историја ", чиј постојан соработник бил професорот по Методиката на наставата по историја, проф. д-р Војо Кушевски. Во пишувањето на учебници за основното и средното образование биле вклучени професорите Воислав Кушевски и Александар Апостолов. Но, тогаш се одвивала и засилената марксистичка идеологизација во наставата во средното и високото образование. Предметот марксизам и самоуправување, покрај другото, требало да биде замена за изучувањето на современата историја на југословенското општество и чувствителните теми кои тогаш сѐ поотворено се поставувале. Тоа не го одминало ни високото образование и во наставните планови на Катедрата- Наставнонаучната група за историја биле внесени предмети за марксистичко образование. Укинувањето на марксизмот и самоуправувањето во образовните планови во крајот на 80-те години на XX век била најдобрата потврда дека плуралистичкото толкување на најновата историја не можело да се замени со марксистичкото толкување на самоуправниот социјализам.

Но, и во тој период на силна идеологизација на македонското општество во фокусот на истражувањата на македонската историографија и понатаму останало главно: проучувањето на историските корени на македонскиот јазик и писменост, етногенезата на македонскиот народ, афирмацијата на македонската нација и етапите на борбата за остварување на правото на државност на македонскиот народ.[78]

Кон крајот на 80-те години на XX век како резултат на завршувањето на активниот работен век на постарите професори, но и поради предвременото физичко заминување на неколку нејзини членови, се намалил бројот на наставниците, а генерацијата професори, предавачи и асистенти: Христо Меловски, Димитар Димески, Коста Аџиевски, Даринка Пачемска, Кочо Сидовски, Методија Манојловски, Маргарита Пешевска биле во фаза на дооформување на своите магистерски и докторски трудови и на нив падна дел

[78] Д. Петреска, *60 години Институт...*, 13.

од тежината за реализирањето на наставата. Но, со ангажирањето на хонорарни наставници меѓу кои и професорот д-р. Владимир Мошин за помошни историски науки, со доаѓањето на Институтот на Наде Проева, Михајло Миновски, Светозар Наумовски, потоа при крајот на 90-те години на XX век и на Виолета Ачкоска, овој критичен период околу кадровското екипирање на ННСГ, односно Институтот за историја, бил надминат.

Последната генерација наставници и соработници: Александар Атанасовски, Ванчо Ѓорѓиев, Далибор Јовановски, Бобан Петровски, Никола Жежов, Војкан Саракински и Борче Илиевски, со своите резултати во научноистражувачката дејност и со вклучувањето во наставниот процес навестува понатамошна успешна перспектива на Институтот за историја.

Транзицијата во општествено-политичките односи, променетиот статус на Република Македонија, која ја прогласи својата независност и сувереност по референдумот на 8 септември 1991 година, ослободувањето од нагласеното марксистичко толкување и југословенството како идеологија на историското образование, свртувањето на новите генерации кон новите предизвици, барањето подлабоки корени на македонскиот национален идентитет и државен континуитет и легитимитет во историјата на македонскиот народ, се одразија и во промените на наставните планови и содржините во предметните програми. Наместо дотогашниот пренагласен акцент на југословенската историја, преку групата предмети кои се однесуваа на историјата на југословенските народи, се прифати концептот на група предмети од *историјата на балканските народи*, како и ставање поголем акцент на изучувањето на македонската историја од антиката до денес.[79]

Во тој процес на преиспитување на потребите на македонското општество од високообразовни кадри од областа на историјата, но и сродни со неа области и науки, а во соработка со Архивот на Македонија, во академската 2000/2001 година на Институтот за историја беше отворена нова насока Историја со архивистика.

Наставата на Институтот за историја, и за историја и за насоката историја

---

[79] Истото, 14.

со архивистика, од академската 2004/2005 година се реализира според нови студиски и предметни програми согласно европскиот кредит-трансфер систем

Во изминатите 6 децении на Институтот за историја дипломирале над 2000 студенти по историја и историја со архивистика, магистрирале повеќе од 71 постдипломец и докторирале 74.[80]

Медицинскиот факулет бил отворен на 17 март 1947 година. Редовната настава ја започнал на 3 ноември 1947 година, кога било одржано првото предавање на факултетот. Првиот наставнички кадар на Медицинскиот факултет се состоел од 4 редовни и 4 вонредни професори, 6 доценти и мал број соработници. Наставната работа започнала со 153 студенти. Набргу по основањето на Факултетот биле формирани и првите институти: за анатомија, хистологија, хемија со биологија, патологија и за фармакологија. Медицинскиот факултет набрзо започнал да ги остварува своите функции: да ја развива медицинската наука, стручно да ги подготвува и воспитува идните лекари, да ги проучува медицинските и здравствените прилики во земјата, да дава стручни совети и слично.

Комитетот за школи и наука при Југословенската влада, на 29 мај 1947 година го донел Решението бр. 3693 со кое се основал Земјоделско-шумарски факултет во Македонија, со задача да образува високостручен кадар од областа на земјоделството и шумарството. Првите предавања на факултетот биле одржани во ноември 1947 година, а тој бил регистриран на 16 декември 1947 година, датум кој претставува негов патронен празник. На почетокот, Факултетот бил оформен со два оддела, односно отсека- Земјоделски и Шумарски. Наставата на секој оддел се изведувала со посебен наставен план и програма. Во учебната 1947 / 48 година започнала со работа и Вишата педагошка школа во Македонија, која имала за цел да подготвува наставни кадри за основното образование и воспитание.

Филозофскиот, Медицинскиот и Земјоделско-шумарскиот факултет го сочинувале првиот Универзитет во Македонија, што официјално бил форми-

[80] Филозофски факултет " Св. Кирил и Методиј ", Скопје, Монографија, 16 декември 2006, стр. 157-201.

ран со Законот за Универзитетот во Скопје, донесен на 26 јануари 1949 година од Народното собрание на НР Македонија. Со овој Закон било предвидено Универзитетот да биде највисока научна, просветна и воспитно-образовна установа во НР Македонија. На Првото универзитетско собрание[81] за прв ректор на Универзитетот во Скопје бил избран д-р Кирил Миљовски, редовен професор на Земјоделско- шумарскиот факултет.

Универзитетот имал изразена воспитна функција бидејќи требало да развива научно и стручно мислење. Тој е институција што учи како се применуваат научните методи, го шири духот на науката, придонесува за нејзина демократичност, всадува желба за работа, дисциплина и љубов кон вистината. Идеолошкото значење на Скопскиот универзитет се гледа во тоа што, низ изградувањето на македонската национална култутра требало да врши национално-образовна и културна мисија, да ги спречува некритички прифатените странски културни влијанија и да придонесува за културна интеграција и изградување на национална свест во Македонија. Универзитетот требало да врши општо воспитно влијание врз студентите и кај нив да развива љубов и верност кон својата татковина. Како научна и просветна установа, Универзитетот имал за задача да соработува и врши размена на научни искуства, научни трудови и публикации со други универзитети во земјата и во странство. Како научна и просветна институција, според Законот, Универзитетот требало да добие физиономија која требало да се доближи до современите високи школи во Европа. Освен тоа, тој е уште и носител на традицијата на хуманизмот. Води постојана грижа за достигнување и зголемување на универзалното знаење. За да ги исполни своите задачи, не признава никакви географски и политички граници. Слободата во истражувањето, во наставата и во образованието, е основниот принцип на живеењето и дејствувањето на Универзитетот. Како значаен центар на образованието, на науката, културата и уметноста во НРМ, Универзитетот ги прифаќа задачите што му ги наметнува тогашното време.

[81] Првото универзитетско собрание се одржало во Скопје во зградата на Народниот театар, на 24 април 1949 година.

Ги прифаќа од аспект на цивилизациската културно-просветна мисија. Ги прифаќа за да одговори на предизвикот на глобализацијата на поставените барања. Соочен со новите трендови и новите предизвици во високото образование, тој не само што мора да биде флексибилен, туку треба уште да ги антиципира и да ги утврдува глобалните цели во остварувањето на неговата мисија.

На Универзитетот постоеле неколку факултетски установи, семинари со библиотеки, научни заводи со лаборатории, отсеци, катедри и наставно-научни групи, во чии рамки биле вкомпонирани многу научни дисциплини. Тоа отварало можност и за формирање поголем број специјализирани научни и стручни кадри, кои го зголемувале културното значење на Универзитетот. Според Законот за универзитет во Скопје од 26 јануари 1949 година се утврдуваат и највисоките универзитетски органи на управување. Тие беа: Универзитетско собрание, Универзитетски совет и ректор. Изборот на ректорот се врши на седница на Универзитетското собрание. Ректорскиот избор го птврдувал претседателот на владата на НРМ. Во составот на Универзитетскиот совет влегувале: ректорот, проректорот, деканите и продеканите на факултетите. Ректорот бил и претседател на Универзитетскиот совет. Во Скопје, во зградата на Народниот театар, на 24 април 1949 година, на Првото универзитетско собрание, на кое присуствувале претставници на Народното собрание, на Владата на НРМ, како и претставници од југословенските универзитети и академии на науките, бил избран првиот ректор на Скопскиот универзитет.[82] На Првото универзитетско собрание за прв ректор на Универзитетот во Скопје бил избран д-р. Кирил Миљовски, редовен професор на Земјоделско- шумарскиот факултет.

Треба да се напомене дека во почетокот од својот развој, високообразовните установи на Универзитетот се судриле со повеќе проблеми од различна природа. Мошне сериозен проблем, секако, бил изнаоѓањето соодветни наставни кадри за изведување на наставно-образовната дејност. Првото

---

[82] *Универзитетот во Скопје 1949-1969, јубилејно издание*, Скопје, 1969.

наставничко јадро било создадено од наставници што докторирале на универзитетите во предвоена Југославија, односно во балканските и европските земји, како и од истакнати средношколски професори.

Во учебната 1946/47 година на првиот факултет- Филозофски- ги започнале студиите 548 студенти. Веќе во наредната 1947/48 година бројот на студентите на Универзитетот се зголемил на 907, од кои на Медицинскиот студирале 153 студенти, на Земјоделско-шумарскиот 205 студенти и на Филозофскиот 549 студенти, а во годината на основање на Универзитетот студирале 989 студенти или 84 % повеќе во однос на бројот на студентите во учебната 1946/47 година.[83]

Првата учебна година факултетите на Универзитетот ја започнале со неопходниот минимум наставнички кадар. Така, Филозофскиот факултет започнал да работи со 21 наставник и 3 асистенти. Земјоделско-шумарскиот факултет со 10 наставници, а Медицинскиот факултет со 14 наставници и 2 асистенти[84], меѓутоа бројот на наставниците и соработниците од година во година постојано се зголемувал, а бројната состојба на студентите на Универзитетот, пак, во периодот од 1949 до 1952 година, може да се види одстатистичките податоци.

Врз основа на статистичките податоци, може да се заклучи фактот дека бројот на студентите од година во година се зголемувал. Меѓутоа, воочливо е и тоа што бројот на студентите од машки пол е константно поголем во споредба со бројот на студентките. Најголем број студенти студирале на Филозофскиот факултет. Така, на овој факултет во 1949/50 година студирале 43 % од вкупниот број на студенти, а во 1951/52 година 38 %. На Медицинскиот факултет во 1949/50 година, студирале 17,8% од вкупниот број студенти на Универзитетот, а во 1951/52 година процентот изнесувал 17,3 %; на Земјоделско-шумарскиот факултет во 1949/50 година студирале 19,1 % во 1951/52 година 10 ; на Техничкиот факултет во 1949/50 година студирале 11,4 %, во 1951/52 година 9,8 ; на Правно-економскиот факултет во учебната

[83] ДАРМ, фонд: 170, к. 27, а.е. 2/2, Збирни статистички табели за пописот на факултетите, извршен на 20 март 1950.
[84] ДАРМ, фонд: 170, к. 27, а.е. 2/2

1951/52 година студирале 17,2; на Вишата педагошка школа во 1949/50 година студирале 9,7 %, а во 1951/52 година 7,7 % од студентите.[85]

Горните податоци претставуваат илустрација за зголемувањето на бројот на студентите. Вистински рапиден раст има на Правно-економскиот факултет, каде што во учебната 1950/51 година имало запишано 226 студенти, во наредната учебна година бројот бил зголемен за 337 (149%) и изнесувал 563 студенти. На Медицинскиот факултет, за три учебни години, бројот на студентите бил зголемен за 223 (65,2 %); на Филозофскиот за 412 (49,8%); на Техничкиот за 100 студенти (45,6 %); на ВПШ за 85 студенти (50,9 %). На Земјоделско-шумарскиот факултет, пак, бројот на студентите е намален за 40 (10,9 %). Голем е бројот на вонредните студенти, особено на ВПШ, но и на Правно-економскиот и Филозофскиот факултет.

На Универзитетот во Скопје имало редовни и вонредни студенти. Нивниот број се гледа од следниве статистички податоци:

- Во 1949/50 година, од вкупно 1.922 студенти на Универзитетот, редовни биле 1.299 студенти (67,6 %), а вонредни 623 (32,4 %). На Филозофскиот факултет, од вкупно 827 студенти, редовни биле 423 (51,15 %), вонредни 404 (48,85 %); на Земјоделско-шумарскиот факултет, од вкупно 367, редовни 299 (81,5 %), вонредни 68 (18,5 %); на Медицинскиот, од вкупно 342 студенти, 340 редовни (99,4 %) и 2 вонредни (0,6 %); на Техничкиот од вкупно 219 студенти, 140 редовни (63,9 %), 79 вонредни (36,1 %); и на Вишата педагошка школа, од вкупно 167 студенти, 97 се редовни (58,1 %) и 70 вонредни (41,9 %).
- Во 1950/51 година, на Универзитетот имало вкупно 2.408 студенти, 1.736 (72,1%) редовни, и 672 (27,9 %) вонредни. На Филозофскиот факултет, од вкупно 981 студент, 593 се редовни (60,4 %), а 388 вонредни (39,6 %); на Земјоделско-шумарскиот, од вкупно 316 студенти, 287 се редовни (90,8 %), а 29 вонредни (9,2 %). Од учебната 1950/51 година на Медицинскиот не се запишуваат вонредни студенти. На Правно-

[85] ДАРМ, фонд: 170, к. 27, а.е. 6/29-30. Статистички податоци за бројната состојба на студентите и наставниот кадар во Македонија на Универзитетот од 1949-1952.

економскиот од вкупно 226 студенти, 79 биле редовни (35 %) и 147 вонредни (65 %); на Техничкиот имало вкупно 215 студенти. Редовни биле 214 (99,99 %), а само 1 вонреден (0,01 %). На Вишата педагошка школа, од вкупно 225 студенти, 118 биле редовни (52,5 %), а 107 вонредни (47,5 %).

- Во 1951/52 година на Универзитетот во Скопје имало вкупно 3.265 студенти. Од нив редовни биле 2.370 (72,6 %), а вонредни 895 (27,4 %). На Филозофскиот факултет имало вкупно 1.239 студенти, од кои 825 (66,6 %) редовни и 414 (33,4 %) вонредни; на Земјоделско-шумарскиот имало вкупно 327 студенти, од кои 314 (96 %) редовни и 13 вонредни (4 %); на Правно-економскиот имало вкупно 563 студенти, од кои 243 (43,2 %) редовни и 320 (56,8 %) вонредни; на Техничкиот факултет имало вкупно 319 студенти, од кои 315 (98,7 %) редовни и 4 (1,3 %) вонредни; и на Вишата педагошка школа имало вкупно 352 студенти, од кои 108 (30,7 %) редовни и 244 (69,3 %) вонредни.[86]

Бројната состојба на наставниот кадар на Универзитетот во Скопје, од 1949 до 1952 година, според податоците од државната статистика, е следната:

- Во учебната 1949/50 година имало вкупно 168 наставници, 156 машки и 12 женски. Од вкупниот број, во постојан работен однос биле 100 наставници, а 68 хонорарни. Помошен наставен кадар имало 36 лица (21 машко и 15 женски). На Филозофскиот факултет имало 44 наставници (39 машки и 6 женски); 35 наставници во редовен работен однос и 9 хонорарни; помошен наставен кадар имало 7 лица, 4 машки и 3 женски. На Земјоделско-шумарскиот факултет имало 48 наставници, 47 машки и 1 женски; 25 наставници во постојан работен однос и 23 хонорарни; помошен наставен кадар имало 8 лица, 4 машки и 4 женски. На Медицинскиот факултет имало 31 наставник, 29 машки и 2 женски; помошен наставен кадар се 17 лица, 11 машки и 6 женски. На Технички факултет имало 19 наставници, сите од машки пол, 9 редовни и 11 хонорарни; помошен наставен кадар имало 3 лица, 2

[86] Н. Јурукова, *Кулӣурно-ӣросвеӣни...*,стр. 128-129.

машки и 1 женско. На Вишата педагошка школа имало 26 наставници (23 машки и 3 женски), 10 редовни и 16 хонорарни, а помошен наставен кадар 1 лице.

- Во учебната 1950/51 година имало вкупно 166 наставници, 146 машки и 20 женски. Од вкупниот број во постојан работен однос биле 129 наставници, а 37 хонорарни. Помошен наставен кадар имало 39 лица (26 машки и 13 женски). На Филозофскиот факултет имало 49 наставници (41 машки и 8 женски), во редовен работен однос биле 42 наставници, а 7 хонорарни; помошен наставен кадар имало 11 лица (7 машки и 4 женски). На Земјоделско-шумарскиот факултет имало 41 наставник (40 машки и 1 женски); 27 наставници во постојан работен однос и 14 хонорарни; помошен наставен кадар имало 12 лица (9 машки и 3 женски). На Медицинскиот факултет имало 24 наставници (22 машки и 2 женски), од кои 23 редовни и 1 хонорарен; помошен наставен кадар имало 10 лица (4 машки и 6 женски). Правно-економскиот факултет имал 12 наставници (8 машки и 4 женски), од кои 6 редовни и 6 хонорарни; помошен наставен кадар имало 3 лица од машки пол. Вишата педагошка школа имала 23 наставници (18 машки и 5 женски), 19 редовни и 4 хонорарни, без помошен наставен кадар.
- Во учебната 1951/52 година имало вкупно 190 наставници, 158 машки и 32 женски. Од вкупниот број во постојан работен однос биле 146 наставници, а 44 хонорарни. Помошен наставен кадар имало 78 лица (49 машки и 29 женски). На Филозофскиот факултет биле 52 наставници (42 машки и 10 женски); во редовен работен однос биле 44 наставници, а 8 хонорарни; помошен наставен кадар имало 21 лице (13 машки и 8 женски). Земјоделско-шумарскиот факултет имал 40 наставници (39 машки и 1 женски); 29 наставници во постојан работен однос и 11 хонорарни; помошен наставен кадар имало 23 лица (16 машки и 7 женски). Медицинскиот факултет имал 34 наставници (27 машки и 7 женски); 27 биле редовни, а 7 хонорарни; помошен наставен кадар биле 17 лица (9 машки и 8 женски). Правно-економскиот

факултет има 22 наставници (18 машки и 4 женски); 14 биле редовни и 8 хонорарни; помошен наставен кадар се 9 лица (5 машки и 4 женски). Техничкиот факултет имал 19 наставници (18 машки и 1 женски); 13 редовни и 6 хонорарни; помошен наставен кадар имало 6 лица, сите од машки пол. Вишата педагошка школа имала 23 наставници (14 машки и 9 женски); 19 биле редовни, а 4 хонорарни; помошен наставен кадар се 2 лица од женски пол.[87]

Изложените податоци говорат дека на сите факултети од Универзитетот во Скопје, бројот на наставниот и на помошниот наставен кадар во споредба со бројот на студентите е мал.

Според податоците од државната статистика, националната структура на студентите може да се види од следниве статистички податоци:

- Во учебната 1949/50 година на Универзитетот во Скопје имало вкупно 1.922 студенти. Од нив Македонци биле 1.668 (86,8 %), од кои 1.117 машки (58,11 %) и 551 женски (28,7 %). Студентите од националностите и од етничките групи кои живееле во Македонија, во оваа учебна година биле застапени со 23,2 % и тоа: Срби со 4,9 %, Албанци со 0,93 %, Турци со 0,8 % од вкупниот број студенти.
- Во учебната 1950/51 година на Универзитетот во Скопје имало вкупно 2.408 студенти. Македонци биле 2.111 или (87,7 %), од кои 1.443 машки (60 %) и 688 женски (40 %). Студентите од националностите и од етничките групи биле застапени со 22,3 % и тоа: Срби 6,9 %, Албанци 1,5 % и Турци 0,9 % од вкупниот број студенти.
- Во 1951/52 година на Универзитетот во Скопје имало вкупно 3.265 студенти. Македонци биле 2.824 (86,5 %), од кои 2003 (61,4 %) машки, а 821 (38,6 %) женски. Студентите од националностите и од етничките групи биле застапени со 23,5 % и тоа: Срби 14,2 %, Албанци 1,44 % и Турци 1,1 %.[88]

---

[87] Истото, 129-131.
[88] Истото, 132.

Исто така, од горните податоци се дознава дека бројот на студентите од машки пол е многу поголем во споредба со студентите од женски пол. Во 1949/50 година од вкупно 1.922 студенти, машки биле 1.308 (68,1 %), а женски 614 (31,9 %). Во 1950/51 година имало 2.408 студенти, машки биле 1.616 (67,1 %), а женски 792 (32,9 %). Во 1951/52 година имало 3.265 студенти, од нив машки биле 2300 (70,5 %), а женски 965 (29,5 %).

Бројот на дипломираните студенти на Универзитетот во Скопје од 1948 до 1952 година, се гледа од следниве податоци:

- На Универзитетот во Скопје во 1948 година дипломирале 45 студенти, 24 машки и 21 женски. На Филозофскиот факултет дипломирале 6 студенти (4 машки и 2 женски); на хуманитарниот отсек дипломирале 2 студенти од машки пол, а на природно математичкиот 4 студенти (2 машки и 2 женски). На Вишата педагошка школа во 1948 година дипломирале 39 студенти (20 машки и 19 женски).
- На Универзитетот во Скопје во 1949 година дипломирале 16 студенти (11 машки и 5 женски). На Филозофскиот факултет, на хуманитарниот отсек, дипломирале 8 студенти (5 машки и 3 женски), а на Вишата педагошка школа дипломирале 8 студенти (6 машки и 2 женски).
- На Универзитетот во Скопје во 1950 година дипломирале 92 студенти (67 машки и 25 женски). На Филозофскиот факултет дипломирале 48 студенти (35 машки и 13 женски), на хуманитарниот отсек 29 студенти (25 машки и 4 женски), а на природно-математичкиот 19 студенти (10 машки и 9 женски). На Земјоделско-шумарскиот факултет дипломирале 25 студенти (23 машки и 2 женски), 21 на земјоделскиот (19 машки и 2 женски) и 4 студенти од машки пол на шумарскиот отсек. На Вишата педагошка школа дипломирале 19 студенти (9 машки и 10 женски).
- Во 1951 година на Универзитетот во Скопје дипломирале 137 студенти (86 машки и 51 женски). На Филозофскиот факултет дипломирале 53 студенти (33 машки и 20 женски), 26 студенти на хуманитарниот (21

машки и 5 женски), а 27 (12 машки и 15 женски) на природно-математичкиот отсек. На Земјоделско-шумарскиот факултет дипломирале 19 студенти (17 машки и 2 женски), 11 студенти (10 машки и 1 женско) на земјоделскиот и 8 (7 машки и 1 женско) на шумарскиот отсек. На Вишата педагошка школа дипломирале 65 (36 машки и 29 женски) студенти.

- Во 1952 година на Универзитетот во Скопје дипломирале 148 студенти (100 машки и 48 женски). На Филозофскиот факултет дипломирале 59 студенти (37 машки и 22 женски) и тоа 26 (15 машки и 11 женски ) на хуманитарниот, а 33 студенти (22 машки и 11 женски) на природно-математичкиот отсек. На Земјоделско-шумарскиот факултет дипломирале 37 студенти (27 машки и 10 женски), од кои 29 (22 машки и 7 женски) на земјоделскиот и 8 студенти (5 машки и 3 женски) на шумарскиот отсек. На Вишата педагошка школа дипломирале 52 студенти (36 машки и 16 женски).[89]

Од горните податоци се гледа дека бројот на дипломираните студенти се зголемувал. Од 1948, заклучно со 1952 година, на Универзитетот во Скопје дипломирале вкупно 438 студенти (288 машки и 150 женски).

---

[89] Истото, 132-133.

## ГЛАВА V-Форми на народно просветување и организирање на аналфабетски курсеви во Народна Република Македонија

Дискриминаторската и асимилаторска политичка програма на културно просветната политика кон Македонија во периодот меѓу двете светски војни, како и за време на окупацијата не можело да се оствари општ напредок во културно просветната област. Таа, едноставно, не била заинтересирана да се подигне просветното ниво на населението, да се прошири кругот на корисниците на културни вредности и радикално да го смали бројот на неписмените или да поведе широка акција против аналфабетизмот на широките народни маси.[90] Како резултат на просветната политика на окупаторските режими, според податоците од Пописот од 1931 година, во Македонија имало околу 75 % неписмени лица над 10 годишна возраст.[91]

Со развојот на НОАВМ и Револуцијата, со ширењето на слободната територија и со создавањето органи на народната власт, се создале веќе поповолни услови за работа во областа на народното просветување. Значајни квалитативни промени на тој план настанале особено по одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ, веднаш по своето конституирање, народното просветување го прифатил како важна компонента во културно-просветната политика во Македонија. Оттука, сите институционални форми во работата на народното просветување биле под надлежност на Президиумот на АСНОМ, односно на Поверенството за просвета.

На седницата од 2 до 5 септември 1944 година, во манастирот Прохор Пчински, Президиумот на АСНОМ донел Решение за организирање на аналфабетски курсеви, за подигање на писменоста кај народот.[92] Во член 1 од решението е констатирано: " Поради подигање на писменоста кај народот, се

[90] Според пописот на населението, спроведен во 1921 год., околу 51, 5 % од вкупното население на 12 годишна возраст во тогашна Југославија било неписмено

[91] ДАРМ, фонд: 170, к. 36, ае. 25/ 170-174, Статистички податоци за неписменоста во Македонија според пописот од 1931 година.

[92] Н. Јурукова, *Културно-просветни...*, стр. 136.

организираат аналфабетски курсеви ".[93] Во тој контекст, Поверенството за просвета донело повеќе законски прописи од областа на народното просветување. Во Упатството од 30 септември 1944 година, доставено до Обласните народноослободителни одбори во Македонија, Поверенството укажува на потребата од организирање на аналфабетски курсеви. Во ова Упатство, меѓу другото се наведувало дека просветните оддели при Народноослободителните одбори треба да се грижат за ширење на мрежата на аналфабетски курсеви, народните универзитети, библиотеките, читалиштата итн.

Откако се констатирало дека во Македонија, како резултат на долгогодишнота османлиска власт и ненародните режими, бил голем процентот на неписменоста на населението (околу 65 % над 10 годишна возраст), во Упатството се истакнувала потребата од преземање мерки, со цел да се подигне културното и просветното ниво на населението. Поверенството за просвета посебно внимание посветува на Правилникот за работа на курсевите, на Наставниот план и програма, на начинот на раководење со курсевите итн.[94]

Упатството за работа врз народното просветување од 8 март 1945 година, како и Упатството за работа со аналфабетските курсеви, кое датира од 11 април 1945 година, издадени од Министерството за просвета на ДФЈ, имаат мошне големо значење за организирањето описменување на возрасните.[95] Кон основните концепции, изнесени во овие два документи, биле должни да се придржуваат Министерствата за просвета при федералните единици, Главните одбори на Единствените синдикати на Југославија, АФЖ, Народната младина, како и повеќе други организации, кои, покрај другото се занимавале и со народното просветување.

За отстранување на неписменоста, во работата на народното просветување биле организирани и разни контролни органи- комисии. Тие биле создавани

---

[93] ДАРМ, фонд АСНОМ, 1944, к.2. Решение за организирање аналфабетски курсеви.
[94] ДАРМ, фонд АСНОМ, 1944, к.2, ае. 7, Упатство од 30 септември 1944 година.
[95] Т. Продановић, *Неколико запажања о проблемима народног просвећивања, Народна просвета*, Загреб 1946, 1-2, 22.

од просветните оддели на народните одбори, од месни до републички. Биле хиерархиски поставени, а нивната работа ја контролирал Државниот одбор за ликвидирање на неписменоста. Видна улога во борбата против неписменоста покажале комисиите за ликвидирање на неписменоста покажале комисиите за ликвидирање на неписменоста, кои биле организирани на разни нивоа (од месните па сé до највисоките органи на власта), потоа евидентна била дејноста што на тој план ја покажале Агитпроп- одделенијата, Народниот фронт, АФЖ, младината и синдикатот. Факт е дека, во целокупната работа на народното просветување, во почетокот недостасувало единствено раководство и координирана работа. Носители на работата во борбата против неписменоста биле просветните работници, пред сé учителите. Многу помала активност на планот на описменувањето покажале членовите на синдикатот. Јасно е дека работата во областа на народното просветување била мошне потешка отколку што се мислело. Станува збор за работа која барала многу трпеливост и упорност. Во работата била евидентирана голема амбициозност и желба за докажување

Основна форма на описменување на возрасното население биле аналфабетските курсеви. Нивното времетраење изнесувало од 1 до 3 месеци. Аналфабетските курсеви биле организирани најчесто за време на зимските и првите пролетни месеци, кога населението било помалку зафатено со полски работи. Работеле во мошне лоши просторни услови, во недоволно загреани и слабо осветлени училници. За осветлување се користел петролеј. Курсистите честопати отсуствувале од наставата, а како причина го наведувале главно немањето облека, чевли, зафатеноста во семејството, домашните работи и сл. Во извештајот на Министерството за просвета на Македонија, број 3893, од 7јули 1945 година, доставен до Министерството за просвета на Југославија-Одделение за народно просветување, се известувало дека од јануари до април 1945 година, во Македонија биле организирани 156 аналфабетски курсеви, во

кои биле опфатени 5. 582 лица.[96] Меѓутоа, она што мислам дека е важно да се повлече кога се зборува за оваа фаза од развојот, тоа е недоволниот број организирани аналфабетски курсеви во однос на големиот процент неписмено население. Тоа јасно навестува поголемо ангажирање на просветните органи на власта, на учителите и на учителките, на активистите на општествено-политичките организации (АФЖ, НОМС, Народниот фронт и други) за отворање нови аналфабетски курсеви речиси во сите населени места каде што имало потреба за тоа.

Кога зборуваме за аналфабетските курсеви во првата половина на 1945 година, не може, а да не се констатира дека и натаму останувала во сила онаа општа оценка за прилично слабите резултати од нивната работа. Тоа, пак се должело, пред сѐ на тешките услови во коишто се одржувале.Освен тоа, Напатствијата од Повереноството за просвета, во кои биле давани основните насоки за организирање и работа на аналфабетските курсеви, НОО ги добивале со големо задоцнување. Во март 1945 година, на пример, и подоцна, кога селското население било зафатено со извршување разновидни полски работи, не можело да ги посетува. Една од причините за малиот број на организирани аналфабетски курсеви во зимската сезона на 1945 година, секако, се ѝ тешките последици од војната: опожарените села, разрушените и демолирани училишни простории, уништениот училишен инвертар и слично. Голем број учители, организатори на аналфабетските курсеви, биле мобилизирани во единиците на НОВ и учествувале во воените дејствија за конечно ослободување на неослободените краишта на Југославија. Нивните учителски места останале со месеци празни, а организираните аналфабетски курсеви биле принудени предвреме да прекинат со својата работа.[97] Така, во Битолскиот округ, 44 аналфабетски курсеви, во кои биле опфатени 1.200 лица, предвреме ја прекинале наставата. Слична била состојбата и во

[96] ДАРМ, фонд: 170, к. 35, ае. 2/ 2-8, к. 35, ае. 5/109-229. Извештај од Министерството за народна просвета на ДФ Македонија, бр. 3893 од 7.07.1945- Скопје до Министерството за Просвета на ДФ Југославија- Одделение за народно просветување- Белград.

[97] ДАРМ, фонд 170, к. 35, ае. 7/230-245, Анализа за состојбите и проблемите на народната просвета во НРМ, со податоци за бројот на учениците и наставниот кадар, школските згради и опремата, учениците и за работата на установите од областа на културата и уметноста.

Прилепскиот, Штипскиот, Струмичкиот и Кумановскиот округ.[98] Во еден извештај, кој датира од август 1945 година, министерот за просвета на НРМ, во уводниот коментар, меѓу другото, наведува дека при крајот на пролетта 1945 година прекинале со работа речиси сите курсеви по селата во Македонија, но имало и такви кои останале да работат само во празнични денови. Поголемиот дел аналфабетски курсеви во македонските градови, пак, продолжиле успешно да работат.[99]

Аналфабетската кампања, организирана во есента 1945 и зимата 1946, завршила во мај 1946 година. Според едни податоци, во февруари 1946 година, во Македонија биле организирани 974 аналфабетски курсеви, во кои биле опфатени 32.307 лица. Во Битолскиот округ биле организирани 184 аналфабетски курсеви, а описменети 3.202 лица; во Скопскиот биле описменети 3.409 лица; во Штипскиот 3.038 лица. Во 1946 година во Македонија биле описменети вкупно 12.967 лица.[100] Од расположливите податоци не можеме да дознаеме за реалниот број на описменети лица по окрузи.

Со цел борбата против неписменоста да добие поголем замав, Министерството за просвета посебно внимание посветило и на обезбедувањето финансиски средства. При крајот на 1945 година, од својот буџет Министерството дало помош во износ од 250.000 динари за организирање аналфабетски курсеви, а во 1946 година од буџетот на Министерството за просвета биле издвоени 1. 000.000 динари за истата намена. Слични финансиски средства за помош на аналфабетските курсеви биле планирани и во наредните години.

---

[98] ДАРМ, фонд: 170, к. 35, ае 9/249-252, Извештај за работата на народното просветување во Македонија во 1945 година.

[99] Македонија пред сè била аграрна земја со низок степен на општа просветеност и култура, приближно околу 78 % од населението живеело на село и се занимавало со земјоделие како основно занимање. Старинските обичаи и навики, религиозноста, слабата комуникација, недоволниот број на училишта, непросветеноста, неписменоста која во поедини средини била и над 90% од населението, притискале врз селото. Го правеле затворено за секое влијание од надвор, а недоверливоста кон новото, исто така е причина која влијаела, во првата година по ослободувањето, во аналфабетските курсеви да не бидат опфатени голем број неписмени лица.

[100] ДАРМ, фонд: 170, к. 35, ае 8/246-248, Анализа за борба против неписменоста од 30 септември 1946 година.

Како причини за неисполнувањето на плановите за 1945 / 46 година, во однос на организирањето и во однос на опфатеноста на аналфабетските курсеви, се наведуваат следните причини: недоволната помош на активистите во опфаќањето на неписмените во аналфабетски курсеви, слабата работа на комисиите за описменување и недоволната активност на масовните организации. Најмногу резултати во борбата против неписменоста се очекувало да постигнат активистките на АФЖ и на Младинската организација. Но, и тие не ги дале очекуваните резултати. Слична била состојбата и со синдикалната организација. Поединечни прашања од областа на народното просветување често биле разгледувани и на партиските конференции и советувања. Апаратот на Агитпроп бил задолжен да му приготвува материјал на партиското раководство во врска со поедини прашања од доменот на народното просветување, со цел комитетите да бидат во тек со случувањата. По директива на Министерството за просвета на НРМ, од 29 септември до 5 октомври 1946 година бил спроведен попис на неписменото население во Македонија, според кој во Македонија имало вкупно 265. 236 неписмени лица (94. 925 мажи и 170. 311 жени). Од нив 144. 484 биле Македонци (43.815 мажи и 100.669 жени); Албанци 77.261 (33.106 мажи и 44.161 жени); Турци 34.149 (14.406 мажи и 19.742 жени); Роми 6.536 (2.861 мажи и 3.675 жени).[101] Но овие податоци се нерални, бидејќи биле направени голем број пропусти при спроведувањето на пописот. Во него недостасуваат податоци за повеќе месни одбори при околиските НОО. Таков бил случајот со податоците од Кичевската околија, каде недостасуваат податоци од пет месни НОО.

Со цел да се популаризира и пропагира народното просветување, бил одреден и ден за борба против неписменоста (22 април, денот кога се родил Владимир Илич Ленин). На тој ден им се доделувале значки и пофалници на оние лица што се истакнале во борбата против неписменоста. Се делела и брошурата “ За борба против неписменоста “.[102] Популаризирањето на

[101] ДАРМ, фонд 170, к. 35, ае. 19/301-306.

[102] Во неа имало повеќе наслови и теми од областа на народното просветување. Во брошурата биле дадени напатствија за начинот на организирање и раководење со аналфабетски курсеви.

народното просветување се организирало најчесто од 13 до 20 октомври и за време на " Неделата за борба против неписменоста ". Во текот на " Неделата за борба против аналфабетизмот ", во повеќе населени места во Македонија, биле организирани конференции и митинзи на кои било истакнувано значењето на борбата против неписменоста. Народните универзитети, пак, одржувале предавања посветени на народното просветување. Во весникот " Нова Македонија ", како и во другите весници и списанија од тоа време била воспоставена посебна рубрика со тематски прилози од народното просветување. Министерството за просвета издавало и плакати со специјални слогани: " Неписменоста е најцрно зло ", "Писмен народ силна држава ", " Описмени се за да си помогнеш самиот себе " и слично. Во популаризирањето и пропагирањето на борбата против неписменоста, значајно место имала и програмата емитувана на Радио Скопје, посветена на аналфабетската кампања со повеќе емисии. Покрај плакатите разделени по цела Македонија, Министерството за просвета на НРМ изработило и три вида дијапозитиви за неколку кино сали. Филмот, како моќно просветно и идеолошко средство, имал големо значење во борбата против неписменоста (аналфабетизмот). Започнале да се создаваат збирки на филмови и дијапозитиви за борба против неписменоста. Како агитационо средство во борбата против неписменоста, филмот наиде на неопишано одушевување и одзив кај населението, а особено кај она од далечните неурбани селски средини.[103] Во Петгодишниот план за борба против неписменоста било инсистирано на развивање на кинооператорската мрежа. Меѓутоа, недостигот од материјални средства пресудно влијаел врз скромните резултати на тој план. Магијата на подвижните слики имала вистинска културно-просветна мисија. Дел од филмскиот материјал наменет за ширење на народното просветување, поради својот идеолошки и просветен карактер, бил прикажуван и во училиштата во Македонија.

[103] ДАРМ, фонд: 170, к. 35, ае. 2/2-8, Извештај за аналфабетската кампања во НРМ од 1946-1950 година.

Со цел да се дадат Напатствија за работата на аналфабетските курсеви, биле отпечатени формулари за прибирање податоци од аналфабетската кампања. Тоа се " Табела 1 и 2 " во 3000 примероци, формуларот " Аналфабетски курсеви " во 3000 примероци и " Дневникот " за евиденција на курсистите во 2300 примероци. [104]

Еден од мошне важните услови, од кој, секако, зависела успешната работа на аналфабетските курсеви, е снабденоста со наставен и училишен прибор, како што се: буквари, тетратки, моливи и сл.[105] Од страна на Министерството за просвета бил донесен Наставен план и програма за работа на аналфабетските курсеви, кој содржи методски и организациони упатства за раководителите на курсевите.[106]

Ширењето на училишната мрежа и опфатот на децата во неа претставувал основен услов за намалување на бројот на неписменото население, бидејќи со тоа се спречувал приливот на нови аналфабети. За учебната 1946 / 47 година, Министерството за народна просвета на НР Македонија изработило Годишен план за борба против неписменоста. Планот бил изработен врз основа на добиените податоци од окружните и околиските НОО-просветни оддели. Според Републичкиот план за борба против неписменоста во учебната 1946/47 година требало да се организираат 2.308 аналфабетски курсеви, во кои било планирано да се опфатат 91.680 лица. Просветните органи презеле сериозни мерки за проширување на мрежата на аналфабетски курсеви: До 16 декември 1946 година во Македонија биле организирани 1.091 аналфабетски курс, во кои биле опфатени 28.615 лица. Тоа значи дека Републичкиот план за борба против неписменоста бил реализиран со 35% во однос на организираните аналфабетски курсеви и со 31,2 % во оснос на опфатеноста на неписмените лица на тие курсеви.[107] Според еден статистички извештај, во

---

[104] ДАРМ, фонд: 170, к. 35, ае. 12/ 262-266, Анализа на работата на Одделението за народно просветување при Министерството за просвета на НРМ од 3 март 1948.

[105] ДАРМ, фонд: 170, к. 35, ае. 14/ 271-274, Анализа за подготовките за борбата против неписменоста и преземените мерки според нив од 1947/48.

[106] ДАРМ, фонд: 170, к. 34, ае. 53/296-297, Општ план за работа на аналфабетските курсеви.

[107] ДАРМ, фонд: 170, к.35, ае. 18/289-300, Анализа за сузбивање на неписменоста од 1946 до 1949 година.

почетокот на јануари 1947 година, во аналфабетските курсеви биле опфатени 50.501 неписмени.[108] Според друг извештај, до крајот на февруари 1947 година имало организирано 2.033 аналфабетски курсеви, во кои биле опфатени 56. 339 посетители. При крајот на март истата година, во аналфабетските курсеви биле опфатени 65.467 неписмени лица, од кои биле описменети 13.290 лица.[109]

Во првото тримесечие од 1947 година, Републичкиот план за борба против неписменоста не бил реализиран во повеќе околии на Македонија. Причини за тоа има повеќе. Околиските просветни оддели немале доволно искуство при изработката на плановите за борба против неписменоста. Според плановите било предвидувано во аналфабетските курсеви да се опфатат од 30 до 90 % од вкупниот број неписмено население. Така, на пример: во Демирхисарската околија било предвидувано во аналфабетските курсеви да се опфатат 90 % од неписменото население, во Прилепска 70 %, во Струмичка 47 %, во Битолска 45 % итн., без да се земе предвид стручно квалификуваниот кадар со кој што располагала односната општина.[110] Податоците фрлаат светлина врз опфаќањето на неписменото население по одделни училишни околии. Од нив се дознава дека поголем процент во опфаќањето на неписменото население е забележан во Царевоселска (Делчевска), Ресенска, Кривопаланечка, Тетовска, Дебарска околија и во Скопје. Така, според планот, во Кривопаланечка околија се предвидувало да се опфатат 32 % од вкупниот број неписмени лица во околијата. Се успеало во аналфабетските курсеви да бидат опфатени 44 %, а описменети биле 34 % од нив.[111]Најдобри резултати во описменувањето во 1947 година се забележани во Скопје, како и во училишните околии: Тетовска, Радовишка,

---

108 ДАРМ, фонд: 170, к.35, ае. 2/2-8, Извештај за аналфабетската кампања од 1946 до 1950 година.

109 ДАРМ, фонд: 170, к.35, ае.6/109-120, Извештај за работата на Одделението за народно просветување од 1945 до 1950 година.

110 Истото.

111 ДАРМ, фонд: 170, к.35, ае.13/267-270, Анализа за работа на Отсекот за борба против неписменоста во 1947/48 година.

Кочанска и Гостиварска. Тоа, секако, е резултат на добрата организација на аналфабетската кампања во овие околии, на сестраната помош што ја укажувале НОО, помошта на учителите, масовите организации итн.,[112] како и на напорите од страна на просветните органи кои покажале поголема активност за зголемување на писменоста кај населението во односното подрачје.

Во оние околиски центри, каде што имало координирана активност помеѓу просветните органи и извршните тела на масовите организации, таму се забележува поголем успех во ликвидирањето на неписменоста. Така, на пример, во 1947 година во Кривапаланечка и Велешка околија се постигнале подобри резултати во описменување на возрасното население. Во некои села во овие околии биле организирани повеќе аналфабетски курсеви (4-5). На пример, во селото Жидилово, Кривопаланечко, во првата половина од 1947 година биле организирани 5, со 180 посетители, во село Горно Врановци, Велешко, биле организирани 16 аналфабетски курсеви итн.[113]Добри резултати во борбата против неписменоста се забележани и во Радовишката околија.

Во првата половина од 1947 година, послаби резултати во опфаќањето на неписменото население во аналфабетски курсеви се забележани во Беровска, Крушевска и Бродска околија, како и во градовите Струмица, Прилеп и др. За Штипска околија се наведува дека во првото тромесечие од 1947 година, преку аналфабетски курсеви немало описменето ниедно лице.[114]

Слабата координација меѓу просветните органи и околиските одбори на масовите организации негативно се одразуваше како во организирањето нови аналфабетски курсеви, така и во опфаќањето на неписмените лица вон ив.

Една од причините за неисполнувањето на Републичкиот план во борбата против неписменоста е и недоволниот број оспособени лица за раководители на аналфабетски курсеви, а потребата од раководители на аналфабетските

---

[112] ДАРМ, фонд 170, к. 34, ае.54/298-305, Извештај на Министерството за просвета за борба против неписменоста во НРМ од 25 јуни 1947 година.

[113] ДАРМ, фонд 170, к. 35, ае. 15/275-278, Анализа под наслов " Борбата против неписменоста е еден од најважните просветни проблеми ".

[114] ДАРМ, фонд 170, к. 34, ае 54/298-305, к. 35, ае. 6/109-118, Извештај за работата на Одделението за народно просветување од 1945 до 1950 година.

курсеви во Македонија била многу голема. Со цел да се задоволат потребите од стручни кадри, биле организирани курсеви за оспособување на раководители на аналфабетските курсеви. Во тој поглед, мошне слаби резултати во 1947 година се забележани во Гостиварска, во Битолска, во Мариовска и во Демирхисарска околија како и во градот Битола. Од наведените четири училишни околии, на Курсот за оспособување на раководители (не учители), за аналфабетските курсеви, одржан во Битола, имало 32 лица.[115]

И во наредните години биле организирани курсеви за раководители на аналфабетските курсеви. Како резултат на активностите на раководителите на курсевите, имало подобри резултати при описменувањето на неписмените лица.

Улогата на учителите во описменувањето на неписменото население е голема. Во едно свое експозе, министерот за просвета ќе им оддаде признание на учителите и ќе ги нарече " народна душа ", бидејќи сесрдно се залагале за подигање на свеста и културата кај народот. Особено видна активност учителите покажале и како раководители на аналфабетските курсеви.[116]

Според едни статистички податоци, во декември 1946 година имало 700 учители- раководители на аналфабетски курсеви, а во јануари 1947 година тој број се зголемил на 1.173. Активисти учители раководеле и со 2-5 аналфабетски курсеви, а поединци организирале и повеќе. Така, во Гостиварска околија е забележано како еден учител, активист, согледувајќи ја големата потреба од описменување на неписменото население, организирал 11 аналфабетски курсеви.[117]Квалитетот на наставата не бил на потребната висина во оние аналфабетски курсеви кои биле раководени од нестручни лица, од лица кои имале само основно образование, а меѓу нив имало и такви што биле описменети само извесно време пред тоа. Покарактеристичен пример за тоа е забележан во Радовишка околија. Во

---

[115] ДАРМ, фонд:170, к. 35, ае. 29/358-363, Анализа за борбата против неписменоста, општообразовните и просветно-домаќинските курсеви од 5 декември 1950 година.

[116] ДАРМ, фонд:170, к.35, ае. 40/396-400.

[117] ДАРМ, фонд: 170, к.35, ае.24/326-328, Анализа за развојот на борбата против неписменоста по ослободувањето до 1950 година.

една селска населба, каде живееле и Турци, во зимата на 1947 година бил организиран аналфабетски курс за Турците-мажи. Раководител на курсот бил селанец " јурук-сточар ", којшто се описменил 2-3 месеци пред тоа.[118]Народните учители, поради обврските што ги имале тогаш, како во училиштето, така и надвор од него, не можеле да одговорат на сите задачи што се барале од нив на планот на народното просветување.

Во летото 1946 година, речиси во сите околиски центри и градови биле организирани курсеви за оспособување раководители на аналфабетските курсеви. Нивни посетители биле членови на Народната младина, НОФ, АФЖ итн. Од нивните редови, за раководители на аналфабетските курсеви, во летото 1946 година се оспособиле околу 1.122 лица. Заедно со над 1.193 учители, во текот на учебната 1946/47 година, тие зеле активно учество во борбата со неписменоста.[119]

Според едни статистички податоци, преку аналфабетски курсеви, во првите месеци од 1947 година, односно до крајот на месец февруари има описменето 7.095 лица. Процентот на описменети изнесува од 70 до 90 % од вкупниот број посетители на курсевите. Во некои села на курсевите биле описменети сите курсисти. Планот бил реализиран со 100 %.[120] На крајот на завршувањето на курсот се организирала свечена прослава, со богата културна програма, во која учествувале курсистите. Во текот на првото тримесечие од 1947 година, Земската комисија за борба против неписменоста одржала неколку состаноци, на кои се разгледувала состојбата во народното просветување. Од страна на Земската комисија биле испраќани екипи од стручни лица за укажување на помош на теренот. Членови на екипите најчесто биле лица од Министерството за просвета, просветни работници и членови на масовите организации. Помошта што ја укажувале овие екипи на теренот дала позитивни резултати.

---

[118] Истото.
[119] ДАРМ, фонд: 170, к. 35, ае. 24/326-328, Анализа за развојот на борбата против неписменоста по ослободувањето до 1950 година.
[120] Истото.

Во првите години по војната, евидентна била потребата од технички и материјални средства за аналфабетските курсеви (ќумбиња, табли, дрва, петролеј, ламби, простории). Овие проблеми биле присутни во цела Македонија. Покрај материјалните средства од редовниот буџет на околиските НОО, за надминување на состојбата од техничка природа, биле организирани доброволни собирни акции. Извесна помош била давана и од страна на селските кооперации, кои со цел да ја помогнат борбата против неписменоста, од своите фондови одделувале скромни парични средства. Таков бил случајот со кооперацијата од село Горно Врановци, Велешко, која, за аналфабетските курсеви во 1947 година, од својот фонд одделила еднаш 4.000 динари, а вторпат 1.500 динари, со цел да ја помогне работата на 16 аналфабетски курсеви во селото.[121] Дадената помош била резултат на писмото испратено од Министерството за просвета на НРМ до Главниот кооперативен сојуз на Македонија, со цел да влијае врз РЕКОПС-ите и кооперациите од селата од своите културно-просветни фондови да одделуваат финансиски средства за помош на аналфабетските курсеви.[122]

Сериозни мерки се преземале и за отстранување на неписменоста кај албанското и турското малцинство, особено кај женската популација. Се правеле напори за просветување на неписменото население од муслиманска вероисповед, без разлика на пол. Факт е дека во активностите за културна еманципација на турското и на албанското население, а особено на она од женски пол, голема кочница претставувале пред сѐ конзервативизмот и патријархалноста. Тешкотии се јавувале особено при опфаќањето на неписмената жена Албанка и Турчинка, во аналфабетски курсеви. Главна причина за тоа, како што напоменав погоре, биле нивните верски заблуди. Проблем за тоа, секако, бил и недоволниот број раководители- жени на аналфабетските курсеви. Според верските обичаи на населението со муслиманска вероисповед, за раководители на таканаречените женски курсе-

[121] ДАРМ, фонд:170, к. 35, ае. 14/ 271-274, Анализа за подготовките за борбата против неписменоста и преземените мерки од 3 јануари 1948 година.
[122] Истото.

ви, по правило, требало да бидат жени. Со оглед на тоа што имало многу мал број на писмени жени Албанки и Турчинки, а кои можеле да бидат ангажирани за учителки и да извршуваат разни задачи во училиштето, потребата од раководители на курсевите за жените од албанското и турското малцинство претставувало вистински проблем. Повеќе примери за тоа има во Гостивар, Тетово, Скопје, Штип итн. За описменување на жената муслиманка се применувале и поединечни форми. Така, се описменувале и поединечно, дома жените Албанки и Турчинки. Описменувањето го вршеле писмени младинци од муслиманска вероисповед, а најчесто некои што биле во роднински врски со неписмените жени. Во Скопје, и покрај тоа што во 1947 година, биле организирани курсеви за жени од муслиманска вероисповед, поради нивните верски догми, тие многу малку ги посетувале курсевите, кои најчесто биле одржувани во училиштата или пак во други културно-просветни установи. Описменувањето на Албанките и на Турчинките најчесто се вршело во групи составени од 8 до 15 жени. Наставната програма кај овие групи од жени-муслиманки тешко се реализирала. Ваквото описменување се одвивало во несоодветни приватни куќи. Условите за работа биле многу тешки. Во индивидуалното описменување на жената Албанка и жената Турчинка, треба да се одбележи и учеството на пионерската организација. Пионерите влијаеле врз своите неписмени мајки и баби за описменување, а во поголем број случаи тие и ги описменувале нив.

И покрај објективните и субјективните тешкотии, во првите години по војната бројот на описменетите лица преку аналфабетски курсеви постојано се зголемувал. Тоа ни го илустрираат и следниве статистички податоци: Во 1944/45 година биле описменети 5.000 лица; во 1945/46 година биле описменети 12.967 лица; во 1946/47 година биле описменети 37.411 лица; во 1947/48 година биле описменети 45.125 лица; во 1948/49 година- 43.642 лица и во 1949/50 година биле описменети 40.954 лица. Вкупниот број на описменети лица над 10-годишна возраст во Македонија 1944-1950 година изнесува 185.099 лица.

Иако непотполни, сепак, наведените податоци даваат можност да се заклучи дека, во првите години по војната, бројот на описменето население во Македонија, од година во година се зголемува. Од нив се согледува уште и динамиката на описменување на населението по години. Може да се констатира дека најдобри резултати се постигнати во текот на 1947/48 година, кога преку аналфабетски курсеви биле описменети 45.125 лица. Бројот на описменетите во оваа година, во споредба со 1944/45 година, се покачил за 9 пати повеќе. Процентуалното зголемување на бројот на описменетите лица не наведува на заклучокот дека политиката на народната власт за вистинско преобразување на културното ниво на населението има доминантно место во работата на народното просветување. Секако дека и понатаму, во наредните години, има резултати на планот на описменувањето на возрасното население. Но не во оној обем и не со онаа динамика, со која таа активност ја следела доста развиената и интензивна политичка работа. Неоспорен е фактот дека за само неколку години, од крајот на 1944 до 1950 година, голем број лица (185.099) стекнале основна писменост. Иако понекогаш имаше и форма на принуда, таа работа создаде основа за културно издигнување на масите. Од 1948/49 година бројот на описменетите лица веќе се намалува. Партијата (КПМ), по судирот со Информбирото била ангажирана со многубројни и поважни работи, што, секако, не можело, а да не се одрази и врз планот за описменување на возрасното население. Започнува да се намалува интересот на партиските организации за таа работа, спласнува активноста на некои комисии за ликвидирање на неписменоста и слично. Меѓутоа, и покрај сето тоа, работата на описменување на возрасното население продолжува и понатаму. Мерки за описменување на неписменото население сѐ уште преземале органите на народната власт.

Голем број лица кои успешно ги завршиле аналфабетските курсеви имале можност за понатамошно просветување и културно издигнување по пат на просветни, домаќински и друг вид курсеви. Тие, всушност, претставувале еден вид продолжение на аналфабетските курсеви. Преку овие курсеви, посетителите имале можност да ги зацврстат и прошират основните знаења

стекнати на аналфабетските курсеви (читање, пишување, сметање, пеење). На просветните курсеви курсистите добивале информации за настани и појави од нашето историско минато. Овие курсеви имале и практичен карактер, особено домаќинските курсеви.

## ГЛАВА VI- Отворање, значење и улога на народните универзитети.

Во групата институции кои имале задача, преку свои форми на работа, да го спроведуваат народното просветување меѓу населението во Македонија, се вбројуваат и народните универзитети.[123] Уште во текот на НОАВМ, со цел работата на Народните универзитети да се изедначи, Просветниот оддел при извршниот одбор на АВНОЈ, во декември 1942 година, изработил Статут на народните универзитети. Во него биле назначени организационите и идејните насоки на културно-просветните установи за воспитување и образование на возрасното население. Како една од формите за културно-просветно издигнување на населението, во текот на НОАВМ проверените народни универзитети успешно ја продолжиле својата дејност по ослободувањето. Нивната задача била што поголем број од населението да биде запознат со достигнувањата од разни научни области, како и со актуелните проблеми на современото општество. Формирањето на народните универзитети се одвивало на основачки конференции, кои обично се одржувале во салите на народните театри, кино салите, во просториите на културните домови, училиштата и слично. На основачките собранија била донесувана и конкретна програма за работа на народните универзитети. Дејноста на народните универзитети била поделена на неколку секции и тоа: прва секција за предавања; втора за пригодни академии и културни филмови, книжевни вечери и сликарски изложби; трета музичка секција, односно секција за одржување на музички и вокални концерти; и четврта, техничка секција. Значи, во делокругот на работата на народните универзитети, покрај предавањата, биле одржувани и разни културни приредби, организирањето изложби на уметнички дела, прикажувањето филмови, академии, за што се задолжувало некое лице или комисија. Секциите биле раководени од членови на одборите. Набрзо по основањето, народните универзитети започнале со

---

[123] Н. Јурукова, *Кулшурно-йросвешни...*, стр.151.

извршување на својата дејност. Нивната главна задача била да ги популаризираат основните знаења од разни научни дисциплини во градските и селските средини. Народните универзитети биле наменети за сите слоеви на населението и за сите возрасти.

Главната содржина на предавањата била областа на актуелната политика, историјата, а пред сѐ културната историја на македонскиот народ. Имало теми и од други научни дисциплини, како од областа на општата културна историја, здравството, ветерината, земјоделието, економијата. Во поедини документи се наведува дека народните универзитети имале јасна програма во работењето. Така, некои народни универзитети во своите програми повеќе внимание посветувале на темите со историска содржина, други пак на теми од политички карактер, трети на стручната проблематика итн. Меѓутоа, факт е дека работата на народните универзитети во поголем обем се одвивала преку држење предавања. Во еден статистички извештај, кој датира од крајот на јуни 1945 година, се говори дека од ослободувањето па сѐ до крајот на јуни 1945 година, во Македонија биле организирани вкупно 23 народни универзитети на кои, според истиот извор, биле одржани 109 предавања. Во периодот од 11 април до крајот на мај 1945 година, Народниот универзитет од Скопје одржал 11 предавања, 2 свечени академии, а биле прикажувани и неколку филмови. Од одржаните 11 предавања, 3 биле од областа на историјата, 5 од македонската културна историја, а по едно од економијата, политиката и воената историја. Очигледно е дека Народниот универзитет во Скопје посветувал сериозно внимание врз просветувањето на населението. Во предавачката дејност на Народниот универзитет во Скопје активно учество зеле повеќе предавачи од различни профили и наобразба, од кои некои држеле по две и повеќе предавања.[124] Според изјавите на Димитар Митрев, книжевен критичар и универзитетски професор, секој предавач мошне сериозно се однесувал кон поставените задачи, подготвувајќи го

[124] ДАРМ, фонд: 170, к. 35 ае. 27/338-344, Анализа за работата на народните универзитети во НРМ по ослободувањето до 1950 година.

излагањето сериозно, консултирајќи при тоа обемна стручна и научна литература.

Во Скопје голем интерес предизвикувало предавањето на Лазар Мојсов " Федеративното устројство основа на демократијата на Југославија ", одржано на 11 април 1945 година. Тој укажува на еден нов квалитет, што не е за одминување. Поетот Венко Марковски одржал 2 предавања (на 14 и 21 април 1945 година). Тој се свртува кон " Македонската култура и нејзините возможности во нова Југославија ". На првото предавање имало 1035 посетители, а на второто 700 посетители. Често пати Народноослободителната борба на македонскиот народ послужува како тематско-идејно исходиште во предавањето што го одржал Димитар Влахов на 25 април 1945 година, на кое имало 1.037 присутни. Базирани врз богата аргументација и со изразита интелектуална димензија, овие предавања давале впечаток дека во малите нешта се наоѓа големата смисла, а богатството е во светот околу нас и во нас, што се познати вистини, но искажани сублимирано во добиената слобода на македонскиот народ.[125] На 6 мај 1945 година пред 600 присутни Димитар Поп Ефтимов одржал пригоден реч за " Делото на Гоце Делчев ". Паскал Симитџиев (на 11 мај 1945 година) одржал предавање за " Петролот и неговото значење ", на кое имало 326 присутни. Веселинка Малинска предизвикала интерес со темата " Победата на демократските сили над германскиот фашизам " (18 мај 1945 година). На ова предавање имало 435 посетители. Ванчо Бурзевски зборувал " За аграрната реформа во Македонија " (23 мај 1945 година) зборувал пред 420 посетители. Во предавањето од 24 мај 1945 година, Љубен Лапе ќе се задржи врз " Животот и делото на словенските просветители Свети Кирил и Методиј ". На предавањето имало 275 посетители. Блаже Конески ќе одржи предавање на тема " Македонската литература и македонскиот литературен јазик ". Одржано било на 30 мај 1945 година, а имало 750 посетители. Покрај предавањата, во рамките на работата на Народниот универзитет во Скопје, на свеченостите учествувале пејачки друштва, артисти и ученици кои читале извадоци и рецитирале творби од

[125] Н. Јурукова, *Кулшурно-йросвешни...*, стр.153.

македонски поети. На 23 мај 1945 година, во организација на Народниот универзитет била одржана свечена академија во чест на денот на словенските просветители Св. Кирил и Методиј. На прославата зеле активно учество хорот од гимназијата " Јосип Броз Тито ", како и пејачките друштва. Во рамките на свечената академија, за просветната дејност во Македонија предавање одржал Димитар Митрев.

Народниот универзитет од Тетово, веднаш по неговото основање, започнал успешно да ја одвива својата работа. Така на 22 април 1945 година, пред 326 посетители, Борис Нешковски- благајник при градскиот НОО-Тетово, одржал предавање на тема " Народниот универзитет во политичкото издигнување на младината ". На 29 април 1945 година, Околискиот прочелник за просвета Борис Камчевски[126], одржал предавање на тема " Демократијата на стара и нова Југославија ", а имало 175 посетители. Панче Кировски[127], на 20 мај 1945 година, во рамките на Народниот универзитет во Тетово, зборувал за " Ликот на Гоце Делчев ". Имало 230 посетители: На 7 јуни 1945 година Венко Марковски одржал предавање " За македонската култура и нејзините возможности за развиток во нова Југославија ", на кое имало 250 посетители. Лазар Мојсов на 17 јуни 1945 година зборувал на тема: " Федеративното устројство- основа на демократијата на Југославија ". Имало 245 посетители. Блаже Конески, на 24 јуни 1945 година, одржал предавање на тема " Македонската литература и македонскиот литературен јазик ". Имало 245 посетители.[128]

Народниот универзитет од Гостивар, во текот на април и мај 1945 година организирал две предавања. Митко Илиев[129] на 14 април зборувал на тема " Борбата на македонскиот народ низ историјата ". Имало 120 посетители. Борис Камчевски, пак, на 20 мај, пред 200 посетители, одржал предавање на тема " Демократијата на стара и нова Југославија ".

---

[126] Борис Камчевски, борец од 1941, родум од Галичник, фармаколог.
[127] Панче Кировски, професор на Економскиот факултет во Скопје.
[128] ДАРМ, фонд: 170, к.35 ае. 8/246-248.
[129] Митко Илиев, професор на Филозофскиот факултет.

На 20 мај 1945 година, Народниот универзитет во Куманово организирал предавање на кое Венко Марковски настапил со истата тема за која зборувал во Скопје и во Тетово. На предавањето имало 300 посетители. На 27 мај 1945 година, пред 350 посетители, Павел Шатев[130] зборувал на тема " Ослободителната борба на македонскиот народ ". На 10 јуни, пак, Веселинка Малинска одржала предавање на иста тема како и во Народниот универзитет во Скопје. На предавањето имало 280 посетители.

Видна е активноста на Народниот универзитет во Струмица. На 25 февруари 1945 година за " Новиот народен универзитет " зборувал учителот Арсо Николов. На предавањето имало 700 посетители. На 4 март, пред 300 посетители д-р Дубровски одржал предавање на тема " Петнис Тифус ". На 1 април учителот Арсо Николов зборувал за " Смисолот на новото воспитување ". Пак, имало 300 посетители. Д-р Џеков, по професија ветеринарен лекар, на 7 април одржал предавање на тема " Културните врски помеѓу Советскиот сојуз и Македонија ". Имало 600 посетители. Околискиот прочелник за просвета на Струмица, пак, Кирил Божинкочев, на 8 април 1945 година одржал предавање посветено на "Животот и борбата на Гоце Делчев". Имало 600 посетители.

Значајна е активноста на Народниот универзитет од Берово. На 20 март 1945 година било одржано предавањето " Новиот народен универзитет и народното просветување ". Предавач бил, учителот Иван Марковски присуствувале 500 лица. На 12 мај пред 800 слушатели, училишниот инспектор, Ристо Елимов, одржал предавање на тема " Просветната политика на поробувачите и новата народна просветна политика ". Мошне жив интерес предизвикало предавањето кое на 24 мај го одржал учителот Иван Марковски на тема " Св. Кирил и Методиј- словенски учители ". Имало дури 1000 посетители. Учителот Митко Кацаровски пак пред 1000 посетители, на 27 мај 1945 година одржал предавање на тема " Животот и борбата на Гоце Делчев ".

---

130 Павел Шатев од Кратово, еден од учесниците во Гемиџиските настани во Солун, април 1903. По ослободувањето бил министер.

Успешна активност развил и Народниот универзитет од Гевгелија. Ги организирал следните предавања: “ Новиот народен универзитет “ на кое предавач бил студентот Георги Ангов, предавањето било одржано на 5 февруари 1945 година, а присуствувале 150 слушатели. На тема “Пегавиот тифус“ на 10 март зборувал д-р Мицев, лекар од Гевгелија, пред 200 слушатели. “ Животот и борбата на Гоце Делчев “ е тема на предавањето што го одржал Илија Узунов, училишен инспектор на 8 мај пред 300 посетители. На 24 мај Узунов одржал уште едно мошне интересно предавање, сега на тема “ Словенските учители Св. Кирил и Методиј “ на кое имало 300 посетители.[131]

Видна е активноста на Народниот универзитет од Велес. Од 8 мај до 30 јуни 1945 година ги организирал следниве предавања: “ Опасноста од пегавиот тифус “ предавач Панче Васков, по професија лекар. На предавањето имало 120 посетители. Предавањето “ Македонската нација осветена преку Ленин- Сталиновата теорија “, пред 200 посетители го одржал Борис Андов, вработен во ОЗНА. “ Историски и географски преглед на Македонија “ е предавање одржано од проф. Славка Јанева, пред 180 слушатели, а “Народното просветување “ од учителот Петре Тодоров, на кое присуствувале 120 посетители. За “ Народноослободителната борба на Демократска Федеративна Југославија “ предавач бил Киро Попадиче, политички комесар. На него имало 180 слушатели. “ Лозарството во Македонија “ е темата на која зборувал Тодор Шурков, економ, а имал 180 слушатели. “ Петролот и неговото значење “ е темата на Паскал Симитчиев, инжењер, кој имал 250 слушатели. За “ Просветната политика во Македонија по ослободувањето “ предавање одржал Епаминонда поп Андонов, кого го слушале 220 посетители. Темата “ Македонската култура “ и предавачот Венко Марковски собрале 260 посетители, а темата “ Значењето на книгата во образованието и воспитанието “ и учителот Петре Тодоров како предавач имале 250 слушатели.

Видна е активноста што на овој план ја прави Народниот универзитет од Битола, во текот на мај и јуни 1945 година. Предавање за “ Животот и делото

---

[131] ДАРМ, фонд 170, к. 35 ае 27/338-344.

на големиот советски научник Мичурин " одржал Георги Илиевски, агроном. " Адвокатурата како институт во науката и правосудството " е тема на предавањето што го одржал судијата Александар Христов- Цанко на 4 мај 1945 година; за " Задругарството " предавал Ристо Тодорчески. За " Македонското народно-ослободително движење " Димитар Митрев: на тема " Наука, техника и друштво " предавал Орде Печијаре; за " Животот и делото на браќата Кирил и Методиј " Илија Јанкуловски; за " Аграрната реформа во Македонија " Крсте Симовски; за " Суштината на сојузот меѓу СССР, Англија и Америка " предавал Алексо Кусалковски; за " Македонската литература и македонскиот литературен јазик " било тема на предавањето на Блаже Конески. [132]

Кога се во прашање народните универзитети во Македонија, освен изнесениве податоци за одржаните предавања, располагаме со податоци и за наредните години. Резимирано, ќе ги изнесеме следните податоци. Врз основа на еден извештај, во јануари 1948 година, во Битолската околија имало 6 народни универзитети, биле одржани 15 предавања, со вкупно 825 присутни (663 мажи и 262 жени). Во Беровската околија имало 3 народни универзитети, биле одржани 3 предавања со вкупно 1070 присутни (600 мажи и 470 жени). Во Бродска околија бил организиран еден народен универзитет, кој одржал само едно предавање со 120 присутни (80 мажи и 40 жени). Во Гостиварската околија бил организиран 1 народен универзитет, тој одржал 2 предавања, со вкупно 299 присутни (167 мажи и 132 жени). Во Ѓорчепетровска околија имало 2 народни универзитети, тие одржале 2 предавања на кои имало 430 присутни (309 мажи и 121 жена). Во Дебарската околија 2 народни универзитети, кои одржале 5 предавања, на нив имало 896 присутни (511 мажи и 385 жени). Во Демирхисарска околија бил организиран 1 народен универзитет, а во него било организирано едно предавање со 70 присутни (10 мажи и 60 жени). Во Кичевска околија бил организиран исто така 1 народен универзитет. Тој организирал 2 предавања со вкупно 860 присутни (460 мажи

[132] ДАРМ, фонд 170, к. 36 ае. 21/152-154, Преглед на народните универзитети и одржаните предавања по градови од 1945 до 1947 година.

и 400 жени). Трите народни универзитети во Кратовска околија одржале 2 предавања на кои имало 159 присутни (97 мажи и 62 жени). Во Кривопаланечка околија имало 1 народен универзитет. Но тој одржал 3 предавања, а присутни биле вкупно 227 лица (150 мажи и 77 жени). Петте народни универзитети во Кочанска околија одржале 6 предавања. На нив присуствувале 854 лица (604 мажи и 250 жени). Во Ресенската околија биле организирани 2 народни универзитети, кои одржале 8 предавања, со 995 слушатели (882 мажи и 113 жени). Во Радовишка околија биле организирани 22 народни универзитети. Тие одржале 110 предавања со 4.467 присутни (3.491 мажи и 996 жени). Во Струшка околија работел 1 народен универзитет, тој одржал 24 предавања со вкупно 321 присутни (203 мажи и 118 жени). Во Струмичка околија биле организирани 2 народни универзитети, а тие организирале 6 предавања со вкупно 800 слушатели (550 мажи и 250 жени). Во Титовелешка околија биле организирани 5 народни универзитети. Тие организирале 8 предавања со 840 присутни (360 мажи и 480 жени). Во Тетовска околија работеле 7 народни универзитети, одржани биле 23 предавања на кои имало вкупно 1.805 присутни (1426 мажи и 379 жени). Трите народни универзитети што биле формирани во Тиквешка околија одржале вкупно 11 предавања. На нив имало 761 слушател (559 мажи и 202 жени). Во Штипска околија биле организирани 12 народни универзитети. Бројот на нивните одржани предавања е 11, а бројот на присутните 1.160 (826 мажи и 334 жени). Во Светиниколска околија имало 1 народен универзитет, а неговата актива е едно предавање на кое имало 140 присутни (80 мажи и 60 жени). Во Крушевска околија постоел 1 народен универзитет, а во неговата актива има едно предавање со 285 присутни (220 мажи и 65 жени). Во Битола работел 1 народен универзитет кој одржал 2 предавања на кои имало 800 присутни (300 мажи и 500 жени). Во Охрид имало 1 народен универзитет. На првите 4 предавања имало 500 присутни (200 мажи и 300 жени). Единствениот народен универзитет во Прилеп, одржал 2 предавања на кои присуствувале 1000 слушатели (600 мажи и 400 жени). Во Скопје 3-те народни универзитети одржале 8 предавања на кои имало 4.100 присутни (не располагаме со

податоци колку присуствувале мажи, а колку жени). Во Струмица имало 1 народен универзитет. Тој одржал 2 предавања со 850 присутни (640 мажи и 210 жени). Во Велес исто така 1 народен универзитет, кој одржал 3 предавања со 530 присутни (340 мажи и 190 жени). Единствениот народен универзитет во Тетово, одржал 3 предавања, на кои имало 800 присутни (500 мажи и 300 жени). Во Штип имало 1 народен универзитет, а тој одржал 2 предавања со 660 присутни (450 мажи и 210 жени). Во Куманово работел еден народен универзитет, кој одржал 5 предавања со 2.064 присутни (1264 мажи и 800 жени).[133]

Во извештајот нема податоци за бројот на организираните народни универзитети во Гевгелиска, Кумановска, Охридска, Прилепска, Скопска и Царевоселска (Делчевска) околија.

Бројот на предавањата на народните универзитети во Македонија сé повеќе и повеќе се зголемувал. За предавачи биле ангажирани истакнати општествено-политички, културни и научни работници, најчесто просветни работници (професори, учители, училишни инспектори), потоа лекари, економисти, правници, инжењери, агрономи, политички комесари, студенти, како и други лица од повеќе јавни и културни институции: театри, болници, судови, ветеринарни станици итн. Различноста на обработените теми претставувала важен услов за интересот и за масовната посетеност на предавањата, што, несомнено, придонесло во културно-просветното издигнување на населението во Македонија.

Слободно може да се констатира дека во Македонија, во годините по ослободувањето, се зголемува бројот на народните универзитети, бројот на одржаните предавања, како и бројот на присутните. Меѓутоа, од историската реконструкција, односно од обработката на историските податоци се доаѓа до заклучок дека точната бројка на народните универзитети по години не може реално да се определи. Биле регистрирани обично повеќе народни универзитети од реалната состојба. Така, предавачката активност

[133] ДАРМ, фонд 170, к. 36 ае. 46/282-345, Прегледи од работата на Одделението за народно просветување и неговите отсеци.

организирана како од страна на активите на Агипроп комитетите, така и од страна на Народниот фронт била регистрирана како дејност на народните универзитети.

Работата на народните универзитети била грижа и на раководствата на Советот на предавачи, како еден вид високо управно и советодавно тело. За решавањето на одделни организациски, образовно-културни, финансиски и други прашања, Советот на предавачи избирал одбор-управа.[134] Народните универзитети биле раководени од одбори-управи во чиј состав влегувале: едно стручно лице-просветен работник, претставник на посетителите на предавањата на Народните универзитети, претставник на органите на народната власт и еден претставник на општествено-политичките организации. Управните одбори за делокругот на работата биле непосредно одговорни пред Советот на предавачи и пред надлежните просветни органи на власта.[135]

Вистинската димензија, местото и актуелноста на Народните универзитети условиле при Министерството за просвета на НРМ на 1 декември 1949 година да се формира Централна управа на народните универзитети во Македонија. Меѓу поглавните задачи на управата се правилно организирање на мрежата на Народните универзитети и давањето потребна помош во нивната работа.

Напатствијата, издадени од страна на Централната управа во јануари 1950 година, даваат насоки за работата на Народните универзитети. Тие сé повеќе се актуелизирале и спаѓаат во работните и во официјалните документи на Централната управа на Народните универзитети. Содржината на напатствијата е распоредена во неколку глави, кои ја содржат организационата структура на народните универзитети. Според напатствијата на Повереништвата за просвета, при обласните НОО требало да се формираат обласни управи, а при околиските и градските повереништва за просвета да се формираат околиски, односно градски управи на народните универзитети.

[134] ДАРМ, фонд 170, к.35 ае.6 /109-122, Извештај за работата на Одделението за народно просветување во периодот од 1945-1950 година.
[135] Истото.

Во јануари 1950 година, Централната управа на народните универзитети донела Упатство за работа.[136] Упатството било доставено до обласните, околиските и градските поверенства за просвета. Дискусијата по упатството за работа на народните универзитети дала повод за интересни и полемични искажувања во врска со прашањето на организационата структура на народните универзитети. Врз основа на ова упатство била извршена реорганизација на работата на народните универзитети. Управите на обласните, околиските и градските народни универзитети имале за цел, во координација со надлежните поверенства за просвета и култура, со партиските комитети, со сојузот на културно-просветните друштва и масовите организации, а особено со народно-фронтовската организација, да ја организираат работата на народните универзитети на своите подрачја.

Се дознава дека Главниот одбор на Народниот фронт на Македонија, преку секцијата за идеолошко воспитување, ја контролирал работата на народните универзитети. Политиката на Централната управа за развој на народните универзитети била следната: Народниот универзитет од Скопје организационо да се зацврсти, да се прошири и да прерасне во Централен народен универзитет во Македонија; обласните народни универзитети да се издигнат на ниво на централни народни универзитети во односната област; организационо зајакнување на околиските и на градските народни универзитети; проширување на мрежата на народните универзитети не само во градовите, туку и во поголемите селски населби; да се формираат народни универзитети и при поголемите индустриски претпријатија и рударски населби; да им се даде поголема помош на народните универзитети кои имаат потреба од стручни профили за одржување на предавањата итн.

До обласните, околиските и градските управи на народните универзитети, централната управа доставила и рамковен план на предавања кои требало да бидат одржувани на народните универзитети. Во програмата биле предвидени и филмски проекции, а најголем дел од предавањата биле од разни научни

[136] ДАРМ, фонд 170, к.32, ае 4/26, Упатство за работа на народните универзитети.

дисциплини. Предавањата обично се држеле во неделите или во други празнични денови, за да може населението помасовно да присуствува.

## ГЛАВА VII- Појава, развој и одлики на библиотекарската дејност во НРМ

Библиотекарската дејност во Македонија во годините по Втората светска војна се развивала по иницијатива на библиотечните институции, кои дејствувале во разни сегменти од општествениот систем. Како основни носители на библиотечното дело, библиотеките се вбројуваат во редот на оние институции кои остваруваат основни културни вредности во општествениот живот. Развојот на библиотекарската дејност, во доволна мера, бил обусловен од општествено-политичките прилики во Македонија.

Кога зборуваме за развојот на библиотекарството во Македонија во годините по Втората светска војна, треба да се насочиме и кон неговите далечни корени. Развојните традиции на македонското библиотекарство се втемелени во книжевното дело на нашите истакнати просветители св. Климент и Наум Охридски.[137] Во текот низ вековите, развојот на библиотекарството во Македонија, во доволна мера зависел од постојните општествено-политички, економски и културно-просветни состојби.

Времето на зачетоците на конституирањето на современата македонска држава, истовремено е и период на современи зачетоци на разни витални општествени дејности, меѓу кои, секако, значајно место ѝ припаѓа на библиотекарската дејност. Кон крајот на 1944 година, Президиумот на АСНОМ - Поверенство за просвета, покренува иницијатива за заштита на

[137] Климент Охридски, по смртта на своите учители- Кирил и Методиј (Кирил умира во Рим, 869 година, а Методиј во Моравија, 885 година), развил богата културно-просветна и книжевна дејност во Македонија, поточно во охридскиот крај. Климент е познат и како градител на цркви и манастири кои располагале со библиотеки. Тој е еден од основоположинците на македонското библиотекарско дело. Близок соработник на Климента е Наум Охридски, кој исто така развил плодна културно-просветна дејност. Наум Охридски го изградил еден од најубавите манастири во Македонија, денешниот " Свети Наум " на јужниот брег од Охридското Езеро. Манастирот располагал со мошне богата библиотека. Така, овој манастир на Наум Охридски, како и манастирите и црквите на Климент Охридски, уште од почетокот обилувале со богат книжевен фонд, а подоцна низ вековите, станале и вистински ризници на словенски и други книги и ракописи. Манастирите и црквите од времето на Климент и Наум Охридски можат да се вбројат меѓу првите културни институции што располагале со мошне богати библиотеки. Со Климентовата библиотека, која се споменува во житието на Теофилакт (од која еден дел Климент ја завештал на неговиот манастир Св. Пантелејмон, а другиот дел на Епископијата), како и со библиотеката на Наум Охридски во неговиот манастир Св. Архангел Михаил, започнуваат првичните никулци на развојот на библиотекарството во Македонија.

книжниот фонд и за развој на библиотекарството, која почнува да се реализира во 1945 година. Тогаш во Македонија се создале неопходните услови за организирање на библиотечната дејност.[138]

Повереството за просвета при Президиумот на АСНОМ, во областа на библиотекарството се судрило со бројни проблеми: несоодветни простории, несоодветен стручен кадар, мал книжевен фонд, и сл.

Во текот на Втората светска војна, библиотеките и читалиштата, како и другите културно-просветни институции, во Македонија претрпеле огромни штети. За време на НОАВМ, голем број од книжните фондови биле опожарени или однесени надвор од Македонија, а библиотеките и читалиштата биле разурнати или пренаменети. Окупаторските војски, при своето повлекување, не ги поштеделе ни библиотеките, ни читалиштата. Во еден извештај на Комисијата за проценка на воени штети нанесени од окупаторите, датиран со 25 декември 1944 година,[139] дадена е слика на дел од штетите нанесени врз библиотеките во Македонија. Од содржината на Извештајот дознаваме дека бугарските окупаторски војски, при своето повлекување од Македонија, нанеле огромни штети на училишните библиотеки во Битола, Охрид, Прилеп, Кавадарци, Велес, Скопје, Штип и други градови. Во Извештајот се наведува дека бугарските чиновници кои престојувале во Македонија со посебна " културно-просветна мисија ", при нивното заминување однеле многу книги во Бугарија, земени од разни училишни библиотеки, а особено од цркви и манастири во Македонија.[140]

Просветните органи на народната власт, културните работници, интелигенцијата воопшто, носена од полетот за изградување сопствена национална просвета и култура, настојувале да ја прошират мрежата на библиотеките и читалиштата во Македонија. Тоа го потврдува и писмото од 15 јануари 1945 година, во кое Повереството за народна просвета бара од околиските, од градските и од месните НОО да преземат мерки за отворање

[138] ДАРМ, фонд 170, к. 35, ае.41, 419, Реферат за состојбата на народните библиотеки и читалишта во НРМ, поднесен од Илија Богоевски.
[139] ДАРМ, фонд 170, к. 45, ае.8.
[140] ДАРМ, фонд 170, к. 26, ае.15.

на библиотеки.[141]

Поверенството за просвета, во почетокот на 1945 година донело еден вид " Програма "[142] која била доставена до органите на народната власт ширум Македонија. Со оваа " Програма ", практично биле поставени темелите на организиран пристап кон библиотекарската дејност. Мошне значаен документ, донесен од Поверенството за просвета во јануари 1945 година бил " Привремениот правилник за библиотеките во Македонија ". " Правилникот " ги одредил задачите и целта на библиотеките, а биле наведени и прашања од организационен карактер. Библиотеките-читалишта " Правилникот " ги дефинирал во две групи: градски и селски библиотеки. Во првата група влегувале т.н., градски библиотеки и тоа: централни библиотеки- читалишта и разни други библиотеки- читалишта. Во втората група на т.н. селски библиотеки влегувале: читалишта во седиштето на општинските НОО и селските читалишта.

Во текот на 1946 година, на иницијатива на тогашното Министерство за народна просвета, било донесено упатството насловено како: " Кратко раководство и напатствие за работа на малите градски библиотеки и селски читалишта ".[143] Упатството недвосмислено ја дефинира големата улога и значење на библиотекарството за развојот на културно-просветниот живот и нуди практични напатствија за организирање на стручното библиотечно работење. Во него, меѓу другото, се потенцирало дека " Библиотекарството претставува значајна културно- општествена гранка " и дека неговиот развој требало да биде перманентна грижа на државата.

Општествено-политичките организации, а особено НОФ, АФЖ и НОМСМ, започнале широка акција за собирање книги и обновување на објектите на дотогашните библиотеки. Работата за отворање на народните библиотеки и читалишта била доста интензивна. Тоа најдобро го илустрираат

---

[141] ДАРМ, фонд 170, к.27.

[142] ДАРМ, фонд ЦККПМ (во понатамошниот текст за фондот ЦККПМ ќе ја употребувам сигнатурата на фондот 427) к. 13, ае9, 35-40, Програма за работа на библиотеките од февруари 1945.

[143] ДАРМ, фонд 427, к. 13, ае.10.

податоците за библиотеките во првите години по војната, од кои може да се види како течел развојот на библиотеките во Македонија.

Президиумот на АСНОМ- Поверенството за народна просвета, на 23 ноември 1944 година донел одлука за основање Народна библиотека во Скопје,[144] како институција од особен национален интерес и со посебно значење за развитокот на културно-образовната и научната сфера на македонската држава.

Народната библиотека во Скопје работела одобрените правила за работа на библиотеките донесени од Поверенството за просвета.[145]Според член 2 од " Правилата " дејноста била насочена кон култивирање на членството, односно " со одбрана лектира, Народната библиотека да ја развива националната свест и чувства, да го јакне народното единство и да го негува и развива книжевниот вкус кај членството; да работи на зближување и заемно запознавање на граѓаните во интерес на заедничките напори за унапредување на Скопје; да го помага просветувањето на културно заостанатото градско и селско население, да им помага на неписмените или површно школуваните лица во туѓите училишта, да презема активности кои се во интерес на културното издигнување на населението од градот и пошироко.[146]

Народната библиотека " Св. Климент Охридски " од Скопје, уште од својот почеток располагала со книжен фонд кој изнесувал приближно 150.000 библиотечни единици. Истражувањата изнесоа на видело докази дека почетниот книжен фонд, главно, бил формиран од книжниот фонд на библиотеката на Филозофскиот факултет во Скопје, како и од подароци, но и со финансиски средства на поединци за новокупените книги. Во библиотеката биле застапени книги од разни области на науката: дела од југословенската книжевност, од југословенската и од општата историја, од уметноста, социологијата, филозофијата, како и дела со интересни податоци за Македонија. Народната и универзитетска библиотека тогаш била сместена во зградата на стариот Филозофски факултет (срушен во земјотресот, на ло-

[144] *Библиотекарска искра*, Скопје, 1969, бр. 13, 15.
[145] ДАРМ, фонд: АСНОМ, к.8, Правила за работа на библиотеките.
[146] Истото.

кација кај сегашната зграда на МАНУ), во недоволен и адаптиран простор за вршење на библиотечната дејност.[147]

Сместувањето на книгите и обработката (каталогизирањето и сигнирањето) биле водени според најпрактичниот систем во тоа време. Народната библиотека во Скопје, како прва од таков вид, одиграла значајна прогресивна општествена улога во помагањето на културно-просветното дело. По својата функција таа, била народна и универзитетска библиотека, доста посетувана од студенти, средношколци и од други луѓе што чувствувале потреба и биле заинтересирани за напредок. Библиотеката претставувала најдобра можност за оспособување на младите поколенија да се служат со достигањата на просветата и науката и побрзо да излегуваат од темнината на примитивизмот и заостанатоста.

Читателите брзо ја осознале практичната полза од Народната библиотека, како во поглед на општото просветување, така и во ширењето на елементарните познавања од разни гранки на науката, географијата, историјата и сл. Народната и универзитетска библиотека во Скопје била масовно посетувана. Со своите скромни книжни фондови, со стручната обработка и со читателската публика, таа донекаде се изедначила со поголемите народни и универзитетски библиотеки од тоа време во другите југословенски републики

Во 1945 година народни библиотеки биле формирани во: Битола, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Охрид, Прилеп, Ресен, Свети Николе, Скопје, Струга и Тетово; во 1946 година во Берово, Струмица, Велес и Штип итн.[148]

Анализата на положбата на библиотеките во Македонија претставува своевиден показател на културното ниво во поедини средини. Во Македонија во 1945 година биле формирани 82 народни библиотеки, со приближно 230.000 единици книжен фонд. За релативно кратко време активностите за развој на библиотечната дејност се сé поинтензивни и земаат сé поголем замав, од што резултира перманенттното зголемување на бројот на новоот-

---

[147] ДАРМ, фонд Министерство за просвета на НРМ, к. 6, ае.38.

[148] ДАРМ, фонд: 170, к.36, ае. 4/38, Список на библиотеките и библиотекарите во Македонија 1945-1950 година.

ворени библиотеки. Бројната состојба на библиотеките од 1946 до 1949 година се гледа од следните статистички податоци. [149]

Во Македонија, во 1946 година имало вкупно 488 библиотеки со вкупно 29.295 членови, кои прочитале околу 26.043 книги; во 1947 година биле регистрирани 917 библиотеки со 119.357 членови, кои прочитале 125.288 книги; во 1948 година имало 1.137 библиотеки со 270.618 членови кои прочитале 186.352 книги; а во 1949 година имало околу 1.195 народни библиотеки во градски, приградски и селски населби. Само за 6 месеци од оваа година биле евидентирани 192.389 читатели, кои прочитале вкупно 118.756 книги.[150]

Масовното отворање народни библиотеки не било соодветно проследено со бројот на книгите и со периодичните публикации со кои располагале. Во недостаток на стручна литература, единствената можност за нејзиното надоместување, библиотечните кадри во Македонија ја гледале во размената стручни искуства со библиотечните работници од другите југословенски републики и во воспоставувањето активна соработка во рамките на глобалната политика и заеднички правци за развој на библиотекарството во Југославија.

Народната и универзитетска библиотека во Скопје, истовремено се користела и како поволна можност за одржување советувања и педагошки конференции по прашања што ги наметнувал развитокот на просветното дело. Библиотеките во Македонија ја чувствувале потребата од одржување постојани контакти со Народната и универзитетска библиотека. Помошта што ја укажувала оваа библиотека била разновидна, а се однесувала на стручното оспособување и издигнување на библиотечниот кадар, на стручното уредување на книжните фондови, во давањето напатствија за работа со читателите итн.

---

[149] Ѓ. Киселинов, *Библиотекарството во минатото во Македонија*, Библиотекарска Искра, Скопје, 1956, бр. 5 и 6.

[150] ДАРМ, фонд: 170, к.36, ае. 10/138, Преглед на библиотеките и читалиштата во НРМ, со податоци за бројот на книгите во нив, бројот на имателите и бројот на прочитаните книги во текот на 1938/39 и од 1945 до првата половина од 1949 година.

Народната библиотека од Скопје била организатор на повеќе курсеви и семинари за оспособување на библиотечни работници. Тие претставувале погодна форма за стручно издигнување на библиотечниот кадар. Во Скопје, од 21 ноември до 1 декември 1946 година бил одржан првиот десетдневен библиотекарски курс, на кој учествувале 30 лица, претставници на повеќе библиотеки од Македонија. Вториот библиотекарски курс бил одржан пак во Скопје, од 15 до 30 април 1947 година.[151] Секоја година во месец септември во Македонија била организирана " недела на книгата ". Така во рамките на првата " недела на книгата ", од 13 до 15 септември 1948 година, започнал со работа и тридневен курс за оспособување на раководители за библиотекарските семинари.[152] По иницијатива на Министерството за народна просвета на НРМ и со голема помош на Народната библиотека од Скопје, во 1949 година бил организиран повеќемесечен курс за стручно оспособување на библиотекарските работници. Курсот работел од 20 јануари до 4 април 1949 година во Скопје. По однос на времетраењето, курсот бил тримесечен, траел најдолго од сите што дотогаш биле одржани во Македонија. На курсот биле одржани 29 предавања со разновидна тематика од областа на библиотекарството.[153]

---

[151] Биле одржани предавањата: *Воспитната улога на библиотекарот*, *Беседа на библиотекарот со читателите*, *Значењето на книгата за воспитанието и образованието*, *Книгата во служба на народот*, *Библиотеките во служба на народот*, *Значењето на книгите за засилување на револуционерното движење и ослободување на пролетаријатот*, *Со какви книги ќе го снабдеме читателот*, *Настанокот на писменоста*, *Клинесто писмо и хиероглифи*, *Папирус и пергамент*, *Изнаоѓање на папирот и печатниците*, *Првата книга и првите библиотеки*, *Историја на библиотекарството*, *Народното творештво и старата литература-претставители и литературни видови*, *Реализмот во Франција, Англија, Русија и Југословенскиот реализам*, *Хуманизам и ренесанса, хуманизам и ренесанса во Дубровник*, *Комедијата во Дубровничката литература*, *Марин Држиќ*, *Литературата во 17 век во Дубровник*, *Максим Горки*, *Претставители на пролетерскиот реализам*, *Литературата на НОАВМ*, *Македонската современа литература*, *Детска литература*, *За литературата од областа на природните науки*, *Библиотекарството и библиотеките во 19 век*, *Уредување на библиотеките*, *Магазините на библиотеката*, *Просторија на библиотечното обработување на книжниот фонд*, *Издавање книги на читателите*, *Чување на книгите во библиотеките*, *Чување на книгите од читателите*, *Поврзување на книгите*, *Буџетот на библиотеките*, *Што е книгата*, *Формат на книгата*, *Сигнирање*, *Инвентарисување*, *Азбучен каталог, стручен каталог, основен каталог*, *Уредување и одржување на библиотечните каталожни картотеки*, *Заема и подвижна библиотека*.

[152] ДАРМ, фонд: 170, к. 36, ае. 6/40, Список на раководителите.

[153] ДАРМ, фонд: 170, к. 36, ае. 6/40.

На курсот посебен интерес предизвикале и темите од областа на литературата (12 предавања), а биле застапени и содржини со тематика од областа на политичката економија.[154]

Во 1951 година продолжило образованието на библиотечниот кадар, а биле организирани и два библиотечни семинари, едниот во Скопје, а другиот во Битола. Со одржување на библиотекарски курсеви и семинари се продолжило и во наредните години. Од 16 до 23 мај 1952 година во Скопје бил одржан неколкудневен библиотекарски курс, на кој слушатели биле претставници од народните библиотеки во Македонија. Во програмата на курсот посебно внимание предизвикале прашањата од организацијата на библиотечната работа, посебно од областа на библиотечната техника.[155]

Следствено, можеме да дојдеме до констатација дека во периодот од ослободувањето до 1953 година, по иницијатива на Народната и универзитетска библиотека, биле одржани повеќе курсеви и семинари за стручно оспособување на библиотекарскиот кадар. Одржувањето на курсевите било финансиски помагано од највисоките просветни органи во државата. Времетраењето на курсевите било различно. Траеле од неколку денови до три месеци.

Покрај библиотекарските курсеви и семинари, значајно место за стручно издигнување на библиотекарските работници имаат и еднодневните или дводневните библиотекарски советувања на кои биле покренувани актуелни прашања од областа на библиотекарството.[156]

Овие форми на стручно оспособување на библиотекарскиот кадар одиграле значајна улога за развојот на библиотекарската дејност во нашата земја. Курсевите и советувањата, различни по времетраењето, а единствени во целта, придонеле библиотечните работници да се збогатат со стручни знаења и имаат посебно место во трансформацијата и унапредувањето на би-

[154] ДАРМ, фонд 170, к.26, ае.32.
[155] ДАРМ, фонд 170, к. 32, ае.92.
[156] А.Г. Андоновски, *Народната и универзитетска библиотека " Климент Охридски "- центар за стручно усовршување на библиотечниот кадар во Социјалистичка република Македонија*, " Библиотекарска искра ", (списание на библиотекарите во СР Македонија), год. VI, бр. 15-16, Скопје 1970-1971, 16.

блиотекарството во Македонија.

За развојот на библиотекарската дејност од големо значење било основањето на Друштвото на библиотекари на Македонија. Иницијативата била покрената на Првото советување на библиотекарските работници, одржано во Белград од 25 до 28 мај 1949 година, на кое учествувале и претставници на библиотеките од Македонија. На ова советување била покрената иницијатива за формирање на сојузно тело, со задача да ги обединува и насочува активностите на републичките друштва на библиотекарските работници, а воедно да придонесува за формирањето на единствена организација за развој на библиотечната дејност во ФНР Југославија. На советувањето бил формиран Иницијативен одбор, кој добил задача да го организира Основачкиот конгрес на идниот Сојуз на друштвата на библиотекарите во Југославија. На советувањето во Белград, Иницијативниот одбор дошол до искристализирани ставови во однос на формирањето републички друштва на библиотекари во оние републики каде што немало формирано. Дадена била препорака соодветните републички органи брзо и ефикасно да пристапат кон разрешување на ова актуелно прашање. Со сигурност може да се тврди дека, за релативно кратко време по одржувањето на советувањето во Белград, дошло до формирање на друштва на библиотекари во Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.[157]

Друштвото на библиотекари на Македонија било формирано на 16 септември 1949 година[158] во Скопје, во просториите на Средната музичка школа. Формирано е по иницијатива на Министерството за просвета на НРМ и со помош пред сé на Народната библиотека (денес НУБ " Климент Охридски "-Скопје). На Основачкото собрание присуствувале 49 библиотекари-претставници на градските библиотеки од Македонија. На Основачкото собрание бил избран Управен одбор, а за претседател на Друштвото бил избран проф. Епаминонда Попандонов[159] од Гевгелија. Исто така, биле избрани и делегати за Првиот конгрес на Сојузот на државните

[157] ДАРМ, фонд 170, к.3, ае. 11/139.
[158] ДАРМ, фонд 170, к. 36, ае. 217.
[159] Истото

библиотекари на ФНРЈ, кој се одржал од 23 до 25 септември 1949 година во Љубљана.[160]

Во почетокот на 1950 година Друштвото изработило Програма[161] во која, покрај другото е забележано и следното:

- Македонското библиотекарско друштво ќе се грижи за подобро организирана работа и за напредок на библиотекарската дејност во Македонија;
- За сите библиотекарски работници од Македонија, Друштвото ќе се залага да им ја олесни работата;
- Друштвото ќе се грижи за омасовување и офаќање на што поголем број членови од сите видови на библиотеки во Македонија;
- Ќе се грижи за стручно усовршување на кадарот, подигање на повисок степен на стручното библиотечно работење, ќе организира стручни семинари, советувања по разни прашања од библиотекарското работење, ќе настојува да издава прирачници и упатства за библиотекарското работење;
- Ќе организира културно-образовни манифестации и ќе применува разни форми за популаризација на библиотеките и нивните книжевни фондови.

На 19 ноември 1950 година во Скопје, било одржано второто годишно собрание на Македонското библиотекарско друштво. За претседател на Друштвото бил избран Епаминонда Попандонов.[162]

Третото годишно собрание Друштвото го одржало на 24 февруари 1952 година, а за претседател бил избран Митко Зафировски, директор на Народната библиотека во Скопје.[163]

---

[160] На првиот конгрес на југословенските библиотекари, Нада Петрова, претставник на Македонското библиотекарско друштво, била избрана за потпретседател на Извршниот одбор на Сојузот, Перса Вилос за член, а Епаминонда Попандонов, за член на Комисијата за финансии.

[161] ДАРМ, фонд 170, к. 34, ае. 67/464.

[162] ДАРМ, фонд 170, к. 36, ае. 230.

[163] Истото.

Друштвото на библиотекарите на Македонија, во првичните години од своето конституирање, со многубројните активности започнува професионално, плански и организационо да го следи и насочува развојот на библиотечната дејност. Тоа сé повеќе ја зацврстува својата улога и станува значаен субјект во библиотекарската област.

## ЗАКЛУЧОК

Културно-просветните појави и процеси во Македонија претставуваат светла традиција, чии почетоци се вткаени во епохалното дело на словенските просветители Кирил и Методиј. На словенскиот род тие му ја дадоа првата писменост и првите книги, а со тоа ги поставија основите на културата не само на македонскиот туку и на другите словенски народи. Континуитетот на културно-просветниот развој на Македонците во минатите векови длабоко ги носеше во себе патриотските заложби на преродбенските дострели и искуствата за опстојба на националната култура и просвета.

Познато е дека во периодот меѓу двете светски војни, како и за време на окупацијата, независно под чија власт се наоѓаше Македонија, нејзе и беше одземено правото на национално образование. Преку просветата и културата големосрпската буржоаска власт како и онаа за време на окупацијата сакаше да ја спроведува својата денационализаторска и асимилаторска политика. Ваквите состојби беа причина за застој на образовниот процес по неговиот процут во годините на преродбата.

Слободниот национален развиток на културно-просветната дејност во Македонија ја започна својата историја уште во виорот на НОАВМ, во време на жестоки борби на партизанските единици со окупаторите и со домашните предавници. Со невиден ентузијазам и самопрегор, со совладување на бројните тешкотии, започна да се создава новата историја на културно-просветната дејност, да се остварува вековниот идеал на македонскиот народ-неговите деца да се школуваат и просветуваат на својот мајчин македонски јазик, да ги доживуваат и уживаат своите културни дострели. Во текот на НОАВМ македонската национална култура и просвета го продолжи својот незаширлив процес на дефинитивна историска афирмација. Политиката на КПЈ за " националност и државност " за југословенските народи во идната југословенска федерација, ги претставуваше, изразуваше и реално ги штитеше и македонските национални интереси и затоа НОАВМ со себе ги носеше и наметнуваше и национално културно-просветните вредности на ма-

кедонската нација. Во Македонија, преку народноослободителното движење и врз основа на македонскиот народен говор, се развиваше една нова реална автохтоно-македонска културно-просветна реалност. Публикувањето на весници на македонски јазик, отворањето на училишта на македонски јазик најнапред во Западна Македонија, воведувањето на македонскиот јазик во богослужбата, присутност на македонскиот јазик во целокупната културно-театарска активност, користењето на македонскиот јазик како писмен и усмен во текот на НОАВМ не само што имале позитивно влијание во развојот на сенародното антифашистичко движење во Македонија, туку се ширеше и афирмираше националната просвета и култура во Македонија.

Од поголемиот број одлуки, донесени на Првото заседание на АСНОМ, две од нив имаат посебно значење за развојот на културната и просветната дејност во Македонија. Тоа најпрво е Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија, во која беше прецизирана обврската на младата држава на планот на просветата: Вториот акт е Решението на АСНОМ за заведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава. Тоа беа документи од особена историска важност за македонскиот народ, бидејќи за првпат во македонската историја беа донесени акти со државно-правен карактер, со кои се санкционира правото на образование во сите степени. Македонскиот јазик го смени својот историски статус. Од најупотребуван јазик, секогаш прогонуван, оспоруван, македонскиот јазик стана официјален (државен јазик) во Македонија. Македонскиот јазик се кодифицира, се издигна на ниво на литературен јазик и почна незапирливиот процес на сестран развој на културно-просветната дејност. Одлуките на Првото заседание на АСНОМ од областа на културно-образовната сфера ги следеше една позитивна каузална динамика. Президиумот на АСНОМ, во периодот меѓу Првото (2.08.1944) и Второто заседание на АСНОМ (28.12.1944) има одржано 15 седници, а на седум од нив е дискутирано за проблемите на културата и просветата. На седницата на Президиумот на АСНОМ, на 6 август 1944 година беше формирано Поверенство за просвета. И веќе на Третата седница на Президиумот, одржа-

на од 2 до 5 септември 1944 година во Св. Прохор Пчински, на дневен ред биле поставени многу значајни прашања и донесени важни одлуки кои се од посебна важност за развојот на просветата и културата.

Една од приоритетните задачи на органите на власта и на Партијата била, по пат на низа мерки и акции, да се надмине наследената културна заостанатост. Со новите револуционерни промени целокупната база во културно-просветниот живот (сите средства од областа на културата и просветата, културните институции, училиштата и сл.) станале сопственост на државата. Во овој период органите на народната власт, а особено нејзините просветни органи, и во областа на културата и просветата се судриле со низа проблеми од сериозна природа. Тоа бил големиот процент на неписмено население (67, 5 % од населението над 10-годишна возраст било неписмено), потоа разрушени и оштетени историски споменици, цркви и други верски објекти, училишта и други културно-просветни објекти, недостиг на стручен наставен кадар и сл.

Главни цели на новата културно-просветна политика биле: ликвидирање на наследената културно-просветна заостанатост, радикални демократски промени во културата и просветата, ликвидација на идеолошките остатоци од ненародните режими, воспитување на народните маси во социјалистички дух, како и нивно културно и просветно издигнување. Материјални средства за обнова и изградба на културно-просветните објекти биле доделувани од сојузните, републичките и локалните институции на народната власт, како и од страна на месното население. Во периодот на првите повоени години, биле постигнати евидентни резултати во спроведувањето на новата културно-просветна политика.

Во почетокот на првата слободна учебна година во Македонија биле затекнати само околу 337 учители и околу 140-150 лица професори, главно Македонци, додека од албанското и од турското национално малцинство, имало мошне мал број наставни кадри. За изведувањето на наставата во новоотворените училишта, покрај малиот број квалификувани учители, биле ангажирани и лица со разновидни училишни квалификации и разновидни сте-

пени на образование. Паралелно со мерките за обезбедување на привремени наставни кадри, во февруари 1945 година, во Скопје била отворена и првата македонска учителска школа. Таа примала ученици од сите краеви на Македонија. Меѓутоа, со натамошното отворање и ширење на мрежата на основните училишта, единствената учителска школа не можела да ги задоволи потребите, и затоа во следната учебна 1945/46 година била отворена учителска школа во Битола, а една година подоцна во Штип. Во учебната 1946/47 година, при учителската школа " Никола Карев " во Скопје биле формирани паралелки на албански и турски наставен јазик.

За релативно кусо време во Македонија значително бил зголемен бројот на основните училишта, и тоа не само на четиригодишните, туку и на седумгодишните односно на осумгодишните училишта. Зголемен бил бројот и на учениците што подлежат на задолжително школување, а со тоа и бројот на наставниот кадар. Во учебната 1944/45 година во Македонија имало 927 основни училишта со 83.097 ученика и 1.856 наставници. Во учебната 1950/51 година бројот на основните училишта изнесувал 1.463, ученици- 143.087, наставници-2.548. Зголемувањето на наставниците, од една и постојните училишни закони, од друга страна, според кои основното училиште било задолжително, пресудно влијаеле врз поизразеното зголемување на бројот на учениците во повоените години. Во овој развоен период и во областа на воспитно-образовната дејност се реализира рамноправноста на националните малцинства што живеат во Македонија. Својот однос кон националните малцинства народната власт го базирала врз основа на одлуките на Второто заседание на АВНОЈ. Културно-просветната политика социјалистичка по содржина се спроведувала низ разни форми. Така поставената културно-просветна политика овозможувала брз културно-просветен развој на националните малцинства.

Во Македонија во првите години по војната за релативно кусо време се развило организирано средно образование и воспитание. Особено се развило гимназиското образование.

Овој период се одликува со општествена грижа и определба високото об - разование што побрзо да се развива и да ја остварува својата значајна функција во создавањето на високостручни и научни кадри потребни за сестран развој и афирмација на Народна Република Македонија. Забрзано се развивала мрежа на високообразовни организации. Владата на Македонија, во 1946 година го формирала првиот факултет во слободна Македонија-Филозофскиот факултет во чиј состав влегле историско-филозофскиот оддел и природно-математичкиот оддел, а во 1947 година биле формирани Медицинскиот и Земјоделско-шумарскиот факултет. Овие три факултети го сочинувале првиот Универзитет во Републиката, што официјално бил формиран со Законот за Универзитетот во Скопје, донесен од Народното собрание на Народна Република Македонија, на 26 јануари 1949 година. Истата година, на 24 април, било одржано Првото универзитетско собрание. Во 1949 година, започнал со работа Техничкиот факултет со одделите за архитектура и градежништво, во 1950 година бил основан Економскиот факултет, а една година подоцна, во неговите рамки започнал да работи и правниот оддел со што овој факултет прераснал во Правно-економски факултет.

Ваквиот значителен подем на македонското национално школство бил резултат на напорите на органите на власта, а посебно на просветните кои воделе правилна доследна политика, настојувајќи да ја прошират мрежата на училишта на сите степени на образование. Брзото ширење на школството во Македонија било и резултат на ентузијазмот и желбата на народот за доаѓање до свои училишта, во кои наставата се изведува на мајчин јазик, кој во минатото бил сопиран и негиран.

Целите и задачите на културно-просветната политика биле остварени и во областа на народното просветување кое низ своите многубројни форми го подигнувало образовното ниво на населението, го проширувал кругот на корисниците на книгата и сл. И покрај извесните слабости и тешкотии во работата на народното просветување биле постигнати значајни резултати.

Речиси сите позначајни настани во политичкиот живот на земјата имале

свој одраз и во културно-просветната политика. Нејзиниот карактер го одредувале: обновата како продолжување на револуционерниот процес во новонастанатите услови и развојот на културно-просветните појави и процеси врз нова основа; индустријализација на земјата со јакнење на државата и централистичкото планирање како единствен пат за да може земјата да се извлече од наследената стопанска и културно-просветна заостанатост; судирот со Информбирото со своите противречности: до максимум изразена централизација и бирократизација во културната политика на една, и критичките преиспитувања на дотогашниот начин на работа и напуштање на користениот модел на друга страна; развој на самоуправувањето со појава на нови идеи, и децентрализација и демократизација на културно-просветниот живот.

Културно-просветната политика има своја хронологија. Во нејзе можат да се забележат три фази. Првата трае до 1948 година. Тоа е моделот на културно-просветната политика изграден за време на НОАВМ, а прилагоден на нови услови по ослободувањето. На неговото формирање битно влијаеле три елементи: административно-централистичкото управување на федерацѕјата со југословенските републики, со слично такво управување на републичките органи со локалните органи на власта во културата и просветата; потребите на обновата и индустријализацијата; и советското теориско и практично искуство. Тој се карактеризира во централистичко планирање и финансирање, институционализација, масовно народно просветување и со примена на теоријата на социјалистичкиот реализам и теоријата на одраз во уметничкото творештво.

По судирот со Информбирото (1948), многу нешта се измениле. Низа елементи наговестиле нова фаза во културно-просветната политика. Тоа бил период во кој се барале и изнаоѓале теоретски решенија за напуштање на стариот модел, но во пракса тоа доста претпазливо се применувало и тешко се прифаќало, во овој период имало многу противречности. Првпат критички се отфрла советскиот модел на културата (социјалистички реализам и теоријата на одразувањето), се бара отфрлање на туѓите организациони фор-

ми и практични искуства, се врши делумна децентрализација во финансирање на културно-просветната политика, се отфрли ставот дека со административни мерки може да се менува човековата свест со што е доведен во прашање дотогашниот метод на работа.

Промените во начинот на раководење и во финансирањето, свртувањето на нови уметнички правци, жива културна соработка, размена на идеи со светот и новиот однос кон културното наследство ја одредиле 1951 година како почеток на една нова културно-просветна политика.

# БИБЛИОГРАФИЈА (Користени извори и литература)

## I. ИЗВОРИ

а) Архив на МАНУ, Скопје, фондови:

- Јован Костовски
- Крум Тошев

б) Државен архив на Македонија (ДАРМ), Скопје, фондови:

- АСНОМ
- Министерство за просвета на НРМ (1945-1953)
- ЦК КПМ (1944-1945)
- ЦК СКМ, Агитпроп комисија

в) Одделение за документација на Институтот за национална историја, фондови:

-АВНОЈ

-НОБ

## II. ЛИТЕРАТУРА


1. АСНОМ- педесет години македонска држава 1944-1994, Зборник МАНУ-ИНИ, Скопје 1995.

2. АСНОМ, документи, т. I, кн. 1-2, Скопје.

3. Ачкоска Виолета " Првите чекори на просветната политика во НРМ со посебен осврт на Велес и Велешко (1944-1950) ", сп. Велес, Друштво за наука и уметност Велес, год. VI, бр. 6.

4. Ачкоска Виолета, " Македонија во југословенската федерација 1943-1991 ", хронологија, ИНИ, Скопје 2001.

5. Ачкоска Виолета, " Братството и единството 1944-1974 година помеѓу хармонија и дисхармонија ", ИНИ, Скопје 2003.

6. Ачкоска Виолета, " Задолжителниот откуп во Македонија 1945-1953 година ", Скопје 1995.

7. Ачкоска Виолета, " Политиката и историографијата 1944-1998 ", Македонската историска наука- достигнувања и проблеми, Прилози од научниот собир одржан во Скопје на 17-19 ноември 1998 година. Скопје 2000.

8. Ачкоска Виолета, " Советското влијание врз историското образование во Народна Република Македонија 1945-1948 година ", Руско-македонски јазични, литературни и културни врски 3, Материјали од Третата македонско-руска научна славистичка конференција, Охрид, 9-11 август 2001. Скопје 2006.

9. Велјановски Новица, "Македонија 1945-1991 Државност и независност" ИНИ, Скопје 2002.

10. Велјановски Новица, " Административно-централистичкиот период во државно-правниот развој на Македонија (1945-1953) ", Скопје 1992.

11. Велјановски Новица, " АСНОМ- културолошки рефлексии ", Скопје 2005.

12. Весковиќ- Вангели д-р Вера, " Марксистичкото образование во Народноослободителната војна и Револуцијата на Македонија (1941-1945), Prosveta i školstvo u Narodnooslobodilačkom ratu i revoluciji naroda i narodnosti Jugoslavije, Novi Sad 1984.

13. Јурукова Нада, " Културно-просветни појави во Македонија ", ИНИ, Скопје 2003.

14. Јурукова Нада, " Основното воспитание и образование во Македонија (1944- 1950) ", Скопје 1990.

15. Катарџиев Иван, " Историја на македонскиот народ " т. 4, ИНИ, Скопје 2000.

16. Киселинов Ѓорѓи, " Библиотекарството во минатото во Македонија ", Скопје, 1956.

17. Конески Блаже, " За развитокот на македонскиот литературен јазик ", Белград 1958.

18. Конески Блаже, " За донесување на македонската азбука и правопис ", " Македонски јазик " I, 5, 1950.

19. Конески Блаже, " Историја на македонскиот јазик ", Скопје 1965.

20. Конески Блаже, " За македонскиот литературен јазик ", Скопје 1967.

21. Лазаров Лазар, " Просветната политика на НР Македонија од 1944-1956 година, со посебен осврт на местото и на улогата на општествено-

политичките организации “, “ Просветно дело “ год XXXIX, бр. 1-2, Скопје 1984.

22. Петреска Даринка, “ 60 години Институт за историја- 60 години историско образование и наука во Република Македонија (1946-2006) “, 60 години Институт за историја, Меѓународна конференција “ Македонија и соседите “ Скопје 08-09.12.2006 година. Скопје 2010.

23. Ристески Стојан, “ Создавањето на современиот македонски литературен јазик “, Скопје 1988.

24. Универзитет “ Св. Кирил и Методиј “, Скопје, Република Македонија 2006.

25. Филолошки факултет: 1946-1996: монографија. Скопје: Филолошки факултет, 1996

26. Филозофски факултет- педесет години: 1946-1996. Скопје: Филозофски факултет, 1996.

27. Štih Bojan, “Borba protiv nepismenosti- važan zadatak partijskih organizacija“, 1949.

28. 65 години Министерство за образование и наука на Република Македонија 1949-2009, Скопје 2009.

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................................................ стр. 1

ГЛАВА I- Утврдување и кодификација на македонскиот литературен јазик, азбука и правопис ........................................................................ стр. 4

ГЛАВА II- Подготовки, отворање и развој на основните училишта во Народна Република Македонија ..................................................стр. 12

ГЛАВА III- Развој и карактеристики на средното образование во Народна Република Македонија ..................................................................стр. 27

ГЛАВА IV- Појава и одлики на високообразовните институции во Народна Република Македонија ..................................................................стр. 44

ГЛАВА V- Форми на народно просветување и организирање на аналфабетски курсеви во Народна Република Македонија ................стр. 61

ГЛАВА VI- Отворање, значење и улога на народните универзитети во Народна Република Македонија ..........................................................стр. 77

ГЛАВА VII- Појава, развој и одлики на библиотекарската дејност во Народна Република Македонија ..................................................................стр. 89

ЗАКЛУЧОК ......................................................................................стр. 100

БИБЛИОГРАФИЈА...........................................................................стр. 107

СОДРЖИНА.......................................................................................стр. 110